Во согласност со законската регулатива, континуираното професионално усовршување за сметководителите и овластените сметководители се спроведува според Правилникот за континуирано професионално усовршување донесен од Институтот на сметководители и овластени сметководители и Годишна програма за континуирано професионално усовршување која за изработува за секоја календарска година и истата е усогласена со програмите за континуирано професионално усовршување на други професионални тела од областа на сметководството, ревизијата, финансиите, даноците и работните односи.

Континуираното професионално усовршување претставува преземање на прифатливи активности кои придонесуваат за континуирано професионално усовршување кои резултираат со очекуван развој на стручното знаење, умешност, вредности, етика и ставови на сметководителите и/или овластените сметководители, како и активности релевантни за нивната сегашна и идна работа и стручни обврски.[15]

Како прифатливи активности за континуираното професионално усовршување за сметководители и овластени сметководители претставуваат:

- обуките од областа на меѓународните стандарди за финансиско известување и законската регулатива во Република Северна Македонија релевантна за вршење на сметководствени работи,
- присуство на меѓународни семинари, работилници, симпозиуми и други видови организирана едукација, претходно одобрени од Институтот,
- учество како предавач на предходно спомнатите настани,
- објавување статии во домашни публикации со каталогизација во Национална и универзитетска библиотека и меѓународни стручни публикации, претходно одобрени од Институтот, менторство при практична обука од областа на сметководството на студенти со потпишан договор меѓу институцијата и физичкото лице овластениот сметководител –ментор, сметководител - ментор или друштвото за водење на сметководство, трговец поединец – овластен сметковдител, трговец поединец – сметководител.
- менторство на магистранти и докторанти од областа на сметководството и ревизијата со потпишан договор меѓу институцијата и физичкото лице овластениот сметководител – ментор, сметководител - ментор или друштвото за водење на сметководство, трговец поединец - овластен сметководител и трговец поединец - сметководител;
- менторство при практична обука од областа на сметководството и ревизија на сметководствен приправник кое е вработено или има статус на практикант согласно со Законот за вршење сметководствени работи и
- други облици на континуирано професионално усовршување утврдени со акт на Институтот во согласност со Законот за вршење ссметководствени работи.

Заклучок

Со цел обновување, проширување и осовременување на стручното знаење, а во согласност со Законот за вршење на сметководствени работи, Правилата на Меѓународната федерација на сметководители, како и Кодексот за етика на професионалните сметководители и одредбите на Меѓународните стандарди за образование, воведен е концептот на задолжително континуирано професионално усовршување за сите сметководители и овластени сметководители. Преку концептот на континуирано професионално усовршување и едукација, сметководителите и

[15] Годишна програма за континуирано професионално усовршување, (2025), Институт на сметководители и овластени сметководители

овластените сметководители, се стекнуваат со неопходните знаења но истовремено ја исполнуваат законската обврска во однос на предвидените минимални стандарди за задолжително професионално усовршување. Континуираното професионално усовршување за сметководители претставува континуиран процес на постојано учење и усовршување што им овозможува на сметководителите и овластените сметководители да ги прошират стекнатите професионални знаења и вештини. Оваа форма на професионална едукација има голема важност во професионалниот развој на сметководителите и овластените сметководители и е законска обврска но и потреба за сметководителите и овластените сметководители да се стекнат со знаења за новите законски прописи, регулативи, технологијата и добрите практики во сметководството.

Литература

- Knezević S., Mitrović A, Cvetković D., The role of auditing profession in detecting frauds in financial statements, NBP, Journal of Criminalistics and Law Vol. 24, No. 2 2019, 24(2): 97–109.
- Закон за трговски друштва на РМ- (Пречистен текст) Службен весник на Р.М. бр. 28/04, 84/05/ ,25/07 87/08,42/10,48/10,24/11 и 166/12.
- American Accounting Association(1966) A Statement of Basic Accounting Theory, Evanston III,p.1
- Magdinceva-Sopova Marija and Stojanovska-Stefanova Aneta (2022) *Претприемништво во услови на Ковид пандемија: нови практики, стратегии и политики*. Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век : Зборник на трудови, 5 (1). pp. 58-65. ISSN 978-608-244-891-6
- Milojević S., Mitrović A, Magdinceva-Sopova M. Intelektualni kapital u zdravstene organizacije:Trendove i znacaj, Revizor, God.26, Br.104
- Закон за вршење на сметководствени работи Закон за вршење на сметководствени работи- "Службен весник на Република Македонија"бр. 173/2022
- Магдинчева-Шопова М.(2020), Сметководство, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, стр.34
- Правилник за Континуирано професионално усовршување, (2024) Институт на сметководители и овластени сметководители, член 4
- Магдинчева-Шопова М.,Стојановска Стефанова А.(2021) Политики за развој на родово претприемништво. Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика, 1 (1). pp. 53-57. ISSN ISSN 2671-3969
- Годишна програма за континуирано професионално усовршување(2025), Институт на сметководители и овластени сметководители

УДК: 005.6:334.72(497.7)

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНКА НА СТАБИЛНОСТА И СПОСОБНОСТА НА ПРОЦЕСИТЕ

Елизабета Митрева[1]

[1]Универзитет Гоце Делчев, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија,
E-mail elizabeta.mitreva@ugd.edu.mk

Апстракт

Истражувањето во овој труд има за цел да понуди нов модел во организацијата на деловните процеси преку проактивно работење кое започнува со анализа на деловната организираност, потоа се продолжува низ анализата на барањата на интерните и екстерните купувачи, а се завршува со детално дефинирање на процесот. Управувањето со процесите како клучен фактор за освојување на купувачите, значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволството на потрошувачите и профитот.

Стремежот на македонските организации е во правец на создавање услови за пласман на македонските производи/ услуги со повисок квалитет на светските пазари. Усвојување и имплементација на предлог методологијата што се предлага во овој труд, а се однесува на оценката на стабилноста и способноста на процесите може да доведе до нивно унапредување, сè со цел да се остварат што е можно повисоки деловни резултати на задоволство на сите заинтересирани страни.

Клучни зборови: *менаџмент, квалитет, оптимизација, деловен процес, унапредување.*

Вовед

Во потрага по активна национална стратегија за излез од кризата, се наметнуваат многу прашања; дали за економскиот развој на дадена земја е доволно само таа да се ослободи од минатото, или е неопходно истовремено да се прифатат нови стратегии кои ќе креираат пробој кон нови повисоки цели, перформанси и вредности. Во исто време, треба да се даде и шанса на домашното образование, на способните, млади и креативни кадри од земјата и странство, да се подигне технолошкиот развој на повисоко ниво. Иако филозофијата на тоталниот менаџмент на квалитет е длабоко навлезена во многу индустрии и деловни сфери на европските и други земји, таа е недоволно присутна во нашата земја и останатите земји во развој. Особено критичен момент е долгорочноста на оваа филозофија, кога профитот не доаѓа „преку ноќ“ (Mubaraki, 2012).

Во таа смисла, овде се предлага модел – интегрална методологија за успешно проектирање и имплементирање на систем на тотален менаџмент на квалитет во организации. Моделот треба да биде универзален, применлив во сите организации, независно од дејноста што се обавува. Придобивките што се очекуваат од имплементацијата немаат само едукативен карактер, туку неговата практична примена ќе доведе до зголемување на ефикасноста и продуктивноста на организациите и нивен одржлив развој преку постојано унапредување на деловните процеси (Mitreva, 2011). Самиот модел е репрезентативна и едноставна реалност кој ќе се користи во деловното работење на нашите организации, без разлика на која стопанска гранка и припаѓаат.

Литературна обработка

Организацијата која го прифатила тоталниот менаџмент на квалитет (ТМК) како филозофија на работење не само што работи, туку и размислува на поинаков начин. Промената на културата која ја предизвикува имплементацијата на оваа филозофија создава и основа за стандардите на перформансите. Управувањето со квалитетот значи поголема партиципација на вработените во идентификација и решавање на проблемите, во самото поставување на

стандардите и во напорите вложени за континуирано подобрување. Целиот процес започнува со анализа на деловната организираност, потоа се продолжува низ анализа на барањата на интерните и екстерните купувачи, а се завршува со детално дефинирање на процесот (Ochieng, et al. 2015).

Секојдневна практика на секој вработен не треба да биде само контролата во работењето, туку вработените мора да бидат обучени да делуваат превентивно, а не да се окупирани со детекција; мора да имаат одговорност и моќ да ги коригираат своите грешки и да го изнесуваат секој проблем во врска со квалитетот што ќе го откријат. Најважен дел од проектирањето и имплементацијата на интерната стандардизација претставува дефинирањето на деловните процеси. Организацијата мора најпрво да го дефинира основниот процес, потоа процесите на поддршка и управувачките процеси. Постапката на дефинирање на процесот се одвива на начин да можат да се утврдат најважните елементи на секој процес до најситни детали (Mitreva, et al. 2016; Cagnin, et al. 2021; Chen, et al. 2016).

Процесно ориентираната организација најголемо внимание посветува на организирање на процесите и нивно мрежно поврзување, со цел да се зголеми ефикасноста, а тоа доведува и до зголемување на деловните резултати.

Доброто управување со деловните процеси дава најдобра слика за квалитетот на работењето на претпријатието, бидејќи се забрзува самиот процес на реализација на деловната стратегија и се овозможува извршување на деловните цели на највисоко ниво на задоволство на врвниот менаџмент на организацијата (Fonseca & Domingues, 2018)

Процесите се опишуваат со стандардни оперативни процедури (СОП) и упатства кои можат да се прикажат преку Карта на текот (flow chart) или Блок дијаграм во кој е обединет Деминговиот круг заснован на кружниот тек: планирај-изврши-провери-корегирај и CE - пристапот (Cause and Effect) или QC-CE модел (Чепујноска, 2009; Mitreva, 2011).

При пишувањето на документите, со промена на обликот и содржината, доаѓа до промена на организационата структура, реинженеринг на деловните процеси, сè со цел компанијата да се прилагоди на новите барања. Промените се однесуваат пред сè на новиот начин на групирање на организационите делови (единици), делегирање на обврските и одговорноста, координација, комуницирање. Секоја активност треба да биде испланирана детално. Оваа активност вака испланирана треба да се спроведе, а добиените резултати треба да се проверат, дали се такви како што се очекуваат. Доколку не се, мора да се преземат корективни активности кои се внесуваат во првата активност – планирањето. Тогаш кругот одново почнува да се врти. Основа на QC - концептот е Deming-ов круг, а CE - пристапот (причини и последици) е најпогоден за опфаќање на сите елементи и фактори кои се битни за извршување на секоја задача од системот. Дијаграмот CE (причини-последици) овозможува да се земат предвид сите влијанија за извршување на задачата и тоа: Што? Кој? Кога? Како? Каде? Кому? одговара во функционирањето на системот на квалитет. Добиениот QC-CE модел е применлив за извршување на сите активности во сите сегменти на претпријатието, без разлика на специфичноста во работата. Тоа значи, точно дефинирање на секое работно место, при што е одговорено на прашањата: Кои? Што? Каде? Кога? Зошто? Како? (Mitreva, 2011).

Преку QC-CE моделот за квалитет се дефинираат обврските и одговорностите. На тој начин се создаваат правила на однесување и се постигнуваат добри меѓучовечки односи. Овој модел овозможува постојани подобрувања, што е основа на филозофијата за тотален менаџмент на квалитет. На ваков начин се стандардизираат сите деловни процеси во компанијата, преку SOP ((Чепујноска, 2009; Chepujnoska, et al. 2008; Mitreva, 2011).


Кога Deming-ов круг ќе се вгради во секоја функција во организацијата, ќе се дојде до спиралата на квалитетот, која може да се објасни со кружно поврзување на сите функции во претпријатието, при што секоја функција се остварува со дефинираниот квалитет (Deming & Karakašević, 1996). Спиралата на квалитетот е база на системот на интегрално управување со квалитет, кој е воведен во секој сектор од претпријатието и покрај разновидниот карактер на деловните процеси. Во оваа спирала од посебно значење ќе биде повратната информација во поглед да се евидентира и елиминира причината за грешка. Ваквиот стил на работа е суштина во политиката на ЗЕРО – дефект (Чепујноска, 2009).

За многу организации, имплементацијата на ISO 9001 е прв чекор кон TQM (Bravi & Murmura, 2022). Надградбата на ISO 9001:2015 со TQM стратегијата значи подобрување на квалитетот преку испитување на организациските процеси во правец не само на дефинирање на процесот, подобрување на процесот и дизајн на процесот, туку и подобрување на продуктивноста и оптимизирање на трошоците. Конкурентските предности често се одлучувачки за развојот и користењето на системот за обезбедување квалитет (Budayan & Okudan, 2022).
Одлуката за развој на системот за обезбедување квалитет може да оди во чекор со растот на компанијата и со зрелата концепција на тоталното управување со квалитет, како совршен мозаик. Понатаму следи предлог интегрална методологија за проектирање и имплементирање на ТМК системот во организации.

Предлог интегрална методологија за проектирање и имплементирање на ТМК системот во организации

Стратегијата на тотален менаџмент на квалитет (ТМК) темелена на овој модел значи интеграција на информатичката технологија со интерната стандардизација, методите и техниките за бездефектно работење, оптимизација на трошоците, како и образование и мотивација на вработените во кои е присутен тимскиот дух. Темел во креирањето на овој модел е редизајнот, односно реинженерингот на деловните процеси, после што, се почнува со нова фаза во деловното работење - континуирано унапредување, односно вртење на Деминговиот круг на квалитет. Моделот може да се примени после утврдување на постојната состојба на организацијата, кога ќе се утврдат сите аномалии на деловното работење (Mitreva, 2011; Mitreva, et al. 2016). Интегралната методологијата за проектирање и имплементирање на системот на квалитет започнува со желбите и потребите на купувачите/корисниците, а завршува со мерење на нивното задоволство и со мерење на деловните резултати на компанијата. Интегралната методологија е прикажана преку три фази, Сл. 1:

- Анализа на деловното работење и опкружување на компаниите;
- Редизајн, реинженеринг на деловните процеси;
- Анализа и оценка на постигнатите резултати.



Сл.1: Развојни фази во имплементацијата на предлог интегрална методологија за проектирање и имплементирање на ТМК систем во организации (Mitreva, 2011)

Фаза 1: Во првата фаза се врши анализа на деловното работење и опкружување на компанијата и опфаќа повеќе чекори:

- ✓ Утврдување на способностите и слабостите на компанијата преку SWOT анализа;

- ✓ Дефинирање на мисијата, визијата и стратегијата на компанијата;
- ✓ Утврдување на целите поврзани со остварување на финансиските резултати и задоволството на купувачите/ корисниците, како и стратегијата за патот на изведба и очекуваните резултати;
- ✓ Методологија за унапредување на знаењето и прифаќање на ТМК филозофијата.

Фаза 2: Во втората фаза се проектира редизајнот, реинженерингот на деловните процеси, со примена на универзална, интегрална методологија за проектирање и имплементирање на ТМК систем со интеграција на соодветни методологии:

- ✓ Методологија за проектирање и имплементација на интерната стандардизација преку утврдување на клучните деловни процеси и нивните подделови, креирање стандардни оперативни процедури (SOP), утврдување на обврските и одговорностите на сите вработени;
- ✓ Методологија за градење менаџерски тимови кои ќе учествуваат во проектирањето и имплементирањето на сите потсистеми од ТМК системот;
- ✓ Методологија за градење систем на мотивација;
- ✓ Методологија за примена на ТМК стратегијата користејќи методи и техники на квалитетот;
- ✓ Методологија за оптимизација на трошоците на квалитет.


Фаза 3: Во третата фаза се врши анализа и оценка на постигнатите резултати преку:

- ✓ Споредба на остварено со планираното;
- ✓ Анализа на трошоците на квалитет;
- ✓ Финансиска анализа;
- ✓ Мерење на задоволството на купувачите/корисниците;
- ✓ Мерење на задоволството на доставувачите;
- ✓ Мерење на задоволството на вработените;
- ✓ Мерење на задоволството на заедницата;
- ✓ Награди за успешните;
- ✓ Ширење на клима за уште поголеми успеси.

Примената на информатичката технологија е неопходност во проектирањето и имплементирањето на системот на квалитет во компании. Без активно учество на врвниот менаџмент и нивна посветеност и одлучност нема промени, бидејќи сè започнува и завршува од врвот.

Моделот – методологијата која се предлага во овој труд е интегрална и универзална што значи дека е применлива во сите организации без разлика на која стопанска гранка и припаѓаат, а успехот од нејзината примена ќе зависи само ако се постигне интеграција на информатичката технологија со: интерната стандардизација, методите и техниките за бездефектно производство, системот за анализа на трошоците и со континуирано образование и мотивација на вработените да се обезбеди конкурентска предност (Mitreva, 2011). Интегралната методологија за проектирање и имплементирање на ТМК системот има и повратна врска како резултат од неопходноста од перманентно унапредување на деловните процеси, сл. 2.

УДК: 005.6:334.72(497.7)



Сл. 2: Предлог интегрална методологија за проектирање и имплементирање на ТМК системот во организации (Mitreva, 2011)


Интегралната методологија за проектирање и имплементирање на ТМК системот ја сочинуваат повеќе методологии: Методологија за потсистемот – интерна стандардизација; Методологија за потсистемот - статистичка процесна контрола (СПК); Методологија за анализа на вкупните трошоци на даден процес; Методологија за потсистемот – образование; Методологија за оценување на успехот од проектираниот и имплементиран систем по ТМК (Audit). Со повторување или спирално повторување на ваквите циклуси, ќе се видат придобивките од примената, со што се менува и организационата култура кон ваквите иницијативи и претставува поттик кон повисоки цели на совршеност (Mitreva, & Filiposki, 2012,).

За да се изградат ефикасни потсистеми, топ менаџментот мора да создаде деловна клима на кооперација и комуникации, бидејќи, секоја идеа покрај тоа што претставува потенцијал за подобрување или иновација, истовремено генерира и нови идеи. Планот за проектирање и имплементирање на потсистемите треба да биде наједноставен начин да се распределат задачите во одреден временски рок и по одреден редослед за да може да се заврши работата успешно и на време, а најупотребувана алатка е користење гантограм. Проектирањето на потсистемите од системот по ТМК е тимска работа и во средините во кои не се почитуваат правилата на тимската работа, може да се оцени како неприфатлив.

Поради обемноста на материјата, во трудот ќе биде елаборирана само методологијата за потсистемот - статистичка процесна контрола (СПК).

Методологија за потсистемот - статистичка процесна контрола (СПК)

Обезбедувањето квалитет во организациите е сврзано не само со работа на луѓето, туку и со машините, технологијата на производните процеси и др., па затоа е неопходна и контрола со која ќе се оценува стабилноста и способноста на производните процеси. Но контролата сама по себе не е доволна. Потребно е постојано да се подобруваат процесите со редуцирање на варијациите. Па, следи дека преку СПК (статистичка процесна контрола) не се мери само моменталниот перформанс на процесите, туку таа дава основа за подобрување на истите. Самиот тек на градење на потсистемот на статистичка процесна контрола се одвива преку следниве активности, сл.3



Сл. 3: Тек на процесот на проектирање на потсистемот на СПК

Тек на процесот на проектирање на потсистемот на СПК се реализира преку следните чекори:

- **(Планирај) 1 чекор:** План за проектирање и имплементирање на потсистемот за статистичка процесна контрола.
- **2 чекор:** Избор на членови на тимот.

Тимот е одговорен за проектирање и имплементација на потсистемот за бездефектно работење. При изборот на членовите на тимот, неопходно е да се земат стручни и компетентни луѓе кои, со своето искуство, знаење и вештини ќе овозможат добро проектирање на потсистемот за оценка на стабилноста и способноста на процесите, со цел да со нив се управува и да тие се рационализираат.

- **3 чекор**: Образование на членовите на тимот за сите методи и техники за бездефектно производство.

Методите и техниките за бездефектно работење се користат на сите нивоа на менаџментот заради: оценка на деловните резултати, оптимизација, оценка на стабилноста и способноста на процесите, за откривање и спречување на дефектите во работењето и др., па следи дека, сите овие нивоа треба да се образуваат и обучат за ефикасна примена на истите.

На стратегиско ниво потребно е образование и обука за примена на сложените методи и техники за управување со квалитетот како: FMEA (Process Failure Mode and Effects Analysis) анализата, QFD (Quality Function Deployment) методата, електронското управување со податоци, интерен аудит, техничко мрежно планирање, планирање на експеримент, анализа на трошоци на квалитет и др.

На тактичко ниво потребно е образование и обука за примена на статистичките методи за оптимизирање на трошоците, методите за предвидување на квалитетот, методите за определување на визијата на компанијата за развој, планираниот експеримент и др.

На оперативно ниво потребно е образование и обука за примена на статистичките методи за оценување на способноста и стабилноста на процесите, корелацијата, регресијата, дисперзијата, контролните карти, зависноста на показателите на квалитетот на производот од факторите на производство и др.

На рутинското ниво потребно е образование и обука на вработените за примена на основните алатки за обезбедување квалитет, како што се: Парето дијаграмот, Ишикава дијаграмот, Пока – Јока методата, картата на тренд, и сите методи кои работниците можат лесно да ги разберат и применат во работењето. Најкорисни методи се самоконтролата и Пока – Јока методата.

- **(Направи) 4 чекор:** Во овој чекор се применуваат различни методи и техники за поставените задачи и утврдената цел во компанијата. Сѐ понагласена е примената на софтверски пакети, како брзи и едноставни за примена.

Има различни видови методи и техники за бездефектно работење кои би можеле да се применат:

- методи за откривање на местото каде се случуваат најголем број (процент) дефекти;
- методи за откривање на причините за создавање дефекти;
- методи за следење на текот на процесите;
- методи за донесување одлуки;
- методи за оценување на стабилноста и способноста на процесите;
- методи за оцена на зависноста помеѓу својствата;
- методи за оцена на дисперзијата на својствата и др.

Овие методи и техники за бездефектно работење се применија во практика, при што се оствари дефинираниот квалитет, се заштитија купувачите/ корисниците од дефектни производи, а со тоа се зголеми конкурентноста на фабриката на пазарот, профитабилноста, се подобри квалитетот, се смалија дефектите и трошоците во работењето, се зголеми задоволството и учеството на вработените во одлучувањето. Ова упатува на фактот за универзалната примена на оваа методологија во практиката, независно на која стопанска гранка и припаѓаат компаниите.

Со анализа на операциите кои даваат најголем број рекламации, треба да се отстранат неправилностите кои предизвикуваат дефекти, а тие можат да произлезат од факторите: човек, машина, алат и др.

За да се утврдат причините за загубите што настанале од рекламации на репарираните делови се примени Ишикава дијаграмот.

- **6 чекор:** Изработка на формулари за собирање на податоци од СПК.

Документите и другите акти што содржат информации за стабилноста и способноста на процесите можат да бидат пишувани, пренесувани и примени со различни средства. Формуларите треба да се:

- едноставни;
- лесни за компјутерска обработка;
- разбирливи за вработените.

По собирањето на сите податоци, потребен е табеларен или графички приказ, со претходно уредување. Документацијата од применетите статистички методи е драгоцена за оформување на досиејата за квалитет.

- **7 чекор:** Проектирање на потсистемот за СПК во компанијата.

Во потсистемот за управување со СПК во компанијата треба да е дефинирано:

- што треба да се контролира;
- местото каде ќе се собираат, евидентираат и анализираат резултатите;
- лицата кои се задолжени за собирање, евидентирање и анализа на резултатите;
- начинот на кој ќе се искажуваат резултатите;
- патот на информациите;
- изградувањето и реализацијата на политиката на проверка на квалитетот;
- изработување, операционализирање и остварување на планот и програмата за проверка на квалитетот;
- определување и остварување на начинот, постапката и средствата за контрола на квалитетот на материјалите и производите кои влегуваат и излегуваат од компанијата.

- **(Провери) 8 чекор:** Проверката и евалуацијата на ефектите од примената на СПК се однесува на:

- студија на процесите;
- анализа на процесите, каде со помош на примената на методите и техниките на СПК за бездефектно производство се оценува стабилноста на процесите;
- процесна контрола на квалитет;
- контрола на квалитетот на материјалите, деловите, потсклоповите и склоповите на производите.

- **(Коригирај) 9 чекор**: Оценување на потребата од корективни мерки во проектираниот потсистем на СПК.

Врз основа на проверката и евалуацијата на ефектите од примената на СПК се предлагаат корективни мерки за унапредување на потсистемот со унапредување на: нормите; показателите; методите и инструментите на контрола на квалитетот.

И кругот повторно почнува да се врти.

Дел од овие методи се применија во практика за оценка на стабилност на процесите, бројот/процентот на дефектите, стабилноста на машините, да се откријат причините за создавање дефекти и варијации и сл. За да оваа методологија биде ефикасна е неопходна примена на информатичката технологија. Оваа методологија има и повратна врска како резултат од неопходноста од перманентно унапредување на деловните процеси.

Наместо заклучок

Оние организации кои веќе имаат имплементирано систем за менаџмент на квалитет, како и примена на статистичката процесна контрола, анализа на трошоците на квалитетот и избор на соодветни луѓе за реализација на сите дејности, согласно образованието, мотивацијата и нивната способност, имаат поголемо ниво на подготвеност за прифаќање на новата филозофија на тоталниот менаџмент на квалитет (Mitreva, et al. 2015; Mitreva, et al. 2020).

Деловниот успех и одржливиот развој на организациите се должи на целосното владеење со квалитетот во сите деловни процеси, при најмали трошоци на работење, како резултат на тимското работење, интегрирање на знаењето на сите вработени, нивната техничка и стручна оспособеност, креативност, иновативност и одговарачко организациско однесување. Со тимското решавање на проблемите се подобрува и тимската работа во секој проект што несомнено ќе доведе до подобри резултати. Сите заедно решаваат и сите заедно подобруваат. Зголемениот квалитет е заслуга на целиот тим .

Организациите кои ги применуваат методите и техниките за бездефектно работење постигнале подигање на нивото на квалитетот во сите деловни процеси, намалување на сите видови трошоци, намалување на цената на производите, создавање доверба кај купувачите/корисниците, подигнување на знаењето кај вработените. Истовремено овие компании покажуваат зголемена мотивираност на нивните вработени, зголемена продуктивност, како и присуство на повеќе пазари (Mitreva, et al. 2015).

Организациите кои негуваат редовна обука и тренинг на сите вработени создаваат услови да вработените полесно ги прифаќаат промените, полесно се адаптираат на новите услови, успешно управуваат со деловните процеси и функции, а со тоа, придонесуваат да се зголеми конкурентската предност на организацијата на пазарот.

Оваа методологија не само што ќе даде успех во имплементацијата на подобрувањето на деловните процеси во нашите компании, туку ќе ја подигне свеста на вработените за квалитетот и нивната насоченост кон зголемување на задоволството на купувачите/корисниците. Но, без поддршка на топ менаџментот и без вклученост на сите вработени, сите напори за подобрување ќе бидат залудни.

Со оваа интегрална методологија се нуди токму поддршката на топ менаџментот, здобиена поради прикажување на резултатите од имплементацијата на дел од методологиите во некои наши компании, и вклученост и посветеност на секој вработен, поради тоа што токму извршителите на процесите се оние кои ги подобруваат истите (Mitreva, et al. 2019a).

Треба да се нагласи дека придобивките од воведувањето на овој модел не се гледаат веднаш, туку на подолг временски рок. Но, тоа не треба да е една од причините за откажување на почетната иницијатива, бидејќи квалитетот е долгорочен процес. Придобивките од примената на ваквиот модел не се само зголемување на посветеноста на топ менаџментот и вработените кон подобрување на процесите, туку задоволство на купувачите, вработените, акционерите, доставувачите, заедницата како и зголемување на деловните резултати на компаниите, што понатаму ќе послужи како погонска сила за континуирани подобрувања (Mitreva, et al. 2017).

Сепак треба да се има предвид дека без образование за овие области и континуирано образование најпрво на менаџерите, а потоа, преку нив, на сите вработени, не би можела да се примени оваа методологија и поред тоа, не би можеле да се оценуваат наведените придобивки од системот за квалитет.

Покрај образованието, мотивацијата е исто така значајна моторна сила за остварување на системот за тотален менаџмент на квалитет (Mitreva, et al. 2015).

Референци

1. Bravi, L., & Murmura, F. (2022). Evidences about ISO 9001: 2015 and ISO 9004: 2018 implementation in different-size organisations. *Total Quality Management & Business Excellence, 33(11-12)*, 1366-1386.
2. Budayan, C., & Okudan, O. (2022). Roadmap for the implementation of total quality management (TQM) in ISO 9001-certified construction companies: Evidence from Turkey. *Ain Shams Engineering Journal, 13(6),* 101788.
3. Chepujnoska, V., Mitreva, E., & Chepujnoski, G. (2008). QC-CE-PYRAMID model in the designing of the information system within a company. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 27(2),* 163-168.
4. Cagnin, F., Oliveira, M. C. D., & Cauchick Miguel, P. A. (2021). Assessment of ISO 9001: 2015 implementation: focus on risk management approach requirements compliance in an automotive company. *Total Quality Management & Business Excellence, 32(9-10),* 1147-1165.
5. Chen, C. K., Anchecta, K., Lee, Y. D., & Dahlgaard, J. J. (2016). A stepwise ISO-based TQM implementation approach using ISO 9001: 2015. *Management and Production Engineering Review,* (4).
6. Deming, V. E., & Karakašević, V. (1996). *Kako izaći iz krize*. Grmeč.
7. Fonseca, L. M., & Domingues, J. P. (2018). Empirical research of the ISO 9001: 2015 transition process in Portugal: Motivations, benefits, and success factors. *Quality Innovation Prosperity, 22(2)*, 16-45.
8. Mubaraki, M. (2012). Application of total quality management principles in small and medium firms. *European Scientific Journal, 8(*25).
9. Mitreva, E. (2011). Model-integral methodology for successful designing and implementing of TQM system in Macedonian companies. *International Journal for Quality Research, 5(4*), 255-260.
10. Mitreva, E., & Filiposki, O. (2012). Proposal methodology of the subsystem-internal standardization as part of TQM system. *International Journal for Quality Research*, *6*(3), 251-258.
11. Mitreva, E., Taskov, N., & Crnkovic, S. (2015). Application of methodology for business process improvement in specialized diagnostic laboratory. *Business and Management, 7(1).*
12. Mitreva, E., Cvetkovik, D., Filiposki, O., Taskov, N., & Gjorshevski, H. (2016). The Effects of Total Quality Management Practices on Performance within a Company for Frozen Food in the Republic of Macedonia. *Tem Journal*, *5*(3), 339.
13. Mitreva, E., Taskov, N., Filiposki, O., Lazarevski, I., Srebrenkoska, V., & Gjorshevski, H. (2017). Measuring the Business Results in the Macedonian Companies. *TEM Journal, 6(3)*, 558.
14. Mitreva, E., Gjurevska, S., Taskov, N., & Gjorshevski, H. (2019a). Application of methods and techniques for free production in a company for manufacture of bread and bakery products. *Quality-Access to Success, 20(171),* 141-145.
15. Mitreva, E., Sazdova, J., & Gjorshevski, H. (2019b). Quality management system applications in the hotel industry in Macedonia. *Quality-Access to Success, 20(170),* 68-72.
16. Mitreva, E., Gorkov, P., Gjorshevski, H., & Tushi, B. (2020). Application of the Total Quality Management (TQM) Philosophy in a Macedonian Air Conditioning Company. *Quality-Access to Success, 175(21),* 45-51.
17. Ochieng, J., Muturi, D., & Njihia, S. N. (2015). The impact of ISO 9001 implementation on organizational performance in Kenya. *The TQM Journal, 27(6),* 761-771.
18. Чепујноска, В. (2009). *Менаџмент на квалитет, теорија, наука и практика.*

УДК: 656.96.025.4.022:339.543.32(73) 656.96.025.4.022:339.543.32(510)

ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА ЛОГИСТИЧКИТЕ РУТИ И АДАПТАЦИЈА НА ШПЕДИТЕРСКИТЕ КОМПАНИИ КАКО ОДГОВОР НА ЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ

Драшко Атанасоски[1], Мимоза Серафимова[2], Славица Ристовска[3]

[1]Редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев'' Штип, drasko.atanasoski@ugd.edu.mk

[2]Редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев'' Штип, mimoza.serafimova@ugd.edu.mk

[3]Студент на втор циклус на студии, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев'', Штип, slavica.217189@student.ugd.edu.mk

Апстракт

Во услови на зголемени геополитички тензии и протекционистички економски политики, царинските бариери стануваат сè почест инструмент на трговска регулација. Овој труд ги анализира стратегиите за пренасочување на логистичките рути и адаптацијата на шпедитерските компании како реакција на овие бариери. Истражувањето се фокусира на конкретни примери од глобалната трговија, како што се трговската војна меѓу САД и Кина, и влијанието на новите царински режими врз испораката, времето на транспорт и оперативните трошоци. Се разгледуваат и технолошките иновации, алтернативните коридори, како и диверзификацијата на пазарите и снабдувачките синџири како клучни адаптивни механизми. Трудот нуди критичка проценка на одржливоста на овие стратегии и нивната улога во обезбедување на континуитет на логистичките процеси во нестабилна регулаторна средина. Заклучокот е дека флексибилноста, дигитализацијата и проактивното планирање се неопходни предуслови за конкурентноста на шпедитерските компании во ерата на зголемена царинска фрагментација.

Клучни зборови: алтернативни коридори, дигитална логистика, адаптивни стратегии, снабдувачки синџири

1. ВОВЕД

Глобалната трговија во последната деценија е сведок на зголемена нестабилност, предизвикана од геополитички тензии, ревизионистички економски политики и повторно активирање на протекционизмот. Наместо либерализација на трговијата, во пораст е користењето на царински бариери како инструмент на економска и политичка моќ. Овој тренд е особено изразен со политиките на администрацијата на Доналд Трамп (2017–2021), чија „America First" агенда иницираше обемна трговска војна меѓу САД и Кина, но и нови рестриктивни пристапи кон трговијата со ЕУ и други региони. Иако дел од тие мерки се институционално намалени, нивното влијание продолжува да ја дефинира логистичката реалност на глобалните пазарни актери.

Како дел од тие политики, воведувањето на минимален царински праг од 800 американски долари за увоз на мали пратки значајно влијаеше врз е-трговијата и го промени оперативниот модел на многу шпедитерски компании, принудувајќи ги да развиваат нови адаптивни стратегии. Покрај тоа, сè почесто царинските бариери се користат не само за економска заштита, туку и како инструмент за политички притисок и геоекономско влијание, што дополнително ја зголемува регулаторната неизвесност во која логистичкиот сектор мора да функционира.

Во ваков контекст, шпедитерските компании и логистичките оператори се принудени да ги пренасочуваат своите рути, да редизајнираат синџири на снабдување и да инвестираат во технолошка трансформација. Преку проактивно планирање, користење на алтернативни коридори и прилагодување на оперативните капацитети, тие се обидуваат да го зачуваат континуитетот на испораките, да ги минимизираат трошоците и да останат конкурентни на пазарот.

Целта на овој труд е да ги анализира конкретните механизми на пренасочување на логистичките рути и адаптација на шпедитерските компании во услови на царинска фрагментација. Фокусот е ставен на емпириски примери од трговски конфликти, регулаторни промени и пазарни адаптации, со цел да се извлечат применливи заклучоци и препораки за идната политика и деловна пракса.

2. ЦАРИНСКИ БАРИЕРИ КАКО РЕГУЛАТОРЕН ПРЕДИЗВИК

Царинските бариери претставуваат еден од најстарите и најчесто користените инструменти на трговската политика. Во современиот контекст, нивната улога прераснува од класична заштита на домашното производство во стратешка алатка за геоекономско влијание, со што значајно се менува регулаторниот пејзаж за логистиката и шпедицијата.

2.1 Видови царински бариери и нивна економска логика

Царинските бариери можат да бидат тарифни (директно оданочување на увозни стоки) и нетарифни (квоти, лиценци, технички стандарди, антидампинг мерки итн.). Нивната примарна функција е заштита на домашната индустрија, балансирање на трговскиот биланс и стимулирање на локалното производство. Но, тие често водат кон вештачко поскапување на увозот, дисторзија на пазарот и промена на логистичките текови.[1]

2.2 Пример: Царинската политика на администрацијата на Доналд Трамп

Во периодот 2017–2021, САД ја радикализираа својата трговска политика под водство на претседателот Доналд Трамп. [2]Воведени беа високи тарифи на челик и алуминиум (25% и 10%), воведени беа тарифи на кинески производи во вредност од над 370 милијарди долари, а новите договори (USMCA наместо NAFTA) содржеа построги правила за потекло на стоката. Овие мерки резултираа со:

- Пренасочување на набавки од Кина кон Виетнам, Мексико и други пазари
- Зголемување на оперативните трошоци за американските шпедитерски компании
- Потреба од постојана правна и царинска евалуација на новите трговски патишта

[1] World Trade Organization (WTO). (2023). World Trade Report: Re-globalization for a Resilient, Inclusive and Sustainable Economy.
[2] Bown, C. P. (2020). The US–China trade war and Phase One agreement. Peterson Institute for International Economics Working Paper 20-9.

2.3 Минималниот праг од 800 американски долари

Од 2016 година, САД го зголемија де minimis прагот – минималната вредност под која увозот е ослободен од царински давачки – на 800 USD.[3] Ова овозможи драстичен раст на мали пратки, особено преку платформи како AliExpress, Shein и Amazon. Последиците вклучуваат:

- Околување на класичните шпедитерски канали преку експресни услуги
- Промена на моделите на испорака (B2C наместо B2B)
- Намалување на вкупниот удел на царинските приходи, но и сериозен притисок врз домашните производители

Некои земји, како Канада и земји од ЕУ, почнаа да размислуваат за ревизија на сопствените прагови поради нерамноправна конкуренција.

Сепак, во мај 2025 година, дојде до значајна регулаторна промена. Администрацијата на претседателот Доналд Трамп го укина de minimis прагот од 800 долари за сите пратки со потекло од Кина и Хонг Конг, како дел од поширока стратегија за ограничување на кинескиот извоз и борба против нелегални синтетички супстанции. Со ова, секоја пратка – без разлика на нејзината вредност – стана предмет на царински давачки, иницијално поставени како 120% тарифа или алтернативно фиксна такса од 100 долари по пратка, со планирано зголемување на 200 долари по 1 јуни 2025 година.

По краток период и дипломатски преговори, на 14 мај 2025, беше постигнат договор за ревизија на мерките: тарифите беа намалени на 54%, додека фиксната такса од 100 долари остана активна, а зголемувањето беше суспендирано. Оваа рестрикција останува специфична само за Кина и Хонг Конг, додека за сите останати земји de minimis прагот од 800 долари сè уште важи.

Овие промени имаат сериозни импликации за логистичките оператори, платформите за е-трговија и крајните потрошувачи. Шпедитерските компании мораа итно да ги ревидираат своите модели на обработка на пратки, царинска документација и тарифи, а истовремено да се справуваат со порастот на жалби, враќања и трошоци за складирање. Воедно, ова ја истакнува ранливоста на меѓународната е-трговија од политички одлуки, дури и кога станува збор за стоки со релативно ниска вредност.

Во денешниот мултиполарен свет, царинските бариери се сè повеќе употребувани не само за економски интереси, туку и како дипломатско оружје. [4]Примери вклучуваат:

- Тарифи против сојузници (ЕУ, Канада) со цел притисок во други области (одбрана, енергетика)
- Блокади и ограничувања на критични суровини како литиум или полупроводници
- Реципрочни мерки меѓу САД и Кина, кои ги потресоа глобалните синџири на снабдување

Во ваков амбиент, шпедитерските компании се наоѓаат во средиштето на геоекономските флуктуации, и се принудени на постојано приспособување кон фрагментирани и брзо променливи царински режими.

[3] U.S. Customs and Border Protection (CBP). (2023). De Minimis Value Increases to $800 under Section 321 of the Trade Facilitation and Trade Enforcement Act.
[4] Farrell, H., & Newman, A. (2022). Weaponized Interdependence and the New World Order. Foreign Affairs, 101(1), 48–61.

3. ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА ЛОГИСТИЧКИТЕ РУТИ

Во услови на зголемени царински бариери и нестабилни трговски односи, логистичките оператори и шпедитерските компании се принудени да ги променат традиционалните трговски и транспортни патишта. Пренасочувањето на логистичките рути не е само оперативна мерка, туку и стратешка неопходност која влијае врз целокупната поставеност на глобалните синџири на снабдување.

3.1 Избегнување на тарифно погодени коридори

Со воведувањето на нови царински давачки, многу компании започнаа активно да избегнуваат коридори погодени од тарифи, со цел да го намалат влијанието врз нивните цени и времето на испорака. [5]Овој процес се реализира преку:

- Пренасочување на морски карго-линиии кон пристаништа со помали царински контроли
- Редирекција на аеродромски карго-сообраќај кон држави со поволни билатерални договори
- Промена на почетната точка на производство или пакување со цел избегнување на „правила за потекло“ (rules of origin)[6]

Овие практики станаа особено изразени по ескалацијата на трговската војна меѓу САД и Кина, каде што многу американски увозници почнаа да ја редефинираат својата логистичка инфраструктура.

Неколку земји профитираа од пренасочувањето на глобалната трговија, со зголемен проток на стока и нови инвестиции во логистичка инфраструктура:[7]

- Виетнам се позиционира како алтернатива за увоз од Азија, со нагло зголемување на извозот кон САД во текстил, електроника и мебел.
- Мексико, благодарение на договорот USMCA, стана дестинација за „nearshoring“ – пренос на производство поблиску до крајниот пазар.
- Источна Европа, особено Полска, Унгарија и Романија, бележи раст во користење на железнички и копнени рути како замена за класичните пристанишни коридори.

Овие примери демонстрираат како геополитичката флексибилност, царинските преференци и инфраструктурната поврзаност стануваат критични фактори при избор на рута.

3.2 Влијание врз времето на испорака и транспортни трошоци

Пренасочувањето на логистичките рути ретко поминува без последици врз испораките и цените. [8]Во најголем број случаи, тоа значи:

- Продолжување на времето на испорака поради вметнување дополнителни точки на пренос
- Зголемени трошоци за гориво, осигурување и царинско посредување

[5] Bown, C. P., & Irwin, D. A. (2021). Trump's Trade War: The Pain and the Gain. Foreign Affairs, 100(3), 22–33.
[6] World Bank. (2023). Reshaping Global Value Chains in the Aftermath of Geoeconomic Fragmentation.
[7] UNCTAD. (2023). World Investment Report: Investment in Sustainable Supply Chains.
[8] DHL Logistics Trend Radar. (2022). Emerging Logistics Trends and Future Scenarios.

- Нестабилност на цените за краткорочни договори, што директно влијае на шпедитерските маржи и потребата од ревизија на договори со клиенти

Некои компании прибегнуваат кон „мултимодални решенија“, комбинирајќи железнички, воздушен и копнен транспорт за балансирање на времето и трошоците.

4. АДАПТАЦИЈА НА ШПЕДИТЕРСКИТЕ КОМПАНИИ

Во услови на растечки царински бариери, политички нестабилности и нарушени глобални синџири на снабдување, шпедитерските компании се соочуваат со сериозен предизвик: како да обезбедат континуитет, сигурност и ефикасност во испораката, при тоа одржувајќи ја својата конкурентност и профитабилност. Одговорот лежи во спојот на оперативна флексибилност, технолошка трансформација и стратешко прилагодување кон новите геоекономски услови.[9]

Адаптацијата започнува со реорганизација на основните логистички процеси. Многу компании воведоа мултимодални решенија – комбинирајќи копнен, воздушен и морски транспорт – со цел да избегнат тарифи, блокирани рути или ризични региони. [10]Се редизајнираат дистрибутивните мрежи, складиштата се релоцираат поблиску до клучните пазари, а се инвестира и во зголемена царинска експертиза во рамки на самите компании. Овие оперативни прилагодувања ја прават логистиката поотпорна и подинамична, но и бараат значителни ресурси и адаптивност.

Паралелно со физичките промени, се одвива и длабока дигитална трансформација. Шпедитерите сè повеќе користат напредни платформи за проследување на пратки во реално време, предиктивна логистика и автоматизирано управување со ризик. [11]Технологијата овозможува не само транспарентност и ефикасност, туку и проактивно предвидување и реагирање на потенцијални прекини – било да се работи за нови царински режими, геополитички конфликти или природни катастрофи. Оваа дигитализација ги трансформира шпедитерите од обични посредници во податоци-информирани стратешки партнери.

Друг важен сегмент на адаптацијата е диверзификацијата – како на добавувачи, така и на целни пазари.[12] Компаниите активно соработуваат со клиентите на редизајн на глобалните синџири на снабдување, со намалена зависност од едно географско подрачје. Производството се префрла во повеќе различни земји, се развиваат нови пазари, а шпедитерите добиваат нова улога како консултанти за глобално позиционирање. Nearshoring и friendshoring стануваат не само геополитички стратегии, туку и логистички реалности.

Конечно, клучен елемент на адаптацијата е проактивното менаџирање на ризик.[13] Шпедитерските компании сè повеќе користат сценарио-планирање, моделирање на царински трошоци и развивање на резервни рути. Преку вклучување во стратегиското планирање на клиентите уште во почетните фази, тие обезбедуваат стабилност и брза реакција на промените. Овој пристап претставува јасен одраз на новата улога на шпедитерите – не само како превозници, туку како клучни актери во управувањето со глобалниот трговски ризик.

[9] International Transport Forum (ITF/OECD). (2022). Navigating Disruption: How Logistics Firms Adapt to Crises.
[10] World Economic Forum. (2023). Resilience in Transport and Logistics: A Framework for Supply Chain Preparedness.
[11] Flexport. (2023). Technology as a Driver of Predictive Supply Chains.
[12] UNCTAD. (2023). Reshoring, Nearshoring and Diversification of Global Value Chains: Implications for Trade and Transport.
[13] Maersk. (2023). Building Resilient Supply Chains: Risk Planning in a Fragmented World.

5. КРИТИЧКА ПРОЦЕНКА НА ПРИМЕНЕТИТЕ СТРАТЕГИИ

Адаптацијата на шпедитерските компании кон царинските бариери и глобалната трговска нестабилност несомнено демонстрира високо ниво на оперативна иновативност и стратешка флексибилност. Сепак, потребна е подлабока проценка на одржливоста, издржаноста и правичноста на овие стратегии, особено во контекст на различните профили на компании и комплексните меѓународни регулативи.[14]

Од аспект на одржливост и долгорочни ефекти, некои од применетите практики – како постојано пренасочување на рути, мултиплицирање на добавувачи и континуирана технолошка надградба – иако ефикасни на краток рок, можат да доведат до преоптовареност на ресурсите, зголемена логистичка сложеност и оперативен замор.[15] Исто така, постојаното „скокање“ помеѓу различни регулаторни околини носи правна несигурност и ризик од неусогласеност. Стратегиите што се базираат на реакција наместо на долгорочна визија, ризикуваат да станат нефункционални кога глобалните трговски текови ќе се стабилизираат или радикално сменат.

пристап, базиран на заштита на природните ресурси, поддршка на локалната економија и промоција на културното наследство, ќе обезбеди долгорочен раст и стабилност на секторот. Заклучно, винскиот туризам претставува не само економска можност, туку и шанса за зајакнување на националниот идентитет, промоција на македонската култура и традиција, како и создавање на инклузивна и одржлива туристичка индустрија што ќе донесе корист за сите засегнати страни.

Референци:

1. Blazheska, Daliborka, and Meri Nickova. "Creating Marketing Strategies for Development of the Wine Tourism." *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management Sciences*, vol. 6, no. 4, 2016, pp. 177–184.
2. Carlsen, Jack, and Steve Charters. *Global Wine Tourism: Research, Management and Marketing*. CABI, 2006.
3. David, Fred R., and Forest R. David. *Strategic Management: A Competitive Advantage Approach, Concepts and Cases*. 17th ed., Pearson, 2017.
4. Kwietniewska, Anna, and Tomasz Charzynski. "Enotourism in North Macedonia – current state and future prospects." *Geography and Tourism*, vol. 8, no. 1, 2020, pp. 25–34. https://repozytorium.umk.pl/handle/item/6331.
5. Metodijeski, Dejan, et al. *Study on Wine Tourism in the Republic of North Macedonia*. University Goce Delcev - Stip, 2020. https://eprints.ugd.edu.mk/24152/1/EN%20Studija%20VINSKI%20turizam.pdf.
6. Republic of North Macedonia Ministry of Economy. *National Strategy for Tourism Development 2023–2027*. Prepared by Kohl & Partner, https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Kohl%20%26%20Partner_Tourism%20Strategy%20Macedonia_DRAFT%20FINAL%20REPORT_16%2002%2023_E.pdf.
7. Wines of Macedonia. “Key Figures.” *Winesofmacedonia.mk*, 2023, https://winesofmacedonia.mk/key-figures.
8. "North Macedonia – A New Wine Story." *JancisRobinson.com*, 2021, https://www.jancisrobinson.com/articles/north-macedonia-new-wine-story. Accessed 25 Apr. 2025.
9. "Wine Regions in North Macedonia." *Wein.plus Wine Guide*, https://wineguide.wein.plus/wine-regions/north-macedonia. Accessed 25 Apr. 2025.
10. "Exploring the Wines of North Macedonia with Slow Wine." *SlowFood.com*, https://www.slowfood.com/blog-and-news/exploring-the-wines-of-north-macedonia-with-slow-wine. Accessed 25 Apr. 2025.
11. "Wine Country Northern Macedonia." *WineTourism.com*, https://www.winetourism.com/wine-country/northern-macedonia. Accessed 25 Apr. 2025.
12. "Wine in North Macedonia Trade." *OEC World*, 2023, https://oec.world/en/profile/bilateral-product/wine/reporter/mkd.
13. "North Macedonia's wine industry faces huge losses due to coronavirus-related fall in sales." *IntelliNews*, 2020. https://www.intellinews.com/north-macedonia-s-wine-industry-faces-huge-losses-due-to-coronavirus-related-fall-in-sales-189832/
14. "Analysis of Wine Tourism Offer in North Macedonia." *ResearchGate*, 2021. https://www.researchgate.net/publication/358551043_ANALYSIS_OF_WINE_TOURISM_OFFER_IN_NORTH_MACEDONIA

УДК: 341.645.2:796.332.087(4-672EU)”2023”

СПОРТОТ ПОМЕЃУ СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ И ПРАВОТО НА КОНКУРЕНЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Ивица Јосифовиќ
Редовен професор
Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип
ivica.josifovik@ugd.edu.mk

Игор Камбовски
Редовен професор
Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип
Igor.kambovski@ugd.edu.mk

Апстракт
Слободното движење на услугите е една од четирите слободи на кои се заснова единствениот пазар, додека правото на конкуренција е една од најекплоатираните политики на Европската унија. Трудот ја разработува пресудата на Судот на правдата на Европската унија од декември 2023 година која се однесува на случајот покренат од неколку фудбалски клубови против фудбалските организации ФИФА и УЕФА. Имено, неколку европски фудбалски клубови, спротивно на статутите на ФИФА и УЕФА, кои не дозволуваат создавање на дополнителни натпреварувања надвор од оние веќе организирани од овие две организации, започнаа создавање на таканаречена Суперлига која ќе биде составена од најдобрите европски фудбалски клубови. Создавањето на Суперлигата предизвика закани од страна на УЕФА и ФИФА, не само кон клубовите кои сакаат да бидат дел од овој проект, туку и кон играчите кои се дел од овие клубови. За таа цел, тимовите кои сакаат да бидат дел од Суперлигата покренаа постапка пред Судот на правдата на Европската унија против УЕФА и ФИФА заради злоупотреба на нивната доминантна позиција на пазарот, повреда на правото на слободно движење на услугите и повреда на правилата за конкуренција. Дополнително, трудот ја разработува и пресудата на Трговскиот во Мадрид од април 2024 година по враќањето на случајот пред националниот суд од страна на СПЕУ. Во заклучокот, авторите даваат свое видување за тоа како ваквиот проект ќе влијае на фудбалската игра, на односот на клубовите со ФИФА и УЕФА, но и како ќе влијае на најважниот дел, а тоа се навивачите.
Клучни зборови: *фудбал, Суд на правда, конкуренција, слободно движење, суперлига*

1. Вовед

На 18 април 2021 година, во согласност со шпанското законодавство, е формирана Компанија за Европска Суперлига (КЕСЛ), на почетокот составена од дванаесет фудбалски клубови. Компанијата, преку 12 големи европски фудбалскиклубови, го објави создавањето на Европската Суперлига (ЕСЛ), како европско фудбалско натпреварување кое треба да постои независно од системот регулиран од Меѓународната фудбалска федерација (ФИФА) и Унијата на европски фудбалски асоцијации (УЕФА), како управни тела на светскиот и европскиот фудбал.

Во својот оригинален формат, ЕСЛ е предвидена да биде полузатворена со 20 клубови, од кои 15 ќе бидат постојани клубови, а останатите тимови ќе се квалификуваат на годишно ниво. Притоа, формиран е Спортски менаџмент А22 за да ги спонзорира и да им помогне на основачките членови во создавањето на ЕСЛ. Клубовите би играле меѓу себе, прво во групна фаза, а потоа и во формат на елиминации, но бе можност од испаѓање на крајот од секоја сезона.

Создавањето на КЕСЛ и формирањето на ЕСЛ крена голема прашина во фудбалскиот свет бидејќи УЕФА и неколку национални фудбалски асоцијации издадоа соопштенија со кои одбија да ја признаат ЕСЛ и притоа упатија предупредувања за дисциплински мерки против клубовите и играчите кои ќе бидат дел од ЕСЛ, меѓу кои забрана за натпреварувања организирани од ФИФА и УЕФА, како и претставување на националните тимови. Само 48 часа

по официјалното објавување, повеќето клубови, особено оние од Англија, ја укинаа поддршката за ЕСЛ и се повлекоа од проектот. Исто така, и навивачите, играчите и политичарите го изразија своето противење на предлогот со заклучок дека создавањето на ЕСЛ е штетно за фудбалот.[1]

Како резултат на ваквите закани од УЕФА, КЕСЛ поднесе тужба до Трговскиот суд во Мадрид, тврдејќи дека тоа претставува прекршување на членовите 101 и 102 од ДФЕУ.[2] Трговскиот суд ја прифати постапката на КЕСЛ и издаде заштитни мерки за да ги спречи УЕФА и ФИФА да воведат дисциплински санкции додека трае постапката и го упати предметот до СПЕУ во постапката по претходно одлучување. Судот во Мадрид упати прашања кои, во суштина, се однесуваат на тоа дали системот за претходно одобрување за нови натпреварувања и механизмот за санкционирање содржани во нивните соодветни Статути се компатибилни, како со правото на конкуренција во согласност со членовите 101[3] и 102[4] од ДФЕУ, така и со одредбите за слободно движење согласно членот 56 од ДФЕУ.[5]

> Член 101 гласи: 1. Како некомпатибилно со внатрешниот пазар се забранува следното: сите спогодби меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласени практики кои може да влијаат на трговијата меѓу државите-членки и кои имаат за своја цел или резултат спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата во рамките на внатрешниот пазар, а особено оние кои: (а) директно или индиректно ги одредуваат купопродажните цени или некои други трговски услови; (б) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарите, техничкиот развој или инвестициите; (в) ги делат пазарите или изворите на набавки; (г) применуваат различни услови за исти трансакции со други трговски страни, и на тој начин ги поставуваат тие страни на понеповолна конкурентна положба; (д) склучуваат договори во зависност од прифаќањето на другите страни на дополнителни обврски коишто по својот карактер или според трговската примена немаат никаква врска со предметот на тие договори. 2. Секоја спогодба или одлука што се забранува според овој член се смета за неважечка. 3. Одредбите од став 1 може да се прогласат за неприменливи во случај на: - спогодба или категорија на спогодби меѓу претпријатија; - одлука или категорија на одлуки на здруженија на претпријатија, - усогласена практика или категорија на усогласени практики, кои придонесуваат кон подобрување на производството или дистрибуцијата на стоки или промовирање на технички и економски напредок, овозможувајќи им на потрошувачите соодветен удел од крајната придобивка, а притоа: (а) на предметните претпријатија не им наметнуваат ограничувања што не се неопходни за постигнувањето на овие цели; (б) не им даваат можност на таквите претпријатија да ја елиминираат конкуренцијата во однос на значителен дел од предметните производи.
>
> Член 102 гласи: Секоја злоупотреба на доминантна позиција на внатрешниот пазар или на значителен дел од него, од страна на едно или повеќе претпријатија, се забранува како некомпатибилна со внатрешниот пазар, доколку тоа може да влијае на трговијата помеѓу државите-членки. Конкретно, таквата злоупотреба може да се состои од: (а) директно или индиректно наметнување на неправедни куповни или продажни цени или други неправедни трговски услови; (б) ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите; (в) примена на нееднакви услови за еквивалентни трансакции

[1] Union of the European Football Association. (2021). *Statement by UEFA, the English Football Association, the Premier League, the Spanish Football Federation (RFEF), LaLiga, The Italian Federation (FIGC) and Lega Serie A*. https://www.uefa.com/news-media/news/0268-12121411400e-7897186e699a-1000--statement-by-uefa-the-english-football-association-the-pre/.

[2] Consolidated versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the European Union (2016). *OJ C 202*.

[3] Ibid, член 101.

[4] Ibid, член 102.

[5] Ibid, член 56.

> со други трговски партнери, на тој начин ставајќи ги во неповолна конкурентна положба; (г) склучувањето на договори да подлежи на прифаќање на дополнителни обврски од други страни, кои, според нивниот карактер или трговска примена, немаат никаква врска со предметот на таквите договори.
> Член 56 гласи: Во рамките на одредбите утврдени подолу, се забрануваат ограничувања на слободата на давање услуги во рамките на Унијата во поглед на државјаните на државите-членки кои се со седиште во држава-членка, различна од државата на лицето за кое се наменети услугите. Европскиот парламент и Советот, постапувајќи во согласност со вообичаената законодавна постапка, може да ги прошират одредбите од ова поглавје на државјани на трети држави кои обезбедуваат услуги и се со седиште во рамките на Унијата.

На 21 декември 2023 година, Големиот совет на СПЕУ ја донесе пресудата во случајот со ЕСЛ која се однесува на сложената интеракција помеѓу Правото на ЕУ и спортот.[6] Пресудата утврди дека практиките поврзани со претходно одобрување на нови спортски натпревари организирани од трети страни се некомпатибилни со правото на ЕУ. Основна причина за ваквото тврдење е отсуството на транспарентни, недискриминаторски, јасни и прецизни суштински критериуми и процедури.

На овој начин, со пресудата, ФИФА и УЕФА ќе мора да го променат својот начин на дејствување. Но, доколку системот за претходно одобрување се заснова на транспарентни, недискриминаторски, јасни и прецизни суштински критериуми и процедури, како што е утврдено од Судот, тогаш како може ФИФА и УЕФА да одбијат да одобрат ново натпреварување?

2. Мислењето на Генералниот Адвокат Рантос

На 15 декември 2022 година, Генералниот Адвокат (ГА) Рантос го достави своето мислење во постапката по претходно одлучување пред СПЕУ.[7] Во своето мислење, тој застана на страната на ФИФА и УЕФА, за разлика од пресудата на СПЕУ, истакнувајќи дека потребата од претходно одобрување и санкции на ФИФА и УЕФА не се суштински некомпатибилни со членовите 101 и 102 од ДФЕУ. Исто така, ГА утврди дека нивната практика на ограничување на создавањето отцепени фудбалски натпреварувања, сама по себе, не го прекршува правото на конкуренција во ЕУ. Иако наведува дека таквите практики би можеле да претставуваат антиконкурентна практика или злоупотреба на доминантна позиција според членовите 101 и 102 на ДФЕУ, сепак тие би можеле да се оправдаат и да се сметаат за пропорционални, како што се бара со Правото на ЕУ.

Најпрво, мислењето на ГА започнува со разгледување на односот помеѓу Правото на ЕУ и спортот. Повикувајќи се на судската пракса на СПЕУ, ГА ја нагласува конституционализацијата на „Европскиот спортски модел“, вклучително и фудбалот, што доведе до вклучување на членот 165 од ДФЕУ во примарното право на ЕУ преку Договорот од Лисабон[8]. Три елементи може да се идентификуваат во Мислењето: (1) пирамидална структура која во основа го има аматерскиот спорт и на врвот професионалниот спорт; (2) систем на отворени натпревари заснован на спортски заслуги; и (3) режим на финансиска солидарност каде профитот се прераспределува на пониските нивоа на пирамидата. Наместо апстрактно да се анализираат споровите кои вклучуваат спортски контекст, ГА пристапи кон оценување на овие посебни карактеристики, како и на хоризонталната природа на членот 165 од ДФЕУ.

---

[6] Court of Justice of the European Union. (2023). *Judgment of the Court, Case C-333/21 European Superleague Company SL v Unión de Federaciones Europeas de Fútbol (UEFA), Fédération internationale de football association*. ECLI:EU:C:2023:1011.

[7] Court of Justice of the European Union. (2022). *Opinion of Advocate General Rantos, Case C-333/21, European Superleague Company SL v Unión de Federaciones Europeas de Fútbol (UEFA), Fédération internationale de football association.* ECLI:EU:C:2022:993.

[8] Court of Justice of the European Union. (1995). *Judgment of the Court, Case C-415/93 Union Royale Belge des Sociétés de Football Association and Others v Bosman and Others.* ECLI:EU:C:1995:463.

Потоа, се пристапи кон анализа на прашањата упатени од националниот суд. ГА, во ставовите од 64 до 78 од своето Мислење, не утврди повреда на член 101 од ДФЕУ констатирајќи дека правилата на УЕФА кои предвидуваат претходно одобрување и казнување се класифицираат како ограничување на конкуренцијата „по ефект“. Следно, се повика на доктрината за помошни ограничувања, претходно развиена во судската пракса[9]. За ГА, непризнавањето на ЕСЛ е резултат на одредени легитимни цели врз кои се заснова пирамидалната структура на европскиот фудбал, а се однесуваат на принципите на учество, еднакви можности и солидарност. На овој начин, клубовите кои ја основаа ЕСЛ не може слободно да ги користат правата и предностите од членството во УЕФА, без притоа да бидат обврзани со нејзините правила и обврски. Во однос на санкциите, во став 107 до 122, ГА смета дека истите може да се сметаат за пропорционални само кога се насочени против клубови, но не и против самите фудбалери, од причина што тие не се дел од одлуката за основање на ЕСЛ и не се вклучени во однесување кои предизвикува прекршување на правилата на УЕФА.

Што се однесува на членот 102 од ДФЕУ, во став 144 од Мислењето, за ГА исто така нема прекршување што се однесува на доминатната позиција на пазарот, заклучувајќи дека правилата на ФИФА и УЕФА се пропорционални на легитимната цел која сакаат да ја постигнат со одбивањето за основање на ЕСЛ и со самото тоа се оправдани. Исто така, во став 170-186 од Мислењето, нема прекршување ниту на членот 56 од ДФЕУ во поглед на слободното движење на услугите, бидејќи според ГА, механизмот за претходно одобрување, утврден во правилата на ФИФА и УЕФА, е соодветен и неопходен.

Во својот заклучок, ГА Рантос смета дека ФИФА и УЕФА може да утврдат санкции против клубовите кои учествуваат на натпревари или турнири кои не се одобрени или организирани од нив, бидејќи тоа не е во спротивност со правото на конкуреција на ЕУ. Од друга страна, казнувањето на играчите и нивното исклучување е непропорционално и затоа неоправдано.

3. Пресудата *vis-à-vis* Мислењето

Пресудата на Судот е прилично долга и се однесува на анализата на членовите кои беа опфатени и во Мислењето на ГА, поконкретно на членовите 101 и 102 од ДФЕУ, како и членот 56 од ДФЕУ. Истата се обидува, иако не целосно, да даде одговор на неколку прашања, кои првенствено се однесуваат на тоа дали УЕФА може да забрани отцепено натпреварување; дали може да ги казни учесниците во таквото натпреварување; и дали отцепено натпреварување може да биде во идентичен формат и во сопственост на трети страни. Генереално, УЕФА треба да има право да го брани европскиот фудбал, особено со своето легитимно право на користење на својата моќ за да спречи создавање на „затворено“ натпреварување, но нема право да одржува монопол над европскиот модел на спорт.

Во однос на членот 102 од ДФЕУ, прашањето кое го упати националниот суд се однесува на тоа дали одредбата го исклучува усвојувањето на правила за претходно одобрување на отцепени натпреварувања, за учество во тие натпревари и за казни за играчите кои учествуваат во нив во случаи кога нема утврдена рамка во кои се опфатени критериуми и правила за нивна транспарентност, објективност, недискриминација и пропорционалност. Спротивно на Мислењето на ГА, во став 122-139 од пресудата, СПЕУ нагласува дека УЕФА и ФИФА имаат доминантна позиција во вид на монопол на фудбалскиот пазар преку кои организираат фудбалски натпревари на меѓународно ниво. По овие забелешки, СПЕУ се осврна на конкретната расправа.

За СПЕУ, ФИФА и УЕФА не можат да забранат отцепени натпреварувања, а уште помалку да ги казнат клубовите и играчите кои се дел од тие натпреварувања, од причина што во своите статути немаат соодветна рамка со која би се регулирал начинот на нивно создавање, но доколку нивните акти за регулирање на ваквите натпревари ги опфатат забелешките на Судот за транспарентност и објективност, во тој случај тие би биле надлежни за носењето на една таква одлука во иднина. Договорите за ЕУ не ги третираат правилата на УЕФА и ФИФА како посебни во поглед на претходно одобрување и учество во отцепени натпреварувања. Фудбалот во ЕУ има

[9] Court of Justice of the European Union. (2002). *Judgment of the Court, Case C-309/99 Wouters and Others v Algemene Raad van de Nederlandse Orde van Advocaten.* ECLI:EU:C:2002:98.

општественото и културно значење и во согласност со посебните карактеристики мора да постои гаранција дека сите учесници ги имаат истите законски и технички услови. Доколку организацијата и спроведувањето на фудбалските натпревари на меѓународно ниво се предмет на заеднички правила, еднакви можности и заслуги, тогаш може да се утврди начин на кој ќе се регулира претходното овластување на отцепените натпреварувања, учеството на клубовите и играчите, како и казните за оние кои нема да ги почитуваат. Ако постојат такви правила, тогаш тие не би се третирале како повреда на правото на конкуренција. Но, тоа не значи дека ФИФА и УЕФА би имале неограничена дискреција и создавањето на една таква рамка со утврдени правила мора да содржи заштитни мерки со цел истите да не се користат своеволно. Оттука, во став 141-144 од пресудата, СПЕУ утврдува повреда на член 102 од ДФЕУ доколку ФИФА и УЕФА немаат утврдено критериуми и правила кои се транспарентни, објективни, пропорционални и недискриминирачки.

СПЕУ, во став 151 од пресудата, утврдува исполнување на четири барања, до кои ФИФА и УЕФА ќе треба да се придржуваат, за да може да се спречи идна повреда на членот 102 од ДФЕУ. Прво, условите мора да бидат во писмена и достапна форма. Второ, ФИФА и УЕФА не смеат да утврдат построги услови за отцепените натпреварувања од правилата кои ги користат за сопствените натпреварувања. Трето, условите не смеат да бидат такви да доведат до нивна неможност за исполнување или да се премногу тешки за исполнување во пракса. Четврто, санкциите мора да бидат пропорционални и да зависат за секој случај поединечно.

Што се однесува до член 101 од ДФЕУ, кој се однесува на забраната на склучување на договори со кои се спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата, СПЕУ, во став 176-179 од пресудата, ги третира правилата на ФИФА и УЕФА за рестриктивни и со самото тоа спротивни на наведениот член. Тука се прави поврзаност со член 102 од ДФЕУ, нагласувајќи дека специфичната природа на фудбалските натпревари на меѓународно ниво, како и структурата и функционирањето на ФИФА и УЕФА за организација и маркетинг на тие натпревари, упатуваат на потребата од постоење на рамка која ќе содржи правила за претходно одобрување, правила кои треба да бидат објективни, транспарентни, пропорционални и недискриминирачки. Отсуство на вакви правила, ја отвара можноста за злоупотреба од страна на ФИФА и УЕФА како организации кои се овластени да доделуваат, контролираат и поставуваат услови за пристап до фудбалскиот пазар за секое посебно формирано претпријатие. Дополнително, отсуството на утврдена рамка, може да создаде терен во кои ФИФА и УЕФА ќе може да забранат отцепено натпреварување кое се заснова на почитување на принципите, вредностите и правилата, без притоа да ги наведат причините за таквата одлука.

Откако СПЕУ утврди дека правилата на ФИФА и УЕФА се рестриктивни, нивната оправданост може да биде потврдена само доколку спаѓаат во рамки на член 101, став 3 од ДФЕУ. Но, и тука има несигурност кај Судот, изразена во став 191-199 од пресудата, особено во точка (б) од ставот 3 кој се однесува на спогодба, одлука или усогласена практика „не им даваат можност на таквите претпријатија да ја елиминираат конкуренцијата во однос на значителен дел од предметните производи. Како што беше погоре наведено, доколку не постои рамка која е јасна и транспарентна, ФИФА и УЕФА ќе можат, не само да ја ограничат, туку и да ја спречат конкуренцијата која се обидува да организира фудбалски натпревари на ниво на ЕУ. Претходно, во став 185 и 186 од пресудата, СПЕУ се осврна и на „доктрината за помошни ограничувања“, како централен поим во Мислењето на ГА, но повторно со спротивен став, констатирајќи дека овој поим не може да се користи кога конкретно однесување го повредува член 102 од ДФЕУ, додека во однос на член 101 од ДФЕУ, тој не може да се однесува на однесување коешто има како свој „предмет“ спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата.

На крајот, националниот суд упати прашања до СПЕУ и околу тоа дали правилата на ФИФА и УЕФА се исклучени од слободното движење, особено членот 56 од ДФЕУ, прашања кои се разработени во став 242-257 од пресудата. Традиционално, Судот започнува со дефинирање на конкретната слобода, имено слободното движење на услугите. Следно, откако е утврдено дека правилата на ФИФА и УЕФА, поради нивната рестриктивност, се пречка за слободното движење на услугите, Судот ја утврдува нивната оправданост и пропорционалност. Логично, правилата се оправдани доколку се во рамки на јавниот интерес, што значи се почитуваат принципите, вредностите и правилата и дека ФИФА и УЕФА ќе дозволат сите отцепени натпреварувања да бидат интегрирани во системот на нивните натпреварувања, како

национални, така и меѓународни, во согласност со членот 56 од ДФЕУ. Во случај процесот да ги исполнува барањата за објективност, транспарентност и пропорционалност, одбивање на натпревар кој претходно е утврден со претходно овластување, според Судот, може да се случи само доколку истиот не се заснова на спортски заслуги. Сепак, овие цели од јавен интерес не можат да ја оправдаат ваквата рамка доколку не се заснова на критериуми кои се објективни, недискриминирачки и однапред познати, со што ќе се ограничи користењето на дискрецијата на ФИФА и УЕФА. Оттука, правилата се неоправдани во согласност со член 56 од ДФЕУ.

4. Враќање на предметот пред националниот суд

По враќањето на предметот од страна на СПЕУ пред националниот суд за мериторно решавање на претходно покренатата постапка, на сослушувањето во март 2024 година, Трговскиот суд во Мадрид одлучувал околу прашањето дали релевантните одредби од правилата на УЕФА и ФИФА се оправдани според исклучоците од правото на конкуренција што им се достапни според член 101, став 3 од ДФЕУ. Спорот пред Трговскиот суд во Мадрид го покрена А22, структура одговорна за развој на ЕСЛ со три дивизии и 80 европски клубови. Барањето на А22 се потпира на пресудата на СПЕУ од декември 2023 година, кој исто така утврди дека забраната за ЕСЛ е спротивна на Правото на ЕУ, имајќи предвид дека УЕФА нема јасни критериуми за одобрување или одбивање на нови натпреварувања.

Пресудата на Трговскио суд во Мадрид ја следи речиси истата патека како и пресудата на СПЕУ. За Трговскиот суд, ФИФА и УЕФА ја „злоупотребија својата доминантна позиција“ спротивставувајќи се на ЕСЛ како полузатворен натпреварувачки проект. Понатаму, според пресудата, активностите на ФИФА и УЕФА „не беа насочени само кон спречување на развојот на проектот, туку и кон спречување на воведување на одвоено натпреварување од трета страна и измена на монополскиот систем на организација на натпревари. Според Судот: „Не е можно да се наметне забрана или ограничување, односно да се забрани кој било друг проект во иднина ... признавањето на спротивното би значело прифаќање на некаква забрана (...) за кој било проект за фудбалски натпреварувања“ и затоа се бара од ФИФА и УЕФА „да стават крај на нивните „анти-конкурентни практики“ засновани на „неоправдани и непропорционални ограничувања“.[10]

За УЕФА пресудата има и позитивно значење бидејќи ја потврдува валидноста на системот за претходно одобрување што е во сила за натпревари од трети страни одобрени според правилата за овластување на УЕФА. Самата пресуда не значи одобрување на ЕСЛ или давање поддршка на кој било предлог, тврдејќи дека проектот за ЕСЛ е одамна напуштен и дека не може да се очекува одлука за било кои апстрактни проекти. Накратко, пресудата не им дава право на трети страни да развиваат натпревари без овластување и не се однесува на ниту еден иден проект или, всушност, на која било изменета верзија на постоечки проект. Иако пресудата е во корист на заговорниците на ЕСЛ, сепак како резултат на се поголемите реакции од националните фудбалски федерации, фудбалерите и навивачите, како и законските измени во повеќето држави-членки, малку е веројатно е дека ЕСЛ ќе продолжи да се формира во својот оригинален предлог. Од друга страна, обемот на пресудата е неизвесен бидејќи прописите на ФИФА и УЕФА за разгледување на идните барања за нови натпреварувања што го регулираат европскиот фудбал беа изменети во јуни 2022 година, иако новите правила не се засегнати од пресудата на судот во Мадрид.

5. Заклучок

Пресудата на СПЕУ и на Трговскиот суд во Мадрид не успеаа да дадат одговор на најзначајното прашање, бидејќи самиот одговор е тешок: Кој е победник во овој случај?

Правно гледано, КЕСЛ не е целосен победник отколку што може да изгледа на прв поглед. Иако СПЕУ и Трговскиот суд во Мадрд, во своите пресуди, недвосмислено го потенцираат монополското однесување на ФИФА и УЕФА, притоа барајќи раководните тела на

[10] https://www.letemps.ch/sport/football/pour-la-justice-espagnole-la-fifa-et-l-uefa-ont-abuse-de-leur-position-dominante-pour-contrer-le-projet-de-super-league

најголемите фудбалски организации да прегледаат некои од нивните рестриктивни практики, сепак им нудат излез, обезбедувајќи рамка преку која ќе оправдаат некои од нивните практики.

Од системска гледна точка, КЕСЛ покажува дека спортот останува област за научна расправа за правото на ЕУ, област која ги илустрира границите на правото на ЕУ, но која исто така ја покажува нејзината способност да се прилагоди и да ги регулира сложените, глобални економски индустрии. Случајот несомнено ќе доведе до зголемува на бројот на постапки пред СПЕУ поврзани со спортот и правните принципи развиени во ЕСЛ пресудата најверојатно ќе играат централна улога, радикално преобликувајќи го начинот на кој правото на ЕУ комуницира со толку моќна глобална индустрија како фудбалот.

Ефективно гледано, СПЕУ создаде систем кој ќе им овозможи на УЕФА повеќе натпреварувачки турнири на барање на клубовите и националните фудбалски федерации.

Општо гледано, пресудите не се оправдување или одобрување на ЕСЛ, бидејќи и по нивното донесување ниту еден фудбалски клуб јавно не го поддржа отцепеното натпреварување. Многу ќе зависи од ставовите на елитните клубови и навивачите, од изворите на финансирање, како и од умешноста и стратегиите што ги спроведува УЕФА и оние кои би сакале да ја отстранат УЕФА од сегашната позиција на моќ.

Литература

1. Consolidated versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the European Union (2016). *OJ C 202*.
2. Court of Justice of the European Union. (1995). *Judgment of the Court, Case C-415/93 Union Royale Belge des Sociétés de Football Association and Others v Bosman and Others.* ECLI:EU:C:1995:463.
3. Court of Justice of the European Union. (2002). *Judgment of the Court, Case C-309/99 Wouters and Others v Algemene Raad van de Nederlandse Orde van Advocaten.* ECLI:EU:C:2002:98.
4. Court of Justice of the European Union. (2022). *Opinion of Advocate General Rantos, Case C-333/21, European Superleague Company SL v Unión de Federaciones Europeas de Fútbol (UEFA), Fédération internationale de football association.* ECLI:EU:C:2022:993.
5. Court of Justice of the European Union. (2023). *Judgment of the Court, Case C-333/21 European Superleague Company SL v Unión de Federaciones Europeas de Fútbol (UEFA), Fédération internationale de football association*. ECLI:EU:C:2023:1011.
6. https://www.letemps.ch/sport/football/pour-la-justice-espagnole-la-fifa-et-l-uefa-ont-abuse-de-leur-position-dominante-pour-contrer-le-projet-de-super-league
7. Union of the European Football Association. (2021). *Statement by UEFA, the English Football Association, the Premier League, the Spanish Football Federation (RFEF), LaLiga, The Italian Federation (FIGC) and Lega Serie A*. https://www.uefa.com/news-media/news/0268-12121411400e-7897186e699a-1000--statement-by-uefa-the-english-football-association-the-pre/.

СЕСИЈА: ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И ГАСТРОНОМИЈА
SESSION: TOURISM, HOSPITALITY AND GASTRONOMY

УДК: 338.48-043.86:303.72(497.771)"2010/2024"

THE MISCONCEPTION OF TOURISM DEVELOPMENT: ANALYZING CROWDING IN OHRID, NORTH MACEDONIA

Biljana Petrevska[1], Simona Martinoska[2], Mimoza Serafimova[3]
[1]*Full Professor, PhD, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, biljana.petrevska@ugd.edu.mk*

[2]*Full Professor, PhD, Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, St. Kliment Ohridski University - Bitola, North Macedonia, simona.martinoska@uklo.edu.mk*

[3]*Full Professor, PhD, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, mimosa.serafimova@ugd.edu.mk*

Abstract

This study aims to highlight a misconception and a flawed direction in the development of tourism in Ohrid, a transboundary World Heritage (WH) site and the most visited summer tourist destination in North Macedonia. Based on the Tourism Area Life Cycle (TALC) model, the paper particularly addresses destination's 'Development stage' (covering the period 2010-2024). By calculating standard indicators for seasonality, tourism density, and intensity, the paper reveals strong pressure from total tourist arrivals resulting in crowding during the high season (July-September). The article emphasizes that the increased visitation is misinterpreted by local tourism policymakers as 'development' when it is, in fact, a classic case of 'tourism crowding' stemming from lack of planning. Finally, the results open a discussion on the unsustainability of the destination and the potential loss of its WH designation.

Kew words: *Tourism crowding, Ohrid, Seasonality, Density, Intensity.*

Introduction

Ohrid is the most visited summer destination in North Macedonia and the local economy relies on tourism revenues. Being tourism dependent, provokes problems concentrated in the third quarter (July-September) as a high season, when destination's physical and social carrying capacity are beyond the limits (Ohrid SOS, 2019; Petrevska & Collins-Kreiner, 2017, 2019; Petrevska & Martinoska, 2024). Strong and robust tourism seasonality (Petrevska & Nikolovski, 2018; Petrevska, 2015, 2022) negatively impacts destination's attractiveness and jeopardizes its natural and cultural exceptional value for which the Lake Ohrid region received UNESCO designation as a transboundary mixed World heritage (WH) site (UNESCO, 1979, 1980). The anthropogenic pressure from mass visitation particularly in terms of crowding, waste, traffic, congestion, costal exploitation, and quality of living, affects destination's sustainability prompting a recommendation to place the site on the 'List of WH in Danger', thus losing the WH status (UNESCO, 2019).

Crowding is a complex phenomenon that can be investigated from many different perspectives (Stokols, 1972). In general, tourism crowding refers to increased visitor flows during peak seasons, provoking the exceeding of tourism carrying capacity (Bertocchi et al., 2021) and an overall negative impact on the destination (Zhao et al., 2018), raising many challenges for sustainable development (Nian et al., 2023; Zhang et al., 2023).

Rather than addressing the concerns arising from the negative crowding effects of mass visitation, local policymakers are mistakenly labeling these effects as 'tourism development.' This study aims to highlight this misinterpretation and the resulting flawed direction of the development of tourism in Ohrid, by examining the following research questions (RQ):

RQ_1: To what extent does tourism seasonality exist, and how do density and intensity impact the destination's tourism capacity?

RQ_2: Whether the observed phenomenon is “tourism crowding” or “tourism development”?

The paper is structured in several sections. After the introduction, the research design is outlined, followed by the findings and discussion. Finally, concluding remarks are provided. Besides its theoretical contribution to the literature on tourism seasonality, density and intensity, this study offers a practical contribution. It highlights the urgent need for proactive tourism policymaking to introduce a comprehensive tourism policy to effectively cope with crowding and prevent detrimental effects on the uniqueness of the destination, thereby preserving the WH status.

Research design

The research employs a two-step methodology to address the research questions. First, it utilizes only the second cycle sequence of Ohrid’s Tourism Area Life Cycle (TALC) model (Butler, 1980) as presented in Petrevska and Collins-Kreiner (2019), and upgrades it with data on total annual tourist arrivals up to 2024 (Figure 1).

Second, to quantify seasonality and crowdedness, the study calculates several standard indicators (Table 1). Seasonality is assessed using the Gini coefficient (G), while the crowdedness is evaluated through tourism density (TD) and tourism intensity (TI). Calculations for these indicators are based on monthly/quarterly data on total tourist arrivals/overnights from the State Statistical Office (online) for the period 2010-2024, which has been identified as the 'Development stage' within the Ohrid's TALC cycle (Figure 1).




Figure 1. Ohrid’s tourism area life cycle, 2000-2024
Source: Authors, adopted from Petrevska and Collins-Kreiner (2019)

The Gini coefficient is the most applied indicator for calculating seasonality patterns in tourism, with various methods for calculating (Xu, 2003). It may have a value from 0 to 1, where higher G means greater seasonality. In this study, the following equation is applied:

$$G = 2/n \Sigma n_{i=1} (x_i - y_i) = 2/n[(x_1 - y_1)+ (x_2 -y_2)+\ldots+((x_n - y_n)] = 2/n[\Sigma n_{i=1} x_i - \Sigma n_{i=1} y_i] \quad (1)$$

Whereas:

n denotes number of months;

x_i denotes rank of the months (1/12, 2/12, ..., 12/12); and

y_i denotes cumulative relative frequency of tourist arrivals in rank by ascending order.

Crowding is calculated to reflect the concentration of tourists in space and time. TD measures the overall ‘load’ of tourists (in terms of tourist overnights) on the destination (an area of 203 km^2). High tourist overnights per unit area indicate a high concentration of people, leading to crowding. TI measures the ratio of tourists to the resident population. It shows the relative impact of tourists on locals, where a high tourist-to-resident ratio indicates that tourists significantly outnumber residents, thus leading to crowding. For both TD and TI, calculations are performed for the high season i.e., the third quarter of the year (July-September). Table 1 presents summarized results on seasonality and crowding.

Table 1. Summarized results on G, TD and TI for Ohrid, 2010-2024

Year	G[1]	TD[2]	TI[2]
2010	0.489	3,250.020	2.390
2011	0.489	3,269.970	2.561
2012	0.484	3,209.768	2.561
2013	0.475	2,969.069	2.495
2014	0.445	2,750.680	2.508
2015	0.445	2,972.468	2.798
2016	0.402	2,902.650	2.823
2017	0.416	3,263.212	3.425
2018	0.407	3,589.783	3.651
2019	0.410	3,813.419	3.915
2020	0.632	3,018.025	2.576
2021	0.526	3,530.670	3.592
2022	0.428	3,769.384	4.073
2023	0.418	4,081.138	4.606
2024	0.409	4,295.399	4.930
Average	0.458	3,379.044	3.260

Source: Authors
Notes:
[1]Calculations for the year
[2]Calculations of the peak season (July-September)

Findings and Discussion

When investigating a timeframe from 1956 to 2017, Petrevska and Collins-Kreiner (2019) found that Ohrid exhibits a double cycle sequence, with 1956-1990 as a period of the first S-curve, 2002-2017 as the second cycle sequence, and a transitional period in between. Figure 1 presents this second S-curve extended to 2024, showing a classic “S” TALC curve for 2000-2024. This illustrates the evolution of the destination and the presence of exploration (2000-2003), involvement (2004-2010), and development stage (2011-2024), with a break in 2020-2022 due

to the COVID-19 and post pandemic period. These stages are already argued by Petrevska and Collins-Kreiner (2019, 2020), who investigated the connection between the city’s urban context and tourism development and concluded the absence of consolidation, stagnation, and a decline/rejuvenation stage.

In this line, Figure 1 confirms this finding and further argues for the continuation of the ‘Development’ stage, indicating that the destination has reached tourism maturity. It can be easily expected that Ohrid may continue along this development trajectory, but only for a limited time, as it has exceeded its capacity. The destination has been profoundly transformed by tourism saturation, both in terms of landscape and its functional dimensions. Residential areas are rapidly interspersed with entertainment facilities, making locals highly dependent on tourism income, thus putting the focus on economic benefits while disregarding socio-cultural and environmental degradation.

A possible decline may be prolonged if the local government creates an exit strategy with ambitious, proactive planning that includes policies to guarantee sustainability. Rejuvenation cannot occur by accident (Argarwal, 2002) and the way-out is not simple to call for a reduction in tourist activity, but in identifying activities to maintain visitor arrivals with reduced pressure on the destination (Seraphin et al., 2018).

Calculations on indicators for seasonality and crowdedness are presented in Table 1. They reveal that Ohrid is facing with strong fluctuations with considerable concentration in the third quarter (July-September), and relatively low numbers during the rest of the year.

The mean value of G coefficient (0.458) is relatively high pointing to a large amount of uneven distribution and a significant degree of tourism seasonality in the destination. This is aligned with Petrevska (2022) on high seasonality in Ohrid, opposite to extremely low seasonality for Skopje (the capital) and relatively very modest seasonality for North Macedonia overall (Petrevska & Nikolovski, 2018). Too many visitors, aggravated by seasonality, as in the case of Ohrid, is the main cause for negative tourism impact known as visitor ‘overkill’ (Rosenow & Pulsipher, 1979).

Additionally, results regarding TD and TI reveal overuse of tourism capacity of the destination during the high season. On average, during July-September, there are almost 3,379 overnights per km^2 of Ohrid. This is considered a very high density, indicating significant tourism pressure. So, Ohrid is experiencing a large volume of tourist activity during the high season, implying a high probability of crowding.

Furthermore, the number of tourists far exceeds the number of residents, showing that tourism is highly important to the local economy of Ohrid, implying a tourism-based economy (Garay & Càноves, 2011). During the high season, there are, on average, approximately 3.26 tourists for every resident in the destination. This indicates a high degree of tourism penetration and a very significant tourist presence, since tourists outnumber residents by a considerable margin. Such high tourism intensity leads to social, economic and environmental impacts, highlighting the importance of sustainable tourism management to ensure that tourism benefits both tourists and residents. The presence of crowding pressures local services, quality of living, and results in the degradation of resources and infrastructure. This aligns with the findings of Petrevska et al., (2023) who elaborate on the disrupted quality of living, and Petrevska and Martinoska (2024) who argue for environmental degradation, strain on infrastructure, loss of cultural authenticity, and excessive pressure on the local community due to mass visitation to events.

Finally, the mean growth of tourism demand (in terms of arrivals) during the high season of the ‘Development’ stage (2010-2024) is 5.8%. When compared to the critical 2.5% threshold identified by Romão et al. (2013), this result indicates high demand within a short period, leading

to tourism crowding and poor to non-development. It means a substantial pressure and strong, sustained interest in the destination within a concentrated timeframe, confirming once again that Ohrid is in its maturing phase and still expanding. This conclusion is alarming, as it poses a risk for a continuing crowding that may further erode the uniqueness of the destination, and potentially to lead to loss of its WH status. This is a signal for a need for careful planning and management to ensure sustainable development of tourism in the destination.

Conclusion

The study confirms the general misinterpretation of increased numbers in tourist arrivals being declared as tourism development of the destination. It demonstrates the presence of tourism crowding during the high season (July-September), a direct result of significant seasonality, high density and strong tourism intensity. The research highlights a lack of planning by local tourism policymakers, which leads the destination toward unsustainability and a potential loss of its WH designation.

The study applies the TALC model as a framework for analysis and a basis for investigating tourism development of Ohrid. It found a continuing of the ‘Development’ stage, pointing that the destination has reached tourism maturity. Despite having a well-defined tourism market, many hot spots are identified that need to be addressed to successfully mitigate crowding (Petrevska & Martinoska, 2024).

Calculations on standard indicators reveal intensive negative impacts on the destination's tourism capacity seriously disrupting its development. A continued rise in the numbers of visits, without strategic planning and control over the numbers, may further add to strong physical and socio-cultural pressure of the destination, jeopardizing its authenticity and uniqueness.

‘Developing’ does not stand if the focus is only on increasing accommodation and catering facilities, and new auxiliary tourist facilities. It requires complete reorientation from quantity to quality, as the constant rise in tourist flow must not be a strategic goal of tourism policymakers. Ever-increasing numbers of visitors must be replaced with sustainable increase and growth. This includes improvements in local policies and municipal regulations to manage negative tourism impacts. A lack of urban planning and uncontrolled development leads to a decline in quality of residents’ life and erodes destination’s unique character (Smith et al., 2018)

Safeguarding Ohrid's cultural and ecological values must be a priority for policymakers, who urgently need to reshape the approach and introduce a proactive planning process for responsible tourism development. The destination’s limits in terms of economic, socio-cultural and natural environment must be respected to ensure sustainable growth and development. This demands a complex and interconnected approach to establish a general framework for implementing and maintaining the principles of sustainability.

Being in the ‘Development’ stage does not necessarily mean automatically led only by mass visitation. It also presumes having a vision for responsible development, simultaneously balancing the number of tourists and their impact on destination’s future growth. Constant ignoring of recommendations for sustaining uniqueness of the destination will result in it being placed on the ‘List of WH in Danger’ (UNESCO, 2019), leading to systematic degradation and easy tourist commodification. Herein, the local government should focus on addressing the challenges posed by seasonality to reduce pressure during the third quarter of the year. As a start, tourism policymakers must establish a clear conceptual distinction and clarification: an increased number of tourists within a short period does not equate to tourism development but rather represents significant crowding and pressure on the destination.

References

Argarwal, S. (2002). Restructuring Seaside Tourism: The Resort Life-Cycle. *Annals of Tourism Research, 29(1)*, 25-35.

Bertocchi, D., Van der Borg, J., & Camatti, N. (2021). Tourism peaks on the three peaks: Using big data to monitor where, when and how many visitors impact the Dolomites UNESCO World Heritage site. *Rivista geografica italiana: CXXVIII*, *3*, 2021, 59-81.

Butler, R. (1980). The concept of a tourist area cycle of evolution. Implications for management of resources. *Canadian Geographer, 24(1),* 5-12.

Garay, L., & Cànoves, G. (2011). Life cycles, stages and tourism history: The Catalonia (Spain) Experience. *Annals of Tourism Research, 38(2),* 651-671.

Nian, S., Chen, M., Zhang, X., Li, D., & Ren, J. (2023). How outstanding universal value attractiveness and tourism crowding affect visitors' satisfaction?. *Behavioral Sciences*, *13*(2), 112.

Ohrid SOS. (2019). *World heritage on the edge – Part II: Engine of neglect*. Unpublished report. https://ohridsos.org/ohrid-sos-self-authored-documents/

Petrevska, B. (2015). Effects of tourism seasonality at local level, *Scientific Annals of the "Alexandru Ioan Cuza" University of Iasy, Economic Sciences Series*, 62(2), 241-250.

Petrevska, B. (2022). Coping with seasonality: Exploratory study of tourism in Ohrid. Fifth International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st century" ISCTBL 2022, 30.4.2022, Stip, North Macedonia, 5(1), 159-167.

Petrevska, B., & Collins-Kreiner, N. (2017). Double Life Cycle: Determining Tourism Development in Macedonia. *Journal of Tourism and Cultural Change* 15(4): 319–338.

Petrevska, B., & Collins-Kreiner, N. (2019). From a town to an attraction: the transformation of Ohrid, North Macedonia. *Boletín de la Asociación de Geógrafos Españoles* 83(2808): 1–30.

Petrevska, B. & Collins-Kreiner, N. (2020). Tourism development of Ohrid (North Macedonia). Conference proceedings from the 6th International conference "Geobalcanica 2020", 12-13.05.2020, Ohrid, North Macedonia, 611-618.

Petrevska, B., & Martinoska, S. (2024). Event (over)tourism in Ohrid (North Macedonia); Critical thinking. *UTMS Journal of Economics,* 15(2), 172-186.

Petrevska, B., Mihalič, T., & Andreeski, C. (2023). Tourism Sustainability Model for a World Heritage Destination: The Case of Residents' Perception of Ohrid. *European Journal of Tourism Research* 34: 3408. https://doi.org/10.54055/ejtr.v34i.2783

Petrevska, B., & Nikolovski, B. (2018). Level of seasonality in Macedonian tourism and strategies and policies for coping with it. 3rd International Thematic Monograph: "Modern Management Tools and Economy of Tourism Sector in Present Era", Association of Economists and Managers of the Balkans (Belgrade, Serbia) & Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, Macedonia, 17-29.

Romão, J., Guerreiro, J. & Rodrigues, P. (2013). Regional tourism development: culture, nature, life cycle and attractiveness. *Current Issues in Tourism, 16(6),* 517-534.

Rosenow, J. E., & Pulsipher, G. L. (1979). *Tourism the Good, the Bad, and the Ugly*. Media Productions & Marketing: Lincoln, NE, USA.

Seraphin, H., Sheeran, P. & Pilato, M. (2018). Over-tourism and the fall of Venice as a destination. *Journal of Destination Marketing & Management, 9,* 374-376.

State Statistical Office. (online). https://stat.gov.mk (online statistical data).

Stokols, D. (1972a). A social-psychological model of human crowding phenomena. *Journal of the American Planning Association*, *38*(2), 72–83. https://doi.org/10.1080/01944367208977409

UNESCO. (1979). *Convention concerning the protection of the World cultural and natural heritage*, (Doc CC/-79CONF.003/13). Third session, Cairo and Luxor 22-26 October, 1979. Paris: UNESCO World Heritage Committee.

UNESCO. (1980). *Convention concerning the protection of the World cultural and natural heritage*, (Doc CC/-80CONF.016/10). Fourth session, Paris 1-5 September, 1980. Paris: UNESCO World Heritage Committee.

UNESCO. (2019). *Convention concerning the protection of the World cultural and natural heritage*, (Doc WHC/19/43.COM/18). Paris: UNESCO World Heritage Committee.

Xu, K. (2003). *How has the Literature on Gini's Index Evolved in the Past 80 Years?*, Halifax: Dalhousie University.

Zhang, C., Cheng, W., & Zhang, W. (2023). Does world heritage inscription promote regional tourism? Evidence from China. *Tourism Economics*, *29*(4), 929-951.

Zhao, G., Deng, Z., Shen, J., Ryan, C., & Gong, J. (2018). Carrying capacity and its implications in a Chinese ancient village: The case of Hongcun. *Asia Pacific Journal of Tourism Research*, *23*(3), 260–280. https://doi.org/10.1080/10941665.2017.1421566

УДК: 930.85(497.7)

МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО СОСЕДСТВОТО, ДИЈАСПОРАТА И СВЕТОТ

Никола В. Димитров,
Д-р. редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

Апстракт

Главна цел на трудот е поставување насоки за евидентирање и документирање на македонското културното наследство кое се наоѓа во соседството, дијаспората и светот, и нејзино менаџирање преку организирани туристички посети на значајни места, објекти и настани. Текстот е поделен во три дела. Во првиот дел се споменува поделба на македонското културно наследство кое се наоѓа во соседството, дијаспората и светот, и тоа според период на настанување, според значење, својства и загрозеност. Потоа, дадени се насоки како тоа културно наследство да се евидентира и документира. Во вториот дел даден е преглед на македонско културно наследство (места, објекти и настани) кое се наоѓаат на простори во соседните држави. Потоа, изнесени се предлози како културното наследство туристички да се менаџера за посета од страна на туристи од Македонија. Во третиот дел се споменуваат места, објекти и настани кои ги има во дијаспората и светот а се важни за македонскиот идентитет. Дадени се предлози како културното наследство да се евидентира и туристички менаџера за посета од страна на туристи од Македонија. Во Заклучокот даваме согледувања и примери на успешна туристичка реализација на дел од наведените македонски културни наследства во соседството, дијаспората и светот. Предлагаме и препорачуваме како оваа активност во континуитет да биде мотивирана и поддржана од разни институции на македонската држава и пошироко од македонската дијаспора. За оформување на трудот користена е литература и други извори.

Клучни зборови: Македонија, културно наследство, дијаспора, локалитети, објекти, настани

ВОВЕД

Секоја држава се грижи за својот национален идентитет прво во матичната држава, потоа за неговото присуство во непосредното опкружување и пошироко низ светот.

Денес, промоцијата на својата татковина може да се практикува и преку разни форми на туристичка посета на места, објекти и настани кои се значајни за националниот идентитет. Дали Македонците посетата ќе ја прават индивидуално со физичко присуство, во група организирано преку туристички агенции или пак виртуелно со користење на интернет - современа технологија за информирање и едукација, е лична одлука на секој Македонец.

Според тоа, Македонците во текот на својот живот, треба во што поголем број да посетат туристички места, објекти и настани, и постојано да се само образуваат, со што ќе го зацврстат својот личен - македонски идентитет и ќе стекнат посилна самодовербата.

Исто така, во делот на само образување преку интернет - пожелно е да се чита домашна и странска дигитална литература (книги, монографии, научни трудови, постови - текстови објавени на интернет и сл.), потоа пребарување на разни пребарувачи, веб страни на туристички агенции (туристички понуди и програми), веб страни на туристички места, објекти и настани, културни институции, музеи и слично од кои може да се добијат многу корисни информации за Македонија и Македонците.

Под поимот Македонско, приоѓаме од два пристапи: географски и етнографски. Географскиот поим го покрива просторот на Македонија од најстари времиња до денес и зафаќа простор од неколку илјади, преку повеќе стотици илјади до неколку милиони километри квадратни. Како се проширувало кралството Македонија така го проширувало своето име на освоените територии. Македонија, од едно мало кралство во јужниот дел на полуостровот се проширува на целиот полуостров кој во стариот век сé до XVIII век бил именуван како Македонски Полуостров. Денес на просторот на Македонскиот Полуостров постојат десетина држави, додека пак во империјата на Александар III Македонски која зафаќала неколку милиони км², денес има дваесетина држави.

УДК: 930.85(497.7)

Поимот етнографски го покрива просторот на етничка Македонија (односно ги зафаќа трите дела на Македонија: Беломорски или Егејски дел, Пиринский и Вардарски дел).

Географскиот простор Македонија а од тука и Македонскиот народ бил и сé уште е предмет на нанесување неправда од страна на соседните и пошироко. Имено, и денес, тие имаат големо државни апетити, и реализираат свои агенди преку негирање и присвојување на географски делови, историја и културно наследство на Македонија и македонскиот народ. Така, античкиот период и славните личности сите соседи ги присвојуваат како свои, исто е и со средновековието, новиот век итн. Денес, се применуваат и нови форми на присвојување, негирање и пропаганда, а тоа е туризмот. Имено, соседите на нивните туристи кои ја посетуваат РС Македонија им презентираат своја верзија, дека Македонија и сè што е во неа е дел од нивната историја. Ваквиот пристап секако ја потценува вредноста на македонската историја и култура.[1]

Што и да било, како било и како треба да биде, едно е јасно Македонците, и сите соседни народи мора меѓусебно да се признаваат, почитуваат и соработуваат ако сакаат да опстанат. Сите соседни народи мора да ја прифатат реалноста, дека има Македонија, Македонски народ, Македонски јазик со своја историја и културно наследство, во спротивно сите ќе се најдат во сериозен проблем исполнет со многу страдања.

Во овој ограничен труд, ќе се потрудиме да презентираме мал дел од македонско културното наследство кое го има во соседните држави, дијаспората и светот. Изнесуваме мал формат на основни податоци за туристичко менаџирање на македонските туристи при посета на истото во наведените географски простори. Ова го правиме со главна цел да ги запознаеме нашите - домашни туристи, но и да ги информирање и соседите дека и Македонија е дел и од нивната историја и секојдневие.

Предмет на интересирање на институциите и лицата чија главна грижа е културното наследство во РС Македонија не е доволно само евидентирање на „домашното“, туку потребно е евидентирање и запознавање со македонското културно наследство кое се наоѓа и во соседството, дијаспората и пошироко низ светот. Ова македонско културно наследство треба професионално да биде регистрирано - евидентирано во списоци, да биде класифицирано според временски периоди и начинот на настанување, според неговите својства, според негово значење, според степенот на неговата застапеност и степенот на загрозеност. За сето тоа да биде реализирано, потребно е истражување, прибирање - архивирање на податоци, документација, фотографии и други факти за секое културно наследство кое се наоѓа во соседството, широката дијаспора и низ светот.

1. Поделба на македонското културно наследство присутно во соседството, дијаспората и светот

Поминати се 112 години (1913 година) од поделбата на Македонија меѓу соседните држави. Македонците на различни начини се изложени на физичко и психичко малтретирање негирање, потценување, раселување и други форми на елиминација. Меѓутоа, и покрај тоа, во поделени простори во соседните држави сé уште има Македонци и значително македонско културно наследство.

[1] Слична судбина како Македонците - народ кој повеќе го има во соседството, дијаспората и низ светот отколку во матичната држава. Вакви примери имаат повеќе мали народи, пример: Монголци, Ирци, Молдавци, Палестинци, Ерменци и други. Македонија со поделбата во 1913 година, е поделена помеѓу соседите. Така, денес покрај името на независна држава Р.С. Македонија има уште четири региони со име Македонија, од кои три во Р. Грција - Централна, Западна и Источна Македонија; еден регион во Р. Бугарија - Пиринска Македонија или Пиринский крај. Исто така, слична судбина како поделена Македонија имаат и други држави, чие државно име со поделбата, се повторува во непосредното соседство, пример: државата Р. Монголија има уште една Монголија во Кина - Внатрешна Монголија, автономен регион; потоа Р. Ирска има уште еден регион Северна Ирска - федерална единица на Обединето Кралството Велика Британија, па државата Р. Молдавија има уште едно име Молдавија во Романија - регион Молдавија, потоа државата Р. Кипар, е поделена на Северен Кипар (околу 36%) како одделна самопрогласена нелегална држава Турска Република Северен Кипар, а останатиот дел од Р. Кипар (околу 59%) е независна држава, и тампон зона на ООН (4%). А сепак од 2004 година Р. Кипар е членка на ЕУ. (Можеби во 2030 г. и РС Македонија ќе биде членка на ЕУ, повлекол НВД)

УДК: 930.85(497.7)

Во соседните држави со кои граничи Р.С. Македонија има разновидно културно наследство (недвижно и движно, материјално и нематеријално - духовно). Значајно место имаат археолошките наоѓалишта од палеолит (пештери и разни артефакти во музеите), потоа наоѓалишта од периодот на неолит (локалитети, колиби, земуници, наколни населби, разни артефакти во музеи), па енеолит (локалитети и разни артефакти), бронзено и железно време (локалитети, артефакти во музеи). Сепак, доминираат археолошките локалитети од старо македонски период, потоа од т.н. хеленистички и секако од римски период. Доста се застапени и локалитети од рано христијански и средновековен период (цркви, манастири, мостови, стари чаршии, амбиентални градски јадра, старогрдска архитектура, стари куќи итн.). Во соседните држави се одржуваат и разни јавни манифестации (фестивали, панаѓури, саеми, карневали, врски празници, верски литии и сл.) кои се организирани и од Македонци.

Потсетуваме, основна поделба на **<u>културното наследство</u>** е според неговите својства, според негово значење, според степенот на неговата застапеност и според начинот на настанувањето.

Преглед 1. Поделба на културното наследство

Културно наследство според:	
Својства	<u>Недвижно</u> (споменици, споменични целини и културни предели) <u>Движно</u> (археолошки, етнолошки, историски, уметнички, технички предмети, архивска граѓа, библиотечни добра, кинотечни добра, фонотечни добра) <u>Духовно</u> (фолклорни добра, јазик, топоними) **Фолклорни добра** се обичаи, обреди, преданија, умотворби, носии, везови, народни песни, приказни, легенди, пословици, гатанки, танци, игри, стари и ретки занаети, традиционални вештини и други изрази од нематеријалното народно творештво. **Јазик** е литературен односно стандарден јазик и негово писмо, како и локални говори на ист јазик (дијалекти), т.н. тајни јазици итн. **Топоними** се имиња на езера, реки, извори и други водни објекти (хидроними), градови, села и други населби (оикоими), природни или административни подрачја (хороними), патишта (дромоними), земјоделски просторни објекти (агроними), имиња на флора и фауна (фитоними и зооними), имиња на планини, превои и на други релјефни и геоморфолошки објекти (геоними) како и имиња на природата поврзани со шуми (дендроними) и други изворни, локални и официјални називи што се предметни за топонимијата на одредена територија или држава.
Значење	<u>Од особено културно</u> и историско значење (исклучително и големо значење) <u>Од друго културно</u> и историско значење (значајно културно наследство)
Загрозеност	*<u>Незагрозено</u>* културно наследство *<u>Загрозено</u>* или културно наследство во опасност
Начинот на настанување	<u>Материјално</u> (физичко или опипливо) културно наследство (предмети направени од човечка рака) спаѓаат разни предмети кои имаат значајна вредност за историјата, археологијата, архитектурата, техниката, културата, уметноста и сл., односно станува збор за: градежни објекти (куќи, сакрални и световни објекти), историски споменици (бисти, релјефи, барелјефи и сл.), други споменици (спомен чешми, плочи и сл.), материјални уметнички дела (артефакти, цртежи, фрески, икони, резби итн.) <u>Нематеријално</u> (уметнички дела, литература и сл.) културно наследство. Спаѓаат разни уметнички дела, значајни за литературата, музиката, религијата, фолклорот и сл., односно станува збор за: нематеријални уметнички дела (музика, ора), усните преданија (приказни, легенди), духовно верување (религија, обреди, празници) и начин на живот (традиција, обичаи).

Доколку Р.С. Македонија сака да има евиденција на македонско културно наследство во непосредното соседство, дијаспората и пошироко низ светот, треба да изработи и Регистер на македонско културно наследство: по места, објекти, настани, топоними, обичаи, значајни личности и сл. Значи да биде евидентирано, да се оцени значењето, степенот на загрозеност,

УДК: 930.85(497.7)

начинот на заштита и можноста тоа културно наследство да го посетат македонските туристи. За тоа прво ќе се погрижи државата Македонија, а потоа останатите.

2. Преглед на македонско културно наследство во непосредното соседство

Во Преглед 2, изнесуваме делумни описи на најважно македонско културно наследство кое се наоѓа во соседните држави (материјално наследство - места и објекти: населби, археолошки локалитети, некрополи, гробници, осамени гробови, цркви, манастири и други споменици) потоа нематеријално наследство и разни настани кои треба да се посетат.

Преглед 2. Дел од македонското културно наследство во соседните држави

М Е С Т А	**<u>Во Грција</u>**: вреди да се посетат сите градови и поголеми села во Егејска Македонија (Беломорска Македонија, Приморска Македонија, а од 2019 година Јужна Македонија или т.н. Грчка Македонија). Денес овој дел од Македонија се состои од три региони: Источна Македонија, Централна Македонија и Западна Македонија. Во делот на Македонија се наоѓа и Света Гора - Автономна Монашка Република Света Гора, која е под закрила на Цариградскиот патријарх. Според ова, сите македонски туристички агенции треба да имаат туристички програми за повеќе дневен престој на повеќе туристички места во „Олимписка ривиера“, посета на познати места од „Античка Македонија“ потоа посета и престој во туристички места на полуостровот Халкидик (Ситонија, Касандра, Атос), како и туристички места на Јонско Море, посета и престој на повеќе острови: Тасос, Крф, Кефалонија, Лефкада итн. Потоа еднодневни туристички посети до градовите Лерин, Солун, Воден, Костур, Кавала, Петралона, Пожарско, Метцово, Метеори, Трикала, Овчарани, Долно Врбени или Екши Су, Герман, Вербени, Арменово, Буф, Баница и други места. Добро е да се организираат и посети на: Кожани, Кукуш, Негуш, Бер, Енице Вардар, Кајлари, Гребен, Катерина, Серез, Драма и сл. Исто така, добро е да се посети и село Долно Граматиково, Воденско - место каде во 1768 година се родил Хрисант Цариградски, вселенски патријарх (1824-1826) со македонско потекло. Хрисант умира во Цариград во 1835 година. - Покрај наведените посети добро би било да се посети и главниот град Атина, важните места во градот но и споменикот на Александар III Македонски. **<u>Во Бугарија</u>**: Македонските туристичките агенции организираат посета на Софија, Благоевград (Горна Џумаја), Разлог, Банско, Сандански (Свети Врач), Гоце Делчев (Неврокоп), Мелник, Петрич, Варна, Пловдив, Бургас и други места. Потоа се посетуваат и Кресна, Белица, Симитли, Струмјани, Рилски манастир, Велинград итн. **<u>Во Србија</u>**: Македонските туристичките агенции организираат посета и престој во Белград, Нови Сад, Крагуевац, Смедерево, Суботица, Ниш и други места. Добро е да се организираат посета и на места каде живеат Македонци, како што се населбите: Јабука, Качарево, Пладниште, Глоголь, Вршац, Трговиште, Врање и др. **<u>Во Албанија</u>**: Најчесто македонски туристички агенции организираат патувања и престој за Црна Гора а транзитираат низ Албанија, без да ги посетат или пак кратко се задржуваат во некои од поголемите градови (Тирана, Елбасан, Драч, Скадар, Берат, Круја и др.). Се организираат и еднодневни и повеќе дневни посети и престој во места на Јонско Море: Саранда, Ксамил и други места. Се организираат и еднодневни екскурзии до Поградец, Корча, Пустец, Туминец, Глобочани, Шулин, Церје, Горица, Шиштавец, Борје, Крошаришта и други места. **<u>Во Косово</u>**: Македонските туристички агенции досега немаат организирани посети на Рестелица, Крушево, Брод, Драгаш, Призрен Пеќ, Приштина и други места каде живеат Македонци муслимани. Најчесто низ Косово се транзитира патувајќи за Црна Гора или за Босна и Херцеговина. Генерално, треба да се посетат сите мали градови и села во соседните држави во кои живеат Македонци.

ОБЈЕКТИ	Најчесто посетувани објекти во соседството се археолошки локалитети, цркви, манастири, споменици и музеи: **Во Грција**: Да се реализираат туристички посети на старо македонските антички гробници (на Филип II во село Кутлеш), античкиот град Пела - денес Постол (посета на палата или дворецот, атриум со поден мозаик, бањи, агора - пазар, портик и др.), статуата на Александар III Македонски, посета на првата престолнина на македонските кралеви градот Ајга и Кралските гробници во Кутлеш, потоа други споменици (споменик кај Херонеја), археролошкиот локалитет Дион во близина на Литохоро, потоа на Пидна - Калиндар, Стагира, Неаполис, Филипи, Херонеа и други места. Посета на крштелницата во Филипи, село Рахче во близина на Кавала, каде Апостол Павле ја покрстил Св. Лидија Македонка. Посета на тврдината на Солун и Зандан Куле, потоа тврдината во Кавала итн. Организирани посети на Мало Преспанско Езеро - островот Св. Ахил каде има повеќе цркви и се наоѓа гробот на цар Самоил, потоа црквата Св. Димитрија во Солун, црквата Св. Никола во Кавала, манастирите на Метеори, манастири на Света Гора - особено на манастирот Зографски, Хилендар, Голема Лавра и други објекти. Од манастирите на Света Гора, односно полуостровот Атос, особено значајна е посетата на Зографскиот манастир. Зографскиот манастир на Света Гора е основан од охриѓани. Според легендата импозантниот манастир Св. Ѓорѓи Зограф е основан во 919 година од тројца браќа од Охрид, кои барале тивко место за да му се посветат на Бога. Но, браќата Мојсеј, Арон и Јован не можеле да се одлучат кој да биде покровител на манастирот, па затоа одлуката ја препуштиле на Бога. Тие подготвиле штица која ја оставиле во Црквата и додека длабоко во ноќта се молеле, повикувајќи го Господ да им го открие името на светецот, необична светлина се разлеала од новоподигнатиот храм. Кога влегле во Црквата, браќата виделе дека на штицата бил саможивописан ликот на Св. Великомаченик Ѓорѓиј. Оттаму тие го нарекле „Изограф“, односно „се самообразил“. Најраниот документ кој зборува за постоење на манастирот датира од 980 година. Во него се замонашиле и подвизувале голем број знаменити македонски дејци меѓу кои игуменот: Калистрат Зографски (1821-1913 г., од Струга - псалтос, пејач по источното византиско нотно пеење). Потоа архимандритот Анатолиј Зографски од село Могорче, кој бил игумен на Зографскиот манастир а потоа во 1818 година бил во мисија - посета на манастирските имоти во Молдавија и Влашко. Потоа продолжил за Русија и останал во Санк Петербург каде стекнал авторитет кај царскиот двор. Во 1832 година се враќа во Зографскиот манастир. Во 1846/47 година напишал опширен учебник по предметот граматика на црковно словенскиот јазик наречена „Славјанскаја граматика“. Во 1848 година починува во Зографскиот манастир на Света Гора) Значаен е и Партениј Зографски кој еден период од животот го поминал во Зографскиот манастир и др. Додека пак најдолго живеалиште на Јован Кукузел - средновековен византиски и словенски црковен пејач, композитор, музички теоретичар и реформатор на византиското црковно пеење, била Великата Лавра Св. Атанасиј Атонски“ на Света Гора. Јован Кукузел бил роден 1280 година во с. Церменица или Церманци - Дебарско. Некои сметаат дека бил роден во Драч, Албанија, а умира 1360 година во Света Гора. На 15 јануари 2007 година во Бигорскиот манастир пристигнале светите мошти на Св. Јован Кукузел и тоа во метохот на Св. Ѓеоргиј Победоносец во село Рајчица - Дебарско. Св. Јован Кукузел се празнува 14 октомври. Значајна за македонските туристи е и посетата на споменикот на Александар III Македонски во Солун. Добро е да се посети и Манастир свети Јован Богослов, еден од дванаесетте апостоли и еден од творците на Евангелието и посета на пештерата Апокалипса на островот Патмос. Потоа, посета на островот Милос кој има голем број на цркви па дури и семејни цркви. И секако, посета на Манастирот на Свети Нектариј Егински на островот Егина, како и други објекти.

	Во Бугарија: Посета на Рилски и Бачковски Манастир, во кои Митрополит Скопски Теодосиј Гологанов, 1846-1926, служел во двата манастири. Посета на гробот на Јане Сандански во Мелник, и уште многу други објекти. **Во Албанија**: посета на село Пустец и Преспанско Езеро - островот Мал Град и црквата „Рождество на Пресвета Богородица“, спомен куќа - музеј на Стерјо Спасе во село Глобочани. Посета на градот Кроја - средновековната тврдина и музејот на Георги Кастриот, за Албанците познат по името Скендер Бег. Посета на црквата „Воскресение Христово“ во градот Корча (Горица) и други објекти. Посета на споменици на Св. Кирил и Методија во Грција - Солун; во Бугарија - Софија, во Србија - Белград, потоа посета на манастирот Св. Прохор Пчински. Добро е да се посети и музејот на Никола Тесла (според една верзија: Тесла имал далечни семејни корени од Македонија, доселени во Лика при крајот на 17 век, односно по Карпошевото востание 1689 година, кога голем број Македонци и други се преселиле во Австрија, Русија и други простори поминувајќи ги реките Дунав и Сава). Исто така, добро е да се посети и село Идвор во Јужен Банат - родното место на Михалјо Пупин - кој има семејни корени од Македонија (од село Вевчани). За туристите од Македонија добро е да се посети и црквата Св. Сава во Белград, која е најголема православна црква на Балканскиот Полуостров и други објекти. Македонските туристи добро е да ги посетат црквите градени од македонскиот градител Андреј Дамјанов: во местата Врање (Св. Троица 1858-1860), Ниш (Св. Тројца, 1878), Смедерево (Св. Ѓорѓи, 1854 г.), Пирот („Рождество Христово“, 1834 г.), село Печењевце кај Лесковац, („Свети Илија, 1844 г.) и село Турековац кај Лесковац, („Собор на светите апостоли“, градена во 1845 г.).
НАСТАНИ	Македонските туристи треба да ги посетат разните настани - фестивали и други манифестации во Грција, Бугарија, Србија, Албанија, Косово, на кои учествуваат и Македонци (пример: „Илинден“ во Овчарани и др.). Фестивал „Kerasiotika“ - фестивал на „црешата“ во Воден. Во Паралија фолклорен фестивал „Anthestiria“ - фестивал на цвеќето“. Други фестивали во Лерин, Солун, Бер, Костур, Кожани, Трикала, Катерини, Пиерија, Кукуш, Постол - Пела, Пожарско, Сопотско и други места. Посета на Македонски фолклорен фестивал „Сонце“ во Корча - Албанија и како и други манифестации во Бугарија и Србија. **Личности**: Значајно за македонското културно наследство е Хрисант Цариградски, вселенски патријарх (1824-1826) со македонско потекло, роден во Долно Граматиково во 1768 година а умира во Цариград во 1835 година. Хрисант погребан е на „Принцеви острови“, островот Бујукада (годинава се навршуваат 190 години од неговата смрт, подвлекол НВД). Неговиот гроб се наоѓа во дворот на манастирот „Христос спасител“ или „Преображение Господово“. Денес, во селото Долно Граматиково има статуа на Хрисант, а од 2000 година редовно се одржува фестивал „Хрисантија“. Исто така, во 2016 година средното училиште Арнис Пела беше преименувано во „Средно училиште Арнис на Вселенскиот патријарх Хризантема“).

3. Преглед на македонско културно наследство во дијаспората и светот

Во Преглед 3, изнесуваме делумни описи на најважно македонско културно наследство (материјално и нематеријално) кое се наоѓа во дијаспората и светот и кое треба македонските туристи да го посетат.

Преглед 3. Дел од македонското културно наследство во дијаспората и светот

МЕСТА	Во Хрватска: да се посетат градовите Загреб, Сплит, Ријека, Сплит, Вараждин, Карловац, Самобор, Дубровник и други место. Во Словенија: Љубљана, Марибор и други места. Во Босна и Херцеговина: Сараево, Мостар и други места. Во Црна Гора: Подгорица, Будва, Котор и други места. Значајно е да се посетат европски градови со туристичка вредност и во кои живеат Македонци. Во Италија: Рим, Венеција, Неапол, Милано, Торино, Бари и други места. Во Австрија: Виена и други места. Во Германија: Минхен, Келн,

	Берлин и други места. Во Франција: Париз, Марсеј, Епинал и други места. Во Норвешка: Осло и други места. Во Шведска: Стокхолм, Малме и други места. Во Финска: Хелсинки и други места. Во Холандија: Амстердам, Хаг и други места. Во Данска: Копенхаген. Во Белгија: Брисел. Во Велика Британија: Лондон, Манчестер, Ливерпул и други места. Во Шпанија: Мадрид, Барселона, Палма де Мајорка и други места. Како и посета на мали градови и села во други држави во кои живеат Македонци. Посета на милионски градови во Америка, Азија, Африка, Австралија во кои живеат Македонци. Посета на туристички места: Хургада и Шар Мел Шеик, Александрија, Гиза, Каиро (во Египет). Посета на градови во САД: Чикаго, Детроид, Мајами, Лос Ангелес, Сан Франциско, Посета на градови во Канада - Торонто, Монтреал, Ванкувер, Отава. Посета на градовите Ташкент (Узбекистан), Доха (Катар), Абу Дабиј (ОАЕ). Пекинг, Шангај (Кина), Токио и Осака (Јапонија), Бразилија, Рио Де Жанеиро (Бразил) итн.
ОБЈЕКТИ	Македонските туристи добро е да ги посетат археолошките објекти значајни за македонското културно наследство : Во Италија (десетина значајни објекти): 1. Гробот на Персеј - последниот македонски крал. Гробот на Персеј се наоѓа во близина на градот Мељано де' Марси. (Tomb of Perseus of Macedon - Maqliano de` Marsi), кој се наоѓа североисточно од Рим на оддалеченост од 98 км или 1 час и 10 минути возење со автомобил (крај Персеј умира 165 г.пр.н.е. значи оваа 2025 година се навршуваат 2190 години од неговата смрт, подвлекол НВД) 2. Посети на објекти во градот Алба Фуценс - 105 км североисточно од Рим, антички - римски утврден град каде биле затворен Персеј - последниот крал на Античка Македонија, со неговото семејство. Во овој град биле затворени и други кралеви и кралски семејства. Денес дел од градот е археолошки музеј на отворено - амфитеатар, црквата Сан Пјетро, аквадукт сифонски мост, средновековна тврдина, римски пат и др.; 3. Посета на Колосеумот во Рим (каде настрадало бројно население од Македонија, Македонци и други, како и војници - фалангисти и други робови, а подоцна и христијани од Македонија); 4. Посета на Ватикан - Света Столица (каде има голем број артефакти од Македонија); 5. Посета на црква или Базиликата Свети Клементе, каде во визбите - катакомби се наоѓа гробот на Свети Кирил Солунски од Македонија (место за аџилак на сите Словени, сите словенски народи имаат поставено спомен плочи, меѓу кои и Македонија, подвлекол НВД). 6. Посета на базилика Света Марија Маџоре во Рим, каде е погребан папата Фракциск (1936-2025), прв папа кој јавно изрази симпатии и поддршка за Македонија и Македонците и на 07 мај 2019 година ја посети Македонија, ја потврди Македонија дека е прва христијанска земја во Европа, како и постоењето на Македонскиот народ и јазик. (За потврда на вербата во Македонија, Македонскиот народ и јазик говори совпаѓањето на датумот на неговото доаѓање со неговата смрт 07 мај 2025 година, подвлекол НВД) 7. Посета на објекти во градовите Венеција, Бари, Пиза, Фиренца, Милано и сл. Посета на споменици на Св. Кирил и Методија во повеќе европски држави и места: Во Чешка - Прага, Велхград, Микулчич, Оломуц и Требич. Во Украина - Киев и Доњецк. Во Русија - Саратов, Ханто - Мансијск каде се одржува и процесија. Во Хрватска - споменикот на Кочо Рацин во Самобор и православната црква „Св. Злата Мегленска“ во Загреб. Градски музеј на Загреб - меморијална соба на Мирослав Крлежа (според едни претпоставки води далечни семејни корени од Македонија, од крајот на 17 век), Во Госпиќ, Лика - посета на меморијален центар на Никола Тесла. Во Босна и Херцеговина посета на црквите градени од Андреј Дамјанов во Сараево („Рождество на Пресвета Богородица“ 1863-1874) и во Мостар (црква Света Тројца). Во Црна Гора посета на манастирот Свети Василиј Острошки. Посета во Романија на црквата Св. Петка во градот Јаши, автономен регион Молдавија. Во Германија во град Елванген, посета на спомен-плочата на свети Методиј, кој дел од животот во заробеништво го поминал во затвор. Посета на цркви на Македонска православна црква - Охридска архиепископија во Малме -

Шведска, во Загреб - Хрватска, црквата „Св. Злата Мегленска“, во Берлин - параклис, Мајнц и Зиндфелинген - Германија, во Тринген - Швајцарија и други места. Во Франција - Париз посета на Мон Мартир, Алфелова Кула, Триумфална порта, Лувр и др. Во Велика Британија - Лондон и др. Во Русија, посета на цркви и други објекти во Москва и Санкт Петерсбург. Во Украина посета на цркви и други објекти во Киев и Одеса. Посета објекти во Ерменија, која во античкиот период била и сојузник на Македонија. Во текот на историјата многу Ерменци живееле во Македонија и обратно. Да се посети Ереван, старите православни манастири кои датираат уште од 6-7 век па наваму и др.

Во Азија: посета на Израел и Палестина - Ерусалим, Назарет, и гробот на Исус Христос. Во Турција - во Истанбул посета на православна Железна црква „Свети Стефан“, започната да се гради 1893 а изградена е во 1896 година (осветена 1898 г.). Градбата е финансирана од Македонски чорбаџии - охриѓани, ресенчани, велешани и Македонци од егејскиот дел. Заради лошиот терен кој не бил безбеден за изградба со класичен материјал, било предложено црквата целосно да се изгради од железни елементи. Железните елементи за црквата биле пренесени со стотина бродови од Виена по Дунав и Црно Море за Цариград, а склопувањето траело три години. Архитектонскиот стил на црквата е барокна и е слична на некои реализации на Андреа Дамјанов. Во Железната црква “Свети Стефан“ служеле многу Македонци епископи и свештеници. Во дворот на црквата се погребани многумина познати историски фигури меѓу кои, се наоѓа и гробот на последниот полински (дојрански) епископ Партениј Зографски хиротонисан од Цариградската патријаршија. Партениј Зографски истовремено бил првиот македонски учебникар, филолог, фолклорист, еден од најистакнатите културни и црковни работници од 19 век во Македонија и прв македонски митрополит. Партениј е автор на многу дела со кои се создадени темелите на граматиката на македонскиот јазик. Партенија Зографски ги систематизира разликите помеѓу бугарскиот и македонскиот јазик на научна основа. Во Железната црква нема дрво, камен, цемент, вар или тули. Целата црква е од железо и како таква претставува уникатно ремек дело во градителството на православниот свет, заштитена со закон како национално културно-историско наследство! Во неа и денес се црквуваат Македонци кои живеат во Истанбул, се разбира турски државјани, чии корени се од Егејскиот дел на Македонија!... Железната црква “Свети Стефан“ е Македонска црква затоа што ја изградиле Македонците во Цариград, независно што сега е под јуриздикција на Бугарската православна црква, пишува весникот на Македонското друштво од Тирана, Илинден, и продолжува: Може ќе даде Господ еден ден повторно да биде под јурисдикција на Македонската Православна Црква – Охридска Археиепископија и Јустинијана Прва, како што било и треба да биде!

Македонските туристи добро е да ја посетат на куќата на Св. Марија - Богородица во Ефес, потоа во Истанбул - Св. Софија, како и објекти во Измир, Анкара, Кушадаси и други туристички места во Турција. Посета на античкиот град Персеполис во Иран. Посета на Вавилон - Багдат во Ирак и др. Во Непал на Хималаи, посета на спомен обележјето на Димитар Илиевски Мурат. Во Авганистан посета на црква - параклис Св. Никола во Кабул.

Посета на македонски православни цркви и манастири во дијаспората:

Европска епархија: четири архиерејски намесништа: Западно Европско Намесништо; Средно Европско Намесништо; Јужно Европско Намесништо и Северно Европско Намесништо. Вкупно во Европската епархија има 42 Македонско православни црковни општини, од кои 21 активна цркви.

Западно Европско Намесништо	**Средно Европско Намесништо**	**Јужно Европско Намесништо**	**Северно Европско Намесништо**
црква „Св. Кирил и Методиј“ - Дортмунд, Германија; црква „Свети Архангл Михаил и сите Свети Апостоли“ - Лондон, Англија, црква Св. 15те	црква „Света Тројца“ - Минхен, Германија; црква „Свети Димитриј“ - Линц, Австрија;	црква „Свети Архангел Михаил“ - Наиве, Италија; црква „Св. Прохор Пчински и Св. Апостол Вартоломеј“ - Пјаченца, Италија; црква „Света Злата Мегленска“ - Загреб, Хрватска; црква	црква „Свети Наум Охридски“ - Малме, Шведска, црква „Свети Климент

Тивериополски свештеномаченици во Лондон, Англија; црква „Света Петка“ - Диселдорф, Германија; црква „Св. Никола“ - Мајнц, Германија; црква „Св. Кирил и Методиј“ - Париз, Франција; црква „Свети Стефан“ - Утрехт, Холандија	црква „Свети Наум Охридски“ - Виена, Австрија; црква „Свети Кирил и Методиј“ - Штудгард, Германија.	„Свети Наум Охридски“ - Тринген, Швајцарија; црква „Пресвета Богородица“ - Локарно, Швајцарија; црква „Света Тројца“ - Крањ, Словенија; црква „Свети Климент Охридски“ - Љубљана, Словенија; црква „Богојавление Водици“ Копер, Словенија.	Охридски“ - Берлин, Германија.

Во Германија 14 цркви; во Словенија 5; во Хрватска 4; во Австрија 3; во Италија 3; во Швајцарија 3; во Шведска 2; во Англија 2; во Данска 1; во Белгија 1; во Холандија 1; во Франција 1; во Норвешка 1; во Луксембург 1 црква.
1. Во Германија: МПЦО „Свети Кирил и Методиј“ - Дортмунд; МПЦО „Свети Никола“ - Мајнц; МПЦО „Свети Климент Охридски“ - Берлин; МПЦО „Свети Спас“ - Латцен / Хановер; МПЦО „Свети Ѓорѓи Кратовски“ - Хамбург; МПЦО „Света Тројца“ - Минхен; МПЦО „Свети Никола“ - Инглоштат; МПЦО „Света Петка“ - Диселдорф; МПЦО „Свети Кирил и Методиј“ - Штудгард; МПЦО „Свети Атанасиј“ - Нинберг; МПЦО „Свети Димитрија“ - Аален; МПЦО „Пресвета Богородица“ - Беблинген, Синделфинген; МПЦО „Света Тројца“ - Келн, Германија; МПЦО „Свети Апостол Павле“ - Триер, Германија. 2. Во Австрија: МПЦО „Свети Наум Охридски“ - Виена; МПЦО „Свети Димитриј“ - Линц; МПЦО „Преподобна Параскева“ - Вилах. 3. Во Италија: МПЦО „Свети Прохор Пчински“ и Свети Апостол Вартоломеј“ - Пјаченца; МПЦО „Св. Архангел Михаил“ - Наиве; МПЦО „Собор на сите македонски светители“ - Порденоне. 4. Во Швајцарија: МПЦО „Св. Наум Охридски“ - Тринген; МПЦО „Собор на сите македонски светители“ - Лозана; МПЦО „Пресвета Богородица“ - Локарно. 5. Во Словенија: МПЦО „Света Тројца“ - Крањ; МПЦО „Св. Климент Охридски“ - Љубљана; МПЦО „Успение на Пресвета Богородица“ - Марибор; МПЦО „Богојавление - Водици“ - Копер; МПЦО „Свети Апостоли Петар и Павле“ - Нова Горица. 6. Во Шведска: МПЦО „Свети Наум Охридски“ - Малме; МПЦО „Свети Кирил и Методиј“ - Гетеборг. 7. Во Данска: МПЦО „Свети Климент Охридски“ - Копенхаген. 8. Во Англија: МПЦО „Свети Архангел Михаил и сите Свети Ангели“ - Лондон; Св. 15те Тивериополски свештеномаченици, во Лондон. 9. Во Холандија: МПЦО „Свети Стефан“ - Утрехт. 10. Во Белгија: МПЦО „Свети Илија“ - Брисел. 11. Во Франција: МПЦО „Св. Кирил и Методиј“ - Париз. 12. Во Хрватска: МПЦО „Св. Злата Мегленска“ - Загреб; МПЦО „Св. Наум Охридски“ - Сплит; МПЦО „Свети Јоаким Осоговски“ - Пула; МПЦО „Свети Цар Константин и Царица Елена“ - Ријека. 13. Во Норвешка: МПЦО „Преподобна Параскева - Петка“ - Осло. 14. Во Луксембург: МПЦО „Св. Апостол Тома“ - Луксембург.

Австралиско - сиднејска и Австралиско - новозеландска епархија вкупно располагаат со 4 манастири и 24 цркви. (МПЦО: 14 црковни општини, 12 цркви и 7 епархиски духовни центри).

Австралиско - сиднејска епархија (12+1)	**Австралиско - новозеландска епархија (12+3)**	
	Архиерејско намесништво за Викторија, Јужна и Западна Австралија и Нов Зеланд	Намесништво за Нов Јужен Велс и Квинзланд.
располага со вкупно 12 верски објекти од кои 11 цркви и 1 манастир. Црква „Успение на Пресвета Богородица - Сиденхам, Мелбурн (Викторија); црква „Свети Георгиј и Пресвета Богородица“ - Епинг, Мелбурн (Викторија), **Манастир** „Свети Климент Охридски“ - Кинг Лејк, Мелбурн (Викорија); Црква „Свети Јован Крстител“ - Цилонг (Викторија), црква „Свети Никола“ - Кабрамата, Сиднеј (Нов Јужен Велс); Црква „Свети Димитриј Солунски“ - Волонгонг, Сиднеј (Нов Јужен Велс); Црква „Свети Климент Охридски“ - Канбера (Австралиска Капитална Територија); Црква „Свети. Илија“ - Квинбијан (Нов Јужен Велс); Црква „Свети Никола“ - Перт (Западна Австралија); Црква „Свети Наум Охридски“ - Аделаид (Јужна Австралија); Црква „Света Недела“ - Голд Кост (Квинзленд); Црква „Света Петка“ - Рокдејл, Сиднеј (Нов Јужен Велс).	располага со 9 цркви, следните верски објекти: Цркви: Соборна црква „Раѓање на Пресвета Богородица“ - Сиденхам; црква „Свети Пророк Илија“ во Футскреј - Мелбурн; црква „Свети Никола“ - Престон, црква „Света Петка“ во Мил Парк; црква „Свети Димитриј Солунски“ - Спрингвајл; црква „Света Злата Мегленска“ - Вереби; црква „Собор на Пресвета Богородица“ - Аделаид; црква „Свети Никола“ - Перт; црква „Собор на Македонските светители“ - Окланд, Нов Зеланд.	располага со 4 цркви и 3 манастири: црква „Света Богородица - Пречиста“, во Ливерпул, Сиднеј; црква „Свети Климент Охридски“ - Порт Кембла; црква „Света Тројца“ во Сауталанд, Сиднеј; црква „Успение на Пресвета Богордица во Бризбен, **Манастир** „Свети Прохор Пчински“ во Донибрук, **Манастир** „Свети Наум Охридски“ - Роклин; **Манастир** „Света Петка“ - Кембала Гранџ.

Американско - канадска епархија	
Американско епархија (20)	**Канадска епархија (10)**

	1.Свети Апостоли Петар и Павле – Гровн Поинт, Индијана. САД; 2. Св. Кирил и Методиј – Виловбрук Илионис, САД 2. Св. Георгиј – Ондонда, Њујорк, САД 3. Св. Мери (Боговорица) – Стерлинг Хајтс САД 4. Св. Климент Охридски – Avon, Охајо, САД 5. Св. Кирил и Методиј – Седер Гроув Њу Џерси, САД 6. Св. Никола – Гриин Сити, Охајо, САД 7. Св. Димитрија – В. Хенриета Њујорк, Каролина, САД 8. Св. Мери (Богородица) Витиер, Калифорнија, САД 9. Св. Кирил и Методиј – Бласдел, Њујорк, САД 10. Св. Илија Синсинати, Охало, САД 11. Св. Мери (Богородица) – Рејнолбург Охајо, САД 12. Св. Никола – Тотова, Њуџерски, САД 13. Св. Параскева Петка – Чикаго, Илионис, САД 14. Св. Димитриј – Палм Бич Гарденс, Флорида, САД 15. Св. Георгиј Кратовски – Фармингтон Хилс Мисисипи или Милвоки, САД 16. Св. Георгиј – Рендолф , Њу Џерки, САД 17. Св. Климент Охридски – College Point, Њујорк, САД 18. Св. Јован Крстител – Њу Порт Ричи, Флорида, САД 19. Св. Архангел Михаил – Витман, Аризона, САД 20. Св. Наум Охридски – Саутемптон, Пенсилванија, САД	1. Св. Климент Охридски – Торонто, Канада; 2. Св. Никола – La Salle, Онтарио, Канада 3. Св. Наум Охридски – Хамилтон Канада 4. Св. Илија – Мисисага, Онтарио, Канада 5. Св. Димитриј Солунски – Мархам, Онтарио, Канада 6. Св. Неделе – Ајакс, Онтарио, Канада 7. Св. Мери (Богородца) – Кембриџ, Онтарио, Канада 8. Св. Илија – Торонто, Онтарио, Канада 9. Св. Атанасиј – Монтреал, Квебек, Канада 10. Св. Никола – Торонто, Онтарио, Канада
	Во Африка, во Египет: посета на пирамидите во Гиза, музеите во Александрија и Каиро, како и на манастирот Света Катерина на полуостровот Синај. Посета на седиштата во Александрија и Каиро на Александриската патријаршија (за Египет, Либија, Етиопија и цела Африка), како и на Коптска ориентална православна црква со седиште во Александрија. Посета на споменик на Александар III Македонски во Александрија, Египет. Посета на амбасади на РС Македонија ширум светот.	
НАСТАНИ	Посета на разни настани - фестивали и други манифестации во Турција (Измир - населба Буџа, Истанбул, Маниса и други места), во Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, и други во европските држави на кои учествуваат и Македонци. Посета на разни манифестации во соседните држави и во други европски држави а во организација на Македонци. Верски манифестации во дијаспората: Богојавление - Водици во Неиве - Италија; во Сиденј - Рокдаил и сл. Посета на разни манифестации во САД, Канада, Австралија, Нов Зеланд и други држави, особено на оние кои се во организација од Македонци. **Значајно за македонското културно наследство се и славните личности**: Особено Филип II и Александар III. Името Филип (значи оној што сака коњи) потекнува уште од антиката: прв антички крал на Македонија бил: Крал Филип I (640-602 г.пр.н.е.), друга значајна личност со име Филип е од Новиот Завет, Свети Апостол Филип итн. Името Александар (значи заштитник на луѓето); прв антички крал на Македонија бил Александар I (498-454 г.пр.н.е). Антички Македонски кралеви со име Филип и Александар:	

Филип (5)	**Александар (5)**
Филип I (640-602 г.пр.н.е.), Филип II Македонски (359-336 г.пр.н.е.); Филип III Аридеј (323-317 г.пр.н.е.); Филип IV (297-296 г.пр.н.е.); Филип V (221-179 г.пр.н.е.)	Александар I (498-454 г.пр.н.е); Александар II (370-368 г.пр.н.е.); Александар III Македонски (356-323 г.пр.н.е.); Александар IV Македонски (323-310 г.пр.н.е.); Александар V (296-294 г.пр.н.е.)

Во СР/РМ/РСМакедонија (1944-2024): Претседател на Извршен совет и Претседател на Влада на СРМ (1), вице премиер (1) министри (4)

Претседател на Извршен Совет и Претседател на Влада на СРМ	**Вице премиер на РСМ**	**Министер на РМ и РСМ**
Александар Грличков (1962-1965)	Александар Николоски (2024 -)	Александар Лепавцов (1991-1992), Александар Гештаковски (2002-2004), Александар Димитров (1998-2000) и Александар Николоски (2024 -)

Според податоци на ДЗС, за 2013 година во РСМ името **Александар се среќава (21343 пати)**, **Александра (8937)**; **Филип (9487)**, Филипа (21), Македон (30), Македонка (1656), Олимпија (18), **Никола (14984)**, Петар (9080), Лидија (4828), Кирил (3702), Наум/че (1684), Павле (1676), Методи/ј/а (1315). Климе/нт (880), Самоил/Самуил (226), Гоце (5779), Ѓорѓи (4447), или заедно **Гоце/Ѓорѓи (10226)**, Даме/Дамјан (4936), Јане (1634), Георги/ѓи/Ѓеорѓи/ја (1376) итн. Според

прегледот се гледа дека во РС Македонија најзастапени машки имиња се Александар, Никола, Гоце/Ѓорѓи и Филип, а од женските имиња се Марија (20130), Александра (8937), Ана (8097) итн.

Грција: Крал (1); Претседатели (2); Премиери (7) сите со име Александрос

Крал (1)	Претседател (2)	Премиер (7)
Александрос I (1917-1920)	Александрос Николау Маврокоратос (1822-1823); Александрос Трасивулу Андреу Заимас (1929-1935).	Александрос Николау Маврокоратос (1822-1823; 1833-1834; 1841; 1844; 1854-1855); Александрос Комундурис (1865; 1870-1871; 1875-1876; 1877; 1878-1880; 1880-1882); Александрос Заимас (1897-1899; 1901-1902; 1915; 1916; 1917; 1926-1928); Александрос Папанастасиу (1924; 1932); Александрос Корисис (1941); Александрос Диомидис (1950); Александрос Папагос (1952-1955);

Србија: Крал (3); Претседател (1) со име Александар

Крал (3)	Претседател (1)
Александар Караѓорѓевиќ (1842-1852); Александар I Обреновиќ (1889-1903); Александар I Караѓорѓевиќ (1921-1934)	Александар Вуиќ (2017 -)

Бугарија (2 цара со име Александар)	Русија (6 цареви со име Александар)
Иван Александар (1333-1371); Александар I (1879-1886)	Александар Јарославич Невски (1252-1263); Александар Михаиловиќ (1326-1327); Александар Василевич (1328-1331); Александар I Павлович (1801-1825); Александар II Николаевич (1855-1881); Александар III Александрович (1881-1894).

Имиња Филип имаат повеќе цареви и кралеви, во Шпанија (6 кралеви со име Филип), Франција (6), Англија (2) и др. Интересно, географски поим - државата Филипини, во основа во има името Филип.

Во светот постојат повеќе места со името „Македонија“, освен државата Македонија. На Балканот ги има и следните региони Македонија, три регион во Грција - Централна, Западна и Источна, регион Пиринска Македонија или Пиринский крај. Потоа две населени места Македонија, во Илиноис, САД; населено место Македонија, во Тексас, САД: неколку населби или административни единици Macedonia Township во државите Охајо, Мичиген и други во САД; 10-ина места низ светот (особено во САД) што го носат името „Македонија, на различни јазици и форми. Според податоците од Geo Tarqit, во светот постојат 21 место со името „Macedonia”, распространети низ 4 држави. Најголем број од нив се наоѓаат во САД, каде што има 17 различни локации со ова име, вклучувајќи градови и мали населби во државите како Охајо,Илиноис, Мичиген, Алабама и други. Останати места со име „Macedonija” се наоѓаат во државите Колумбија, Бразил (во државата Сао Пауло) и Романија (во регион Тимиш). Дополнително постојат и голем број на улици, плоштади, хотели, ресторани, маркети, молови со името Македонија, Александар, Филип итн.

Други интересни факти: Епископ Византиски до 300 година; има еден со име Александар (314-337), потоа Цариградски архиепископи (330-451): со име Македониј I (342-346; 351-350) има два, како и Цариградски патријарх (од 451 година) има еден со име Александар.

Светата православна црква во Цариград, (Истанбул), односно Вселенската патријаршија, за Вселенски патријарх со име Александар имала (1), Македониј/ус (2), Климент (1), Методиј (3), Кирил (7) и Самоел/уил (1).

Александар	Македониј/ус	Климент	Методиј	Кирил	Самоел/ил
Александар Цариградски или Сицилијански; (314-337)	Македониј I (342-346; 351-360); Македониј II Цариградски (495-511);	Климент I Цариградски (1667)	Методиј I (843-847) Методиј II (1240-1244) Методиј III (1668-1671)	Кирил I (1612-16330 Кирил II (1633-1639) Кирил III (1652; 1654) Кирил IV 1711-1713) Кирил V (1748-1757) Кирил VI (1813-1818) Кирил VII (1855-1860)	Самуил (1763-1768; 1773-1774)

Вселенски патријарси со потекло од Македонија биле двајца: Хрисант Цариградски, вселенски патријарх (1824-1826), роден во Долно Граматиково, Воденско, и Јоаким III Цариградски кој на два пати бил патријарх во 1878-1884; и во 1901-1912 год., и бил по потекло од Крушево (световно име Христос Деведзис).

Исто така, Царството Византија во Македонска династија на цареви од 867-1056 год. имала и цареви со име Филипик Вардан (711-713) и Александар (912-913).

Дури и на чело на Светата столица ВАТИКАН во Рим, стоеле папи кои го носеле името: Александар (8); Климент (14)

Александар (8)	Климент (14)
Александар I (105-115); Александар II (1061-1073); Александар III (1159-1181); Александар IV (1254-1261); Антипапа Александар V (1409-1410); Александар VI (1492-1503); Александар VII (1655-1667); Александар VIII (1689-1691)	Климент I (88-97); Климент II (1046-1047); Климент III (1187-1191); Климент IV (1265-1268); Климент V (1305-1314); Климент VI (1342-1352); Климент VII (1523-1534); Климент VIII (1592-1605); Климент IX (1667-1669); Климент X (1670-1676); Климент XI (1700-1721); Климент XII (1730-1740); Климент XIII (1758-1769); Климент XIV (1769-1774)

На чело на Македонската православна црква Јустинијана Прима и Охридска Архиепископија, имало само еден архиепископ Филип (1000-1015) а немало со име Александар.

Охридска архиепископија и патријаршија (91 архиепископ и патријарх) Македонска православна црква и охридска архиепископија (5 архиепископи)
Охридска архиепископија (91 архиепископ и патријарх): Климент 886-916; Герман или Гаврил 970-1000; Никола I 1000; **Филип 1000-1015**; Давид 1016-1018; Јован Дебарски 1018-1037; Лав I 1037-1056; Јован II Лампин (1065-1078; Теодул I 1056-1065; Јован III Анин 1078-1084; Теофилакт Охридски 1084-1107; Лав II Мунг 1108-1120; Михаил Максим 1120-1143; Јован IV Комнен 1143-1157; Констатин I 1160-1170; Адријан 1183; Јован V Каматир 1183-1215; Димитар Хоматијан 1216-1234; Јоаникиј Сергеј 1234-1250; Константин II Кавасила 1250-1263; Јаков I Проархиј 1263-1280; Генадиј 1285-1289; Макариј I 1290-1317; Григориј I 1317-1334; Антим Метохит 1334-1335; Непознато; Николај I 1345-1347; Непознато; Григириј II 1351-1378; Непознато; Матеј 1408-1410; Непознато; Никодим I 1452; Доситеј I 1452; Непознато; Марко II Цариградски 1465-1466; Доротеј 1466; Непознато; Николај II 1482; Захариј 1482; Непознато; Прохор 1528-1550; Симеон 1550-1551; Никанор 1551-1557; Пајсиј 1557-1566; Софрониј 1566-1572; Непознато; Гаврил 1580-1587; Теодул II 1587-1590; Јоаким 1590-1593; Гаврил 1580-1587; Атанасиј 1557-1566; Валаам 1597-1598; Нектариј 1598-1606; Митрофан 1614; Георгиј 1616; Нектариј II 1616-1624; Порфириј Палеолог 1624-1628; Јоасаф 1628; Аврамиј 1629-1637; Мелетиј 1637; Данаил 1640; Харитон 1643-1651; Дионисиј I 1652; Атанасиј II 1653-1658; Игнатиј 1660; Арсениј I 1662; Зосим I 1663-1670; Панарет I 1671; Нектариј III 1673; Итнатиј II 1675; Теофан 1676; Мелетиј II 1676; Партениј I 1677-1682; Партениј II 1679-1683; Игнатиј III 1693-1695 и 1703; Рафаил 1699-1702; Григориј III 1683-1688; Григориј IV 1691-1693; Зосим II 1695-1699, 1707 и 1708-1709; Методиј 1708; Герман 1688-1691, 1702-1703; Дионисиј II 1706-1707 и 1709-1714; Филотеј 1714-1718; Јоасаф II 1719-1745; Јосиф 1745-1751; Дионисиј III 1752-1756; Методиј II 1757-1758; Кирил I 1759-1762; Еремија 1763; Ананиј 1759-1762; Арсениј II 1763-1767; МПЦ-ОА (5): Доситеј II 1958-1981; Ангеларије II 1981-1986; Гаврил II 1986-1993; Михаил 1993-1999; Стефан 1999-

Значи, време е МПЦ-ОА за архиепископ или владика да именува со име Филип или Александар. Досега имало епископи и владици со име Кирил, Методиј, Климент, Наум, Горазд, Ангеларије итн.

Во оваа прилика ќе го споменеме и Жристфор Жефаровиќ (1690-1753) роден во Дојран а умира во Москва. Македонски уметник, зограф - иконописец, хералдичар, сликар, писател, поет, работел и на бакрорез. Сликал во црквите во Охрид, Кожани, Солун, потоа во Белград, Сремски Карловци, Бачка, манастир Бождани и Шиклош во Војводина, , Пешта (Будимпешта), Печ - Унгарија и др. места. Исто така, сликал и портрети на познати лица - патријарси и др. Во 1745 година оди и на поклонение во Ерусалим. Во Виена го издава делото „Описание на светитот Божји град Ерусалим“. Друго дело е „Срематографија“. Потоа заминува за Москва и се сместил во Богојавленскиот манастир каде ненадејно умира на 18 септември 1753 година.

Голем е бројот на организации, клубови, друштва и значајни личности во дијаспората и светот кои низ историјата, но и денес се борат за Македонија, Македонците, Македонскиот јазик, историја, црква и воопшто за македонското културно наследство. Исто така, тоа го прават и повеќе македонски организации во Македонија (Македонска агенција на иселеништво, Македонски светски конгрес и други).

Во функција на промоција на македонското културно наследство во соседството, дијаспората и светот се и десетината **културно - информативните центри** во Софија, Белград, Тирана, Загреб, Љубљана, Истанбул, Перт, Сиднеј, Сараево, Подгорица. Македонија треба оваа мрежа на

	КИЦ да ја прошири и во уште триесеттина други големи градови каде живеат Македонци: Рим, Париз, Берлин, Лондон, Виена, Будимпешта, Букурешт, Осло, Стокхолм, Копенхаген, Брисел, Женева, Атина, Москва, Варшава, Прага, Братислава, Њујорк, Вашингтон, Лос Ангелес, Торонто, Мексико, Александрија, Каиро, Тунис, Пекинг, Токио, Ерусалим, Тел Авив, Техеран, Њу Делхи, Дубаи, Бразилија, Буенос Аирес и др. Во промоцијата на македонското културно наследство значајна улога имаат и **македонските друштва за меѓудржавна соработка**.

Заклучни размислувања за македонското културно наследство

Ако Гоце Делчев „Светот го разбирал како поле за културен натпревар меѓу народите“. Денес, современите Македонци кои се распространети на разни страни во светот, со право можат да зборуваат за **Македонизам** и за **Македоекумена** - заедничка држава каде се слави Македонија, зборува Македонски јазик, се практикува македонско писмо, историја, култура и традиција. Доколку оваа идеа, во континуитет е поддржана од заеднички собор на матичната Македонија со дијаспората (пример: Македонски светски конгрес, Македонски екуменски собор, Македонска обединета дијаспора, Македонска религиска екумена и слично) ќе доведе до **Панмакедонизам** како културна а не националистичка и политичка идеа. Во прилог на ова зборуваат и над 20 градови и населби со име Македонија во повеќе држави во светот, десетици имиња на улици и плоштади кои го носат името Македонија, стотици споменици на славни македонски кралеви, цареви, светители, револуционери, учени лица, културни дејци, стотина цркви и манастири во дијаспората итн.

Оваа идеа, денес во скромни размери се практикува преку јавно и масовно изразување во форма на настап, манифестација, натпревар и слично, каде се претставува Македонија, Македонскиот јазик, историја, писмо, култура и традиција, и тоа на секаде каде Македонците имаат прилика да се претстават.

Доколку сакаме да ја зачуваме славата на Македонија, македонскиот јазик, писмо, историја, култура, традиција и друго, мора да имаме што повеќе културно информативни центри во повеќе милионски градови во светот.

Денес, никој не може да го негира постоењето на македонскиот народ, историја, јазик, култура, традиција и сл. Македонија - македонскиот јазик се дел од светската историја и култура, дел од светските народи и јазици членки на ООН - организација на обединетите нации. Светска организација во која членуваат држави претставени преку свои народи, нации и јазици. Меѓудругото Македонија е и членка на УНЕСКО.

Според тоа, сите кои го негираат постоењето на Македонија и Македонскиот народ, јазик, историја, култура итн, а во тоа предничат дел од соседните држави, односно нивните влади, имаат комплекс или чувство на некаков недостаток односно „Македонски синдром“. „Македонски синдром“ е психолошко - политички концепт на соседните народи и влади, па и други кои ја користат славата на античка Македонија, потоа на средновековна Македонија и така во континуитет ја негираат и ја присвојуваат Македонија како своја, а Македонците како дел од нивниот народ. Значи имаме државни политични влади (секоја чест на исклучоци) дволични - лицемерни, лажливи и неискрени исполнети со иронија, сарказам и обземени со злоба, грабливи, ненаситни и крволочни, кои му се настрвиле на еден мал и немоќен народ со светска слава.

Во периодот на Отоманското Царство, на Балканскиот Полуостров доминирале Словени, потоа Евреи, Грци и други. Дел од странските патописци забележале дека покрај погоре наведените имало и Македонци. Исто така, дел од странските патописци забележале дека месното население е лесно подмитливо и за пари може сè да направи. Оваа негативна особина била искористена и се почнало со поткуп за реализирање на планови за разделување и раскарување на балканските народи и вери. Така, како што слабеело Отоманското Царство, административната структура била разнишана. Странските пропаганди зачестиле. Со Отоманскиот закон од 1864 година направена е реформа на административната поделба на царството. Од делот на Македонија се формирале три вилаети: Солунски (1867 г.), Битолски (1873/74 г.) и Косовски (1877 г.) или познат и како Скопски вилает (од 1888 г.). Од тој период започнува и процес на реализирање на идеи на Големите европски сили, прво за создавање на едно (Кралство Грција) а па потоа и на други посебни држави (Кралство Србија и Кралство

Бугарија), за да по првата Балканска војна (1912 г.) и создавање на четврта држава (Кралство Албанија), но никако да се реализира идејата за петта држава (Кралство Македонија).

Се разбира, оваа идеа не се реализирала, една од причините бил и „стравот од воскреснување на славата на античкото Кралство Македонија“. Значи, се појавува комплексот на „македонскиот синдрома“, и тоа прво кај големите европски сили (Велика Британија, Франција, Германија, Русија, Австро-Унгарија) а потоа се пренесол на новоформираните мали балкански држави, соседи на Македонија. Кај малите балкански држави се поттикна желба кон територијата на Македонија и преку свои пропаганди и планови прво ќе предизвикаат две балкански војни и дефинитивна поделба на Македонија. Со поделбата се прекинал континуитетот на македонското историско и културно наследство.

Овој комплекс на „Македонски синдром“ за жал продолжува и денес и тоа врз независна Македонија, која прво мораше да го смени државното знаме, па името, „да се договара“ за јазикот, историјата, културното наследство итн. За реализација на овој и на други недемократски постапки се применуваат стари и нови политички и други методи од страна на соседите, а со логистика од големи држави, странски фондации кои имаат свои клонови овде итн. Вешто се координира стопанската и политичката транзиција, се врши корупција на невладини организации, политички лидери, политички партии, бизнисмени, научници и слично, како последица на тоа се доведе до социјална нееднаквост, осиромашување на граѓаните, се случија и воени конфликтни, разни афери, несреќи во кои настрадаа невини граѓани, загадување на природната и животната средина, емиграција на работоспособно население, уништување на стопански, нестопански гранки, правна држава, па дури и до негирање и загрозување на македонското историско и културно наследство во државата и насекаде во светот. Со една цел, РС. Македонија да стане несигурно место за живеење за младите, а за старите нездраво - морбидно место. Сепак, има надеж, Македонија повторно станува многу тежок јазол - тешко решлив проблем за соседите кои неможат да ги реализираат своите амбиции.

Во контекст на негирање и присвојување на македонската историја и културно наследство предничат соседите. Така, за нив, Александар III Македонски не е Македонец, туку е Грк, дека има Илирско - албанско потекло, па дури дека имал бугарско или српско потекло !? Кај балканските соседи „македонскиот синдром“ оди понатаму и периодот од смртта на Александар, од 323 г. пр.н.е до 30 г. пр.н.е, односно паѓање на Египет под Римска власт не е македонски период туку, како хелинизам (латинска измислица за една древна религија кога народот верувал во Богот на Сонцето и нема никаква врска со Ахаја или Стара Грција), други пак зборуваат дека Македонија била дел од Илирија и сл.

За сметка на Македонија и Македонците, денешните соседни народи (Срби, Бугари, Албанци и Грци) се поистоветуваат како наследници на старите Тракијци, Мезијци, Илири, Епирци, Дардани, Тесалијци, Елини кои биле освоени од македонското кралство и повеќе векови биле во симбиоза со античките Македонци и станале Македонци. Туку, напротив се декларираат дека од секогаш биле посебни народи, иако во светската историја е потврдено дека денешните држави и народи Срби, Бугари, Албанци, Грци и други се појавуваат векови подоцна.

Понатаму, истите тие денешни народи, непризнавањето на македонската историја и културно наследство го продолжуваат и со преземање на историски познати личности, историја и културно наследство како дел од нивната историја и култура. Исто така, и други познати личности од македонската историја, нашите соседни ги присвојуваат во нивната историја и славни како Александар Македонски. (Пример: Георги Ѓорѓи Кастриот - Александар (1405-1468) православен македонски средновековен крал и херој со мијачко потекло, крал на Епир и Македонија (Албанците, со формирањето на Албанија 1912 година го прилепија кон нивната историја, му ја сменија верата и името од Александар - Искендер во Скендер Бег, како албански национален херој), потоа Сулејман Величествени, Стефан Немања, Стефан Душан, Симеон I Велики итн.), исто така присвојуваат и повеќе историски настани како да се дел од нивната историја и културно наследство.

Жртвите или оние кои имаат „македонски синдром“ покажуваат две клучни карактеристики. Позитивни чувства кон нивните освојувачи (Македонците) и негативни чувства, како гнев, недоверба, пост трауматски стрес на агресивност за преживување односно од жртва станува насилник или освојувач (негирање на Македонија и се што е македонско - историја, народ, јазик, културно наследство и др.).

Ова покажува дека сите народи што живеат во јужниот дел од Балканскиот Полуостров, треба да престанат со преземање - крадење на туѓи истории, личности и слично. Во спротивно сите меѓусебно ќе се погубат и ќе исчезнат. Значи, време е сите да се обединат и да се декларираат, прво: како нација на современи Македонци во кои влегуваат Македонци, Власи, Грци, Албанци, Срби, Бугари, Роми, Турци кои практикуваат повеќе јазици: прво македонскиот (како стандарден државен јазик), а потоа своите јазици (како локални јазици, во локалните средини во јавната администрација, образование и во јавниот живот, секако доколку се користат алатки на вештачка интелигенција). Или, како второ: во блиска иднина, да егзистираат како посебни народи, нации со свој јазик, историја, религија, културно наследство и кои без условно меѓусебно се разбираат и почитуваат, користејќи ја широко распространета говорна вештачка интелигенција на локално и глобално ниво.

Пример на нација или спојување на народи, етнички заедници, религии, група на луѓе со исто потекло во држава како политичко - територијална заедница која влијае на сите свои граѓани преку своето законодавство и државна политика, има повеќе. Пример: нација Американци во САД, нација Канаѓани во Канада, нација Австралијци во Австралија, нација Британци во Обединетото кралство, нација Французи во Франција, нација Германци во Германија, нација Шпанци во Шпанија, нација Европејци и други, во кои влегуваат многу народи, нации, етнички заедници, групи и религии.

Современата историјата ги памети и Југословенска нација, Советска нација, Чехословачка нација кои биле политички испровоцирани а дел од нив како резултат и на братоубиствени војни се распаднаа на повеќе народи.

Второто размислување - егзистирање на посебни народи, нации со свој јазик, историја, религија, културно наследство кои без условно меѓусебно се почитуваат, е главната аксиома или апсолутно прифатлива вистина на светската Организацијата на Обединети Нации.

Денес, во светот се појави широко распространета идеа за создавање на Светска нација која ќе биде реалност во блиска иднина а за тоа ќе помогне современата технологија или вештачка полиглотска интелигенција на паметни уреди и роботи за читање, пишување и говорење на сите светски јазици. Дали тоа ќе се случи или повторно во светот ќе има една или неколку големи сили кои ќе владеат со светот и ќе го стават во тежок пат исполнет со многу страдања (Одговор на ова е тешко да се даде, подвлекол НВД)

Оптимистички е да веруваме дека во блиска иднина ќе се спасат сите мали народи, нации, јазици од изумирање, бидејќи вештачката интелигенција успешно ќе кодира, преведува и ќе ги зборува сите јазици на земјата. Исто така, се надеваме, дека, на Земјата ќе нема потреба народите да водат политики на негирање и за меѓусебно војување, туку политики за нови откритија, патувања, населување и туристички патувања во вселената и ново откриените планети.

Денес, а особено во блиска иднина, целокупната светска историја и културно наследство, меѓу кои и македонската историја и културно наследство покрај реално ќе се презентира и виртуелно преку вештачката интелигенција (разни перформанси културни музички, филмски, театарски, уметнички, спортски, гастрономски, фолклорни, архитектонски, креативни индустрии, изложби, музеи, виртуелен туризам во кои покрај луѓе ќе учествуваат и роботи кои ќе го доловат животот на познатите историски личности и настани од историјата и реалноста).

Како и да биде, едно е јасно, дека, дел од славната античка Македонија, односно македонско културно наследство има свои претставници и на небото. Така, Персеј (212-165 г. пр. н. е) - името на последниот македонски крал „има свое сознездие“. Сознездието Персеј било забележано уште во древна Грција. Имено, според митологијата Персеј бил грчкиот јунак, син на Зевс и Данаја, кој ја убил Медуза Горгона. Меѓу другото се споменува дека заминал и во земјата на Пелазгите, односно во Македонија. Тоа значи дека Персеј бил познат како храбар јунак и во древна Македонија, па затоа и неговото име го носел и еден македонски крал (подвлекол НВД).

Сознездието Персеј е познато и по метеорскиот рој Персеиди, кој е најспектакуларниот метеорски рој (метеорски дожд) во годината. Персеидите својот максимум го достигнуваат во текот на месец август кога се најсјајни и во најдобри временски услови во просек можат да се набљудуваат цела минута како зад себе оставаат сјајна трага. (Можеби, од метеорскиот рој Персеиди пред повеќе милијарди годни, паднале метеорити кои го донеле животот на Земјата, подвлекол НВД). Сознездието Персеј содржи 90 ѕвезди видливи со голо око. Најблиската ѕвезда

од ова сосвездие е оддалечена 100 светлосни години. Она по што е посебно сосвездието Персеј е двостраниот расеан збир на ѕвезди. Збирот на ѕвезди е видлив со голо око, а податоци за нив се појавуваат уште од 150 година пред наша ера. (Уште едно, совпаѓање, тоа е период кога умираат Филип и Александар - двата сина на крал Персеј, и нивните души заминале во сосвездието кај својот татко, каде, можеби имаат свои ѕвезди - сонца и планети, подвлекол НВД).

Според етноастрономијата верувањата и обичаите на македонскиот народ во руралниот простор или народниот поглед на светот а поврзани со небото, сосвездието Персеј, во неколку села е именувано како Јарем.

Исто така, македонско културно наследство е пренесено и преку имињата на најпознатите кралеви на античка Македонија - Филип и Александар кои ги има и на небото. Така, факт е дека на Месечината - Земјиниот природен сателит има кратер со име Александар со пречник од 94 км, како и кратер Филип (по името на Јон Филип - британски геолог, но сепак го носи името Филип, подвлекол НВД).

Денес, НАСА голем број галаксии, сосвездија, ѕвезди, планети и други небесни тела ги означува со бројки, но во иднина ќе ги именува и со македонско културно наследство, како што се имињата: Македонија, Филип, Александар, Пердика, Аминта, Архелај, Персеј, Никола, Самоил, Павле, Лидија, Кирил, Методиј, Климент, Наум, Марко, Гоце, Даме, Јане, Крсте, Кузман, Блаже, Вардар, Пелистер, Охрид, Крушево, Пелагонија, Бигла итн. (подвлекол, НВД).

Вселената не умира, според тоа, ако Македонија, македонското кралство, кралеви - цареви, револуционери, претседатели, научници и други македонски личности, како историско и културно наследство се негирани на Земјата, на небото и во вселената ќе бидат вечни (подвлекол, НВД).

Литература и други извори

1.Никола В. Димитров (2022): Природно и културно наследство, УГД, Штип
2. Македонска енциклопедија I, II, (2009): МАНУ, Скопје
3. Dimitrov, Nikola (2023): *"Biblical Macedonia" - Tourist challenge.* International Journal of Economics, Management and Tourism, 3 (1). pp. 97-107. ISSN 2671-3810;
4. Dimitrov, Nikola (2024): *Macedonian identity - UNESKO world heritage - Arguments and propositions - ,* International Journal of Economics, Management and Tourism, 4 (1). pp. 65 - 75. ISSN 2671-3810;
5. Речник на Светото писмо, (2011): (Библиски речник), со додаток на лични имиња од македонско и црковно потекло, Битола
6. Нова енциклопедија у боји (1977): Вук Караџиќ - Larousse, I, II, Вук Караџиќ, Београд - Љубљана
7. Мала енциклопедија просвета - општа енциклопедија - (1986): 1-3, Просвета, Београд
8. Георги Острогорски (1992): Историја на Византија, Наша книга, Скопје
9. Славко Димески (1989): Историја на македонската православна црква, Македонска книга, Скопје
10. Персеј (212 - 165 г. п.н.е.) - последниот крал на античка Македонија : (2009): Реферати од меѓународниот научен собир одржан на 27-28 април 2007 година во Битола, Македонско научно друштво - Битола и Здружение за промоција на Градиште / Персеида - Битола, Битола
11. Кирил Добрушевски, (2009): За смртта и за гробницата на Персеј, Зборник на реферати од меѓународниот научен собир одржан на 27-28 април 2007 година во Битола
12. Добре Тодоровски, (2009): Црнобуки - Црноболки, Битола
13. Македонска православна црква - Охридска архиепископија, Податоци од веб страната: https://www.m-p-c.org/?page_id=37;
14. Државен завод за статистика на РС Македонија, податоци од веб страната: https://stat.gov.mk
15. Сотир Галабовски, (1999): Историја на македонската музика, „Просветно дело“ Скопје
16. Ива Новак, (2008): Богови и херои во грчката и римската митологија, Македонска книга, Скопје
17. Вселена, Детален илустриран водич, (2008): Македонска книга Скопје
18. Хана Картунен, Пека Кругер, Хеики Оја, Марку Путанен, Карл Ј. Донер, (2009): Основи на астрономијата, петто издание, Просветно дело А.Д., Скопје.
19. Бранислав Шеварлиќ и Софија Саџаков, (1972): Астрономски атлас, за ученике основне и средњих школа, Завода за уџбенике и наставна средства Србије, Београд
20. Muhamed Muminovic, (1989): Aastrognozija - putovanje kros sazvijezda-, Sarajvo
21. Ѓоре Ценев, (2004): Небото над Македонија, Младински културен центар, Скопје
22. Muhamed Muminovic, M. Stupara, B. Vuksanovic, (1985): Atlas Mjeseca, Sarajevo

УДК: 338.486.41:303.71(497.735)”2015/2024”

ОД СТАБИЛНОСТ ДО КРИЗА И НАЗАД: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРОМЕТ ВО БЕРОВО ПРЕД И ПО COVID-19 (2015–2024)

Мартин Џамбаски[1], Наташа Митева[2], Душица Попова[3]

[1]Студент на втор циклус студии, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет ,,Гоце Делчев”, Штип, Р.С. Македонија
martin.217175@student.ugd.edu.mk
[2]Вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет ,,Гоце Делчев”, Штип, Р.С. Македонија
natasa.miteva@ugd.edu.mk
[3]Доцент, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет ,,Гоце Делчев”, Штип, Р.С. Македонија
dusica.saneva@ugd.edu.mk

Апстракт

Овој труд ги анализира промените во туристичкиот промет во Берово пред и по пандемијата COVID-19, со фокус на сезоналноста и должината на престој кај домашни и странски туристи. Истражувањето ги опфаќа годините 2015–2024 и се базира на официјални статистички податоци. Резултатите покажуваат значителен пад во 2020 година, но и постепено опоравување и порамномерна распределба на туристите во следните години. Забележлив е пораст на интересот за посета надвор од главната сезона и пократки престои. Трудот ги истакнува потенцијалите за ревитализација на руралниот туризам преку прилагодена понуда и фокус на домашниот пазар.

Клучни зборови: Берово, туризам, сезоналност, COVID-19, рурална дестинација

Вовед

Туризмот претставува значаен двигател на економскиот развој, особено за помалите и рурални заедници како Берово. Со својата природна убавина, чист воздух и можности за активен одмор, Берово се позиционира како атрактивна дестинација за домашни и странски туристи. Меѓутоа, пандемијата COVID-19 предизвика сериозни нарушувања во туристичкиот сектор ширум светот, вклучително и во Македонија. Ограничувањата за патување, здравствените протоколи и промените во однесувањето на туристите имаа директно влијание врз динамиката на туристичкиот промет, сезоналноста и должината на престој.

Овој труд има за цел да ја анализира еволуцијата на туристичкиот промет во Берово во периодот од 2015 до 2024 година, со фокус на споредбата пред и по пандемијата. Истражувањето се базира на официјални статистички податоци и вклучува анализа на сезонските флуктуации и просечната должина на престој кај домашните и странските посетители. Разбирањето на овие трендови е од суштинско значење за креирање ефективни стратегии за развој на туризмот во посткризни услови, со цел подобрување на туристичката понуда и зголемување на конкурентноста на руралните дестинации.

Теоретски пристап

Руралниот туризам претставува важен сегмент од туристичката понуда, особено за подрачја како Берово, каде што доминираат природните ресурси, традицијата и мирната околина. Тој се смета за алтернатива на масовниот туризам и може значително да придонесе кон локалниот економски развој, зачувување на културното наследство и зголемена вклученост на локалното население во туристичките активности.

Сезоналноста, како појава на нерамномерна распределба на туристичкиот промет низ годината, е еден од најчестите предизвици со кои се соочуваат руралните дестинации. Таа создава нестабилност во приходите, оптоварување на капацитетите во одредени месеци и недоволна искористеност во останатиот дел од годината. Како што укажува Иванов (2017), надминувањето на сезоналноста бара стратешко планирање, проширување на туристичката понуда и развој на активности надвор од главната сезона.

Пандемијата COVID-19 предизвика глобални нарушувања во туристичкиот сектор и отвори прашања за отпорноста и флексибилноста на дестинациите. Истражувањата (Gössling et al., 2021; UNWTO, 2022) укажуваат дека домашниот туризам играл клучна улога во одржување на минимално ниво на туристичка активност, особено во руралните области. Истовремено, промените во однесувањето на туристите доведоа до зголемен интерес за посети на дестинации кои нудат помалку гужва, контакт со природа и автентично искуство.

Во ваков контекст, Берово има потенцијал да се развие како стабилна и атрактивна рурална дестинација, под услов да се следат современите трендови и да се применат прилагодени решенија за намалување на сезоналноста и привлекување туристи преку целата година.

Методологија

Истражувањето е засновано на квантитативна анализа на официјални статистички податоци објавени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Податоците се однесуваат на бројот на домашни и странски туристи, како и бројот на реализирани ноќевања во општина Берово за периодот 2015–2024 година.

Во рамки на анализата, туристичкиот промет е разгледуван според два временски интервали:

- **пред пандемијата (2015–2019)**
- **по почетокот на пандемијата (2020–2024)**

Анализата опфаќа повеќе основни индикатори:

1. **Сезоналност** – анализа на бројот на туристи по месеци, со цел идентификација на пикови, флуктуации и евентуални промени во моделот на посета поради здравствената криза.
2. Анализа на просечниот број на туристи во периодот пред и после пандемијата.
3. **Просечна должина на престој** – пресметана како однос помеѓу бројот на ноќевања и бројот на туристи за секоја година, одделно за домашни и странски посетители.
4. Процентуални промени во бројот на домашни, странски и вкупен број на туристи

Дополнително, податоците се обработени со помош на Microsoft Excel, при што се изработени табели и графикони кои овозможуваат визуелна споредба на трендовите пред и по пандемијата. Резултатите се презентирани преку споредбена анализа и се користат за формулирање на препораки за понатамошен развој на туризмот во регионот.

Табела 1. Просечна должина на престој на домашни и странски туристи во Берово (2015–2024)
Table 1. Average Length of Stay of Domestic and Foreign Tourists in Berovo (2015–2024)

ГОДИНА	Вкупен број на домашни туристи	Вкупен број на ноќевања од домашни туристи	Вкупен број на странски туристи	Вкупен број на ноќевања од странски туристи	Просечен престој на домашни туристи	Просечен престој на странски туристи
2015	7216	13328	2511	4898	1,85	1,95
2016	8090	15321	3382	6026	1,89	1,78
2017	9905	18663	4050	6822	1,88	1,68
2018	9581	17675	4609	7562	1,84	1,64
2019	8083	15599	5442	9052	1,93	1,66
Вкупно	**42875**	**80586**	**19994**	**34360**	**1,88**	**1,72**
2020	10822	22187	755	1214	2,05	1,61

2021	10993	20257	3470	5460	1,84	1,57
2022	10417	18260	3088	5347	1,75	1,73
2023	8689	15362	3292	5313	1,77	1,61
2024	8101	14325	3258	5173	1,77	1,59
Вкупно	**49022**	**90391**	**13863**	**22507**	**1,84**	**1,62**

***Извор**: Државен завод за статистика, сопствена обработка на податоци*
***Source:** State Statistical office, own data processing*

Податоците од Табела 1 укажуваат на видливи разлики во просечната должина на престој кај домашните и странските туристи во Берово во периодот од 2015 до 2024 година. Кај домашните туристи, просечниот престој се движи од 1,75 до 2,05 ноќевања, со највисока вредност во 2020 година, што може да се поврзе со ограничените можности за патување во странство за време на пандемијата. Во споредба со нив, странските туристи имаат нешто пократок престој во постпандемискиот период, со просечна вредност која паѓа под 1,70, за разлика од 2015 кога достигнува 1,95 ноќевања.
Кумулативно, просечниот престој за целиот период изнесува 1,84 ноќевања кај домашни туристи и 1,62 кај странски туристи, што укажува на потреба за зголемување на понудата и содржините што би мотивирале подолг престој, особено кај странските гости.
Дополнително, се забележува релативна стабилност на престојот кај домашните туристи по 2021 година, што може да укаже на постепено нормализирање на навиките за патување, но и на потенцијал за развој на домашниот туризам како основа за локален раст.

Табела 2. Анализа на бројот на домашни и странски туристи по години во Берово (2015–2024)
Table 2. Analysis of the Number of Domestic and Foreign Tourists per Year in Berovo (2015–2024)

ГОДИНА	Домашни туристи (Д)	Странски туристи (С)	Вкупно туристи по година (Д+С)
2015	7216	2511	9727
2016	8090	3382	11472
2017	9905	4050	13955
2018	9581	4609	14190
2019	8083	5442	13525
Вкупно	**42875**	**19994**	**62869**
2020	10822	755	11577
2021	10993	3470	14463
2022	10417	3088	13505
2023	8689	3292	11981
2024	8101	3258	11359
Вкупно	**49022**	**13863**	**62885**

***Извор**: Државен завод за статистика, сопствена обработка на податоци*
***Source:** State Statistical office, own data processing*


Табелата прикажува податоци за бројот на домашни и странски туристи во Берово во периодот од 2015 до 2024 година. Во првите пет години (2015–2019), може да се забележи континуиран пораст на туристичкиот промет, како кај домашните, така и кај странските туристи. Бројот на домашни туристи се зголемувал од 7.216 во 2015 година на 8.083 во 2019 година, додека бројот на странски туристи од 2.511 достигнал 5.442 во 2019 година. Ова укажува на позитивен тренд

и зголемен интерес за Берово како туристичка дестинација, особено со зголемување на присуството на странски туристи.

Сепак, во 2020 година, поради пандемијата со COVID-19, доаѓа до драстичен пад на бројот на странски туристи, кои од 5.442 паѓаат на само 755, што претставува пад од над 85%. И покрај тоа, бројот на домашни туристи останува релативно висок – 10.822, што покажува дека домашниот туризам имал стабилизирачка улога во услови на глобална здравствена криза.

Во периодот по пандемијата (2021–2024), се забележува постепено враќање на странските туристи, но тие сè уште не го достигнуваат нивото од 2019 година. Во 2021 година имало 3.470 странски туристи, а во 2024 нивниот број е 3.258. Домашните туристи исто така бележат пад по 2021 година – од 10.993 на 8.101 во 2024 година, што може да укажува на променети навики, економски фактори или зголемена конкуренција од други дестинации.

Вкупно, анализата покажува дека Берово бележело позитивен туристички развој до почетокот на пандемијата, со зголемен број и на домашни и на странски туристи. Пандемијата имала значително влијание врз странскиот туризам, додека домашниот туризам останал на високо ниво и помогнал да се одржи туристичката активност. Во последните години, се забележува обид за стабилизација, но потребни се дополнителни напори за повторно привлекување на странски гости и за зајакнување на локалниот туристички бренд.



Слика 1. Анализа на процентуалните промени на туристите по години
Figure 1. Analysis of the Yearly Percentage Changes in the Number of Tourists

Табела 3. Анализа на процентуалните промени на туристите по години
Table 3. Analysis of the Yearly Percentage Changes in the Number of Tourists

ГОДИНА	Домашни туристи	Странски туристи	Вкупен % на туристи по година
2015	17,56%	-16,52%	6,35%
2016	12,11%	34,68%	17,93%
2017	22,43%	19,75%	21,64%
2018	-3,20%	13,80%	1,68%
2019	-15,63%	18,07%	-4,68%
2020	33,88%	-86,12%	-14,40%
2021	1,58%	3,59%	24,92%
2022	-5,23%	-11,01%	-6,62%
2023	-16,58%	6,61%	-11,28%

2024	-6,76%	-1,03%	-5,19%

**Извор на податоци за графикот*
**Source of data for the chart*

Покрај апсолутните податоци, процентуалните промени претставуваат значаен индикатор за трендовите во туристичкиот промет. Во периодот од 2015 до 2019 година се забележува позитивен раст, особено кај домашните туристи (на пример, 22,43% во 2017), како и кај странските (34,68% во 2016).
Пандемијата COVID-19 во 2020 година предизвикува драстично намалување на странските туристи за 86,12%, додека кај домашните туристи изненадувачки има раст од 33,88%, што укажува на засилена ориентација кон домашниот туризам. Во следните години се забележува нестабилен тренд, со неколку мали порасти и падови, а вкупниот број туристи повторно опаѓа во 2023 и 2024 година.
Овие податоци покажуваат дека заздравувањето на туристичкиот сектор е бавно и нестабилно, особено кај странските посети, што укажува на потреба од нови стратегии за привлекување на туристи и долгорочна одржливост.


Табела 4. Анализа на бројот на реализирани ноќевања од домашни и странски туристи во Берово (2015–2024)
Table 4. Analysis of the Number of Overnight Stays by Domestic and Foreign Tourists in Berovo (2015–2024)

ГОДИНА	домашни туристи	Странски туристи	Вкупно ноќевања по година
2015	13328	4898	18226
2016	15321	6026	21347
2017	18663	6822	25485
2018	17675	7562	25237
2019	15599	9052	24651
Вкупно	**80586**	**34360**	**114946**
2020	22187	1214	23401
2021	20257	5460	25717
2022	18260	5347	23607
2023	15362	5313	20675
2024	14325	5173	19498
Вкупно	**90391**	**22507**	**112898**

***Извор**: Државен завод за статистика, сопствена обработка на податоци*
***Source:** State Statistical office, own data processing*


Податоците за бројот на остварени ноќевања претставуваат важен индикатор за активноста на туристите и нивното економско влијание врз дестинацијата. Во периодот од 2015 до 2024 година, во општина Берово се забележува променлива динамика на ноќевањата од домашни и странски туристи, што се должи на глобални и локални фактори, меѓу кои најзначаен е ефектот од пандемијата COVID-19.
Во предпандемискиот период (2015–2019), се забележува континуиран пораст на бројот на ноќевања. Домашните туристи доминираат со над 80,000 остварени ноќевања во овој период, додека странските туристи бележат раст од 4,898 во 2015 година на 9,052 во 2019 година. Највисока вкупна бројка се бележи во 2017 година со 25,485 ноќевања, што укажува на зголемен интерес за Берово како мирна и автентична рурална дестинација.
Пандемијата во 2020 година носи драстичен пад на странските ноќевања, кои се сведуваат на само 1,214 – што е повеќе од седум пати помалку од претходната година. Во исто време, бројот на ноќевања од домашни туристи бележи раст и достигнува 22,187. Ова укажува дека во услови на затворени граници и ограничени патувања, домашниот туризам станува клучен двигател на туристичката активност.

Во постпандемискиот период (2021–2024), се бележи постепено стабилизирање на странските ноќевања, но не се враќаат на нивото од 2019 година. Од друга страна, домашните ноќевања покажуваат тренд на опаѓање – од 20.257 во 2021 година на 14,325 во 2024 година. Вкупниот број на ноќевања во последните четири години (2020–2024) изнесува 112,898, што е малку помалку од претходниот петгодишен период (114,946), и покрај влијанието на пандемијата.
Овие податоци покажуваат дека Берово како туристичка дестинација е силно зависна од домашниот пазар, а закрепнувањето на странските туристи оди со побавна динамика. Во иднина, потребна е дополнителна поддршка за промоција на дестинацијата на странски пазари, како и за создавање услови за продолжување на престојот на туристите.



	Јануари	Февруари	Март	Април	Мај	Јуни	Јули	Август	Септември	Октомври	Ноември	Декември
2015	756	469	696	768	909	807	1185	1120	961	716	565	775
2016	863	694	1019	896	694	893	1449	1273	1081	934	772	904
2017	864	933	976	1060	1192	968	1625	1853	1198	1078	996	1212
2018	996	821	909	1001	1219	1024	1425	2026	1260	1168	1187	1154
2019	915	732	1042	935	1077	1082	1249	1782	1132	1023	1151	1405

Слика 2. Сезоналност на туристичкиот промет во Берово по месеци 2015-2019
Figure 2. Monthly Seasonality of Tourist Arrivals in Berovo (2015–2019)



	Јануари	Февруари	Март	Април	Мај	Јуни	Јули	Август	Септември	Октомври	Ноември	Декември
2020	845	971	363	0	0	472	1702	1674	1517	1437	1058	1538
2021	1344	1073	794	618	1246	1109	1428	2247	1494	1273	898	939
2022	1303	858	727	733	975	875	1252	2289	998	1347	1099	1049
2023	1208	725	791	863	893	773	1085	1505	1099	1243	714	1082
2024	1105	728	911	712	979	857	1088	1220	1092	984	820	863

Слика 3. Сезоналност на туристичкиот промет во Берово по месеци 2020-2024
Figure 3. Monthly Seasonality of Tourist Arrivals in Berovo 2020–2024

Сезоналноста на туристичкиот промет во Берово во периодот од 2015 до 2024 година покажува јасно изразена зависност од летната сезона, со значително зголемување на бројот на туристи во месеците јули и август. Овој тренд се повторува речиси секоја година, без разлика на надворешните фактори, вклучувајќи ја и пандемијата COVID-19.

Во предпандемискиот период (2015–2019), највисоки бројки на туристички посети се регистрираат во август. На пример, во август 2018 година се евидентирани 2.026 туристи, а во истиот месец во 2019 година – 1.782 туристи. Сличен раст е присутен и во месеците јули и септември, што укажува на тоа дека туристичката сезона се протега од јули до септември, со можност за продолжување на сезоната и во октомври.

Сепак, месеците како јануари, февруари и март имаат значително понизок број на туристи. Во јануари 2015 се забележани 756 туристи, додека во февруари и март бројките паѓаат под 700. Тоа укажува на ниска активност во зимските и рано-пролетните месеци, веројатно поради временските услови и недоволна понуда на активности во тој период.

Во периодот по пандемијата (2020–2024), туристичкиот промет се менува. Годината 2020 покажува силен удар од пандемијата, со 0 туристи во април и мај, и намален број на посети во остатокот од годината. Сепак, месеците јули и август 2020 повторно имаат висок број на туристи – 1.702 и 1.674, што укажува на интерес од домашниот пазар за одмор во природна, мирна средина како што е Берово.

Во 2021 и 2022 се забележува закрепнување. На пример, во јули 2021 има 1.428 туристи, а во август 2.247, бројки слични на предпандемискиот максимум. Во 2023 и 2024 се забележува постепено намалување, но сепак со стабилно присуство на туристи во текот на целата година.

Важно е да се напомене дека летните месеци остануваат доминантни, додека потребата за дестинациско урамнотежување преку активности во есенски и зимски периоди останува отворена како предизвик.

Заклучок

Истражувањето покажува дека Берово, како рурална дестинација, се соочило со сериозни предизвици поради пандемијата COVID-19, особено во делот на странскиот туризам. Сепак, домашниот туризам одиграл стабилизирачка улога и помогнал да се одржи туристичката активност. Во постпандемискиот период се забележува постепено опоравување, но сè уште недостасува долгорочна стабилност.

Ова отвора можности за проширување на туристичката понуда преку активности надвор од главната сезона и зголемена промоција на дестинацијата на странски пазари. Вклучувањето на дигитални алатки, одржливи практики и активна улога на локалното население се клучни за унапредување на руралниот туризам во иднина.

Берово има потенцијал да се развие во конкурентна и препознатлива рурална дестинација, доколку се применат стратешки решенија базирани на податоци и соработка меѓу јавниот и приватниот сектор.

Литература

Gössling, S., Scott, D. & Hall, C. M. (2021). Pandemics, tourism and global change: A rapid assessment of COVID-19. *Journal of Sustainable Tourism, 29*(1), 1–20.

Lane, B. & Kastenholz, E. (2015). Rural tourism: The evolution of practice and research approaches – Towards a new generation concept? *Journal of Sustainable Tourism, 23*(8–9), 1133–1156.

Ministry of Economy of North Macedonia. (2021). *Strategic plan for the development of rural tourism 2021–2025.* Skopje: Ministry of Economy.

OECD. (2024). *OECD tourism trends and policies 2024.* Paris: OECD Publishing.

UNWTO – World Tourism Organization. (2024). *International tourism to reach pre-pandemic levels in 2024.* Madrid: UNWTO. https://www.unwto.org

UNWTO – World Tourism Organization. (2022). *Impact assessment of the COVID-19 pandemic on tourism.* Madrid: UNWTO. https://www.unwto.org

Иванов, С. (2017). *Сезоналноста во туризмот: предизвици и можности.* Скопје: Економски факултет – УКИМ.

Стојаноска, В. (2021). Промени во туристичкото побарување како резултат на пандемијата COVID-19. *Годишник на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, 16*, 45–56.

Онлајн извори:

Државен завод за статистика (2024). *Туристички движења по општини (2015–2024)*. Скопје: ДЗС. Достапно на: https://www.stat.gov.mk

Eurostat (2023). *Tourism statistics – nights spent at tourist accommodation establishments*. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat

УДК: 338.488.2:640.4(497.775)

ПРИКАЗ НА ПРЕХРАМБЕНИТЕ, УГОСТИТЕЛСКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ФУНКЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

Цане Котески[1], Златко Јаковлев[2]

[1]Редовен професор, Факултет за Туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, cane.koteski@ugd.edu.mk

[2]Редовен професор, Факултет за Туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk

Апстракт. Во научниот труд детално се прикажани сите прехрамбени, угостителски и други објекти во функција за развој на туризмот во сите 59 населени места во општина Прилеп. Прво е дадена карта за географската положба на ОП. Прилеп во границите на Северна Македонија. Од прехрамбените и угостителските објекти кои постојат во ОП. Прилеп евидентирани се и табеларно презентирани се според дејноста следните објекти: Етно ресторани, угостителски објекти ресторани, гостилници, кафичи кафе барови, барови и кафе клубови, лаунџ барови, пицерии, слаткарници, бурекџилници, леб и бели пецива, пекарници- фурни, пивари и винарии. Како други објекти во функција за развој на туризмот во ОП. Прилеп евидентирани се и табеларно презентирани се следните објекти: Планинарски домови, ловечки куќи, ботанички патеки, природни резервати, медарници за производство на мед, паркови, базени, фонтани, аква паркови, спа центри, спортски обложувалници, културни домови, продавници, цвеќари и цвеќарници, бербери, фризери, библиотеки, пошти, банки, банкомати, менувачници, болници, амбуланти, стоматолошки амбуланти, итна медицинска помош, против пожарна служба и полициски станици. Во 2006 година за првпат е изработена туристичка карта и е извршено мапирање на сите туристички потенцијали на градот Прилеп. За изработката на научниот труд користени се: теренски истражувања, метод на анкетирање, научна и стручна литература, статистички годишници и зборници. На крај се дадени разни анализи, предлози и заклучоци за улогата на прехрамбените, угостителските и другите објекти во функција на туризмот и неговиот развој во ОП. Прилеп.

Клучни зборови: *Туризам, гастрономија, прехрана, угостителство, други објекти*

1. Вовед

Општина Прилеп се наоѓа во северозападниот дел на Пелагонискиот плански регион. Според површината Општина Прилеп е најголема општина во РС Македонија. Градот Прилеп и неговата непосредна околина, според археолошките истражувања, датира од IV век пр. н.е. Општина Прилеп зафаќа површина од 1.194,44 км^2, во општината постојат 58 селски населби плус градот Прилеп или вкупно 59 населби. Според новиот попис во 2021 година општина Прилеп има 69.125 жители. Според полот 34 208 (49,5 %) жители се мажи, 38 817 (50,4 %) се жени со просечна густина на општината од 58 жители на 1км^2.

УДК: 338.488.2:640.4(497.775)

Карта 1. Географска положба на Општина Прилеп во РС Македонија



Извор: https://mk.wikipedia.org

Во научниот труд прикажани се сите прехрамбени, угостителски и други објекти во функција за развој на туризмот во сите 59 населени места во општина Прилеп.


Карта 2. Картографски приказ на населбите и нивните атари во општина Прилеп



Извор: https://mk.wikipedia.org

УДК: 338.488.2:640.4(497.775)

Карта 3. Приказ на населбите и главната улична мрежа на град Прилеп



Извор: https://gradskiprevozprilep.com/

2. Прехрамбени и угостителски објекти

Во првио дел од научниот труд во табела еден ќе бидат презентирани собраните податоци за прехрамбените и угоопштителските објекти во општина Прилеп. Улогата и значењето на овие објекти е од огромно значење за развојот на домашниот и странскиот туризам во општина Прилеп.

Табела 1. Приказ на прехрамбени и угостителски објекти во општина Прилеп

Бр.	Дејности	Вк. број	Име на фирмата
1.	**Етно ресторани**	**2**	Македонска Куќа, Етно ресторан Мариово.

2.	**Угостителски објекти ресторани**	**28**	Харизма, Кристал Палас, Панорама, Кај Џоки, Македонска Куќа, Гостилница Стара Чаршија, Банкок Ориентал, Делфина, Че, Леоне, Ла Страда, Пајтон, Изгрев, Центар, Хотел Салида, Хотел Салида -Аква парк, Хотел Дион, Алтан, Тале 07, Кермес, Хотел Бреза, Хотел Атлас, Хотел Липа, Хотел Сонце. **Мал Радибил 1:** Ресторан Крпачов Камен 1. **Ново Лагово 1:** Ресторан Романса 1. **Плетвар 1:** Ресторан Ќе 1. **Топлица 1:** Ресторан Фортуна 1.
3.	**Гостилници**	**19**	Аванти ин Кисела, Ај по една, Бисер, Букефал 19, Бунарче, Гостилница Евро, Делфин, Делфина, Евро кај Влатче, Империјал, Кавали, Лав, Лаки, Нерко, Огниште, Орхан, Скара Стојче, Сокаче, Фешта.
4.	**Кафичи кафе барови**	**19**	Кејк Бар, Клуб Дипломатик, Клуб Калипсо, Клуб Малибу, Кога каде, Ла Пјаца (La Piazza), Лидо, Мај Сити, Менхетен, Меркез, Мирор, Оникс, Осумка, Плус Кафе, Ретро Бар, Сидро, Симпл Кафе& Фуд, Табу, Фокус.
5.	**Барови и кафе клубови**	**19**	Амбасада Сербест, Арт кафе Апореа, Атлас, База, Брос бургерс бар, Булевар, Бус кафе, Вирус, Гуд Фелас, Гуру, Дел Посто, Дода Рамис, Иге Флај, Имиџ, Канди, Кафе дома, Кафе Еспресо, Кафе пауза, Кафе Ц четири.
6.	**Лаунџ барови**	**4**	Аура Карма, Гуд фелас, Дел Посто, Монарка Гастро Бар.
7.	**Пицерии**	**15**	Академи, Арт, Борзои, Касни порасни, Каспер, Коно, Лаки, Ла Страда, Леоне, Мецик Фуд, Милано, Пица Уно, Сезам, Хепи, Џовани Пица.
8.	**Слаткарници**	**11**	Алфа 1, Алфа 1 кај саатот, Антеп Баклава, Дизниленд Трејд, Дизниленд (зграда Табана), Луна Лу, Монте трејд, Тути Фрути, Тути Фрути Бул.Г.Делчев, Урбан Фуд-Свит Хаус, Шар.
9.	**Бурекџилници**	**16**	Александрија-2000, Бафало ул.Борис Кидрич, Бафало ул.Благоја џанески-Челото, Бели Мугри, Бело Лале, Бест, Дудето, Калимеро, Матеја, Младост, Наташа, Пеце 2019, Пролет Дудето, сава Цвет, Сити Гарден.
10.	**Леб и бели пецива**	**21**	Алекс фурна-Стефалек, Алекс 1, Алекс 2, Бафало, Визуал, Житко, Жито Прилеп ул. Ленин, Жито Прилеп ул.Егејска, Жито Прилеп ул. Трајко Тарџан, Жито Прилеп ул. Бидимаж, Жиро Прилеп ул. Горче Петров, Жито Прилеп ул. Борка Талески, Жито Прилеп бул. Гоце Делчев, Златно Зрно, Ивана-Стивен, Манки Манки, Насте, Пекара Филип, Пеце 2019, Плетварец, Марија,
11.	**Пекарници -фурни**	**29**	Алекс, Алекс фурна-Стефалек, Алпек, Антомос, Банат, Боки Комерц, Велкоски, Визуал, Два Брата, Дијана, Димески Мерак, Еуропек, Жито Прилеп, Златно зрно, Ивана-Стивен, Клас, Лида, Маја, Мики, Пекара Линко, Пекара Филип, Плетварец, Ридарец, Стара Фурна, Тегор М, Џулијано, Фурна Кадинец, Фурна Насте, Филисимо Насте.

12.	**Пивара**	**1**	Пивара Крали Марко.
13.	**Винарии**	**2**	Пирган, Сарика.
Вкупно		**186**	

Извор: Одделение за аналитичка спецификација на фирмите во општина Прилеп во 2023 г.

- Забелешка: Објектите со црвена боја во 2024 г., се затворени или се продадени.

Според податоците од табела број 1 од анализираните дејноси за прехрамбените и угостителските објекти општина Прилеп располага со вкупно 186 објекти од кои се: 2 Етно ресторани, 24 угостителски објекти ресторани, 19 гостилници, 19 кафичи кафе ресторани, 19 барови и кафе клубови, 4 лаунџ барови, 15 пицерии, 11 слаткарници, 16 бурекџилници, 21 леб и бели пецива, 29 пекарници-фурни, 1 пивара и 2 винарии.

Во табела 2 даден е приказ на други објекти во функција за развој на туризмот во општина Прилеп.

Табела 2. Приказ на други објекти во функција за развој на туризмот во општина Прилеп.

Ред. Бр.	**Други објекти**	**Вкупно**	**Населба каде се наоѓа објектот, број и име**
1.	**Хотели**	**8**	**Прилеп 8:** Хотел Салида 1-Аква парк, Хотел Дион, Хотел Салида 2, Кристал Палас, Хотел Бреза, Хотел Атлас, Хотел Сонце, Хотел Липа.
2.	**Хостели**	**1**	**Прилеп 1:** Антика
3.	**Приватно смест. Етно куќа, Вили, Викендици**	**33**	**Прилеп 16:** Маркови Кули, Белиот Апартмант, Центар Сити, Костоски ИНН, Димкар, Заград – Вила кај Белото, Вила Аврамоски, Резиденција Грашкоски, Домаќинство Бундовски, Вила Јована, Викендица Твист Петкоски, Вила марковски, Вила Киро Забата, Викендица Парти, Викендица Ѓоргоски, Вила Трајкоски-Маркова Чешма. **Витолиште 5 вили.** **Галичани 1вила.** **Големо Коњари 2 вили.** **Дуње 1:** Етно Куќа Благибог. **Лениште 1 вила.** Делатропе 1. **Марул 1 вила:** Милка 1. **Ново Лагово 2 вили.** **Ореовец 3 вили.** **Плетвар 1 вила.**
4.	**Туристички агенции**	**21**	**Прилеп 21:** Ех Травел, Инфо Турс, Бран, Уни-Турс, Царев Даб, Лион Олимпик, Орбита, Дама Травел, Балкан нет, Атлантис, Шов Тур Компани, Одисеја, Травел, Пелагонија травел, Хотел Салида 1, Хотел салида 2, Травел Агенции Орбита, Копакабана Травел, ТА Хорошо, НУ Завод за заштита на спомениците на култура и Музеј Прилеп, Номад Травел, Џани Ауто.
5.	**Планинарски дом**	**1**	**Дервен 1:** Планинарски Дом Дервен 1.
6.	**Ловечка куќа**	**1**	**Витолиште 1.**
7.	**Ловишта**	**7**	ЛСО. Ловиште бр. 4, Витолиште - Прилеп , 2001-2010 г, Скопје; ЛСО. Ловиште бр. 5, Мелница- Прилеп , 2001-2010 година, Скопје; ЛСО. Ловиште бр. 6, Крушевица-Прилеп , 2001-2010 год., Скопје; ЛСО. Ловиште бр. 7, Вепрчани- Прилеп , 2001-2010 година, Скопје; ЛСО.

			Ловиште бр. 8, Дуње-Прилеп, 2001 2010 година, Скопје; ЛСО. Ловиште бр. 16, Долнени- Прилеп , 2001-2010 година, Скопје; ЛСО. Ловиште бр.18, Дабница- Прилеп , 2001-2010 година, Скопје; ЛСО. Ловиште бр. 19, Тројаци- Прилеп , 2001-2010 година, Скопје;
8.	**Ботаничка патека**	**1**	**Плетвар 1:** Пеперутка.
9.	**Природни резервати**	**2**	**Плетвар 1:** Пеперутка. **Големо Коњари 1:** Блато.
10.	**Пешачки патеки**	**8**	**Прилеп 2:** Маркови Кули 1, Заград Песјо Брдо1. **Крстец 1:** Козјак 1. **Селце 5.**
11.	**Велосипедски Патеки-трки**	**4**	**Бонче 1.** **Манастир 2:** Off Road Ehperience 2. **Селце 1:** Топташ 1.
12.	**Параглајдинг**	**1**	**Прилеп 1:** Трескавец 1.
13.	**Спортски аеродром**	**1**	**Мало Коњари 1.**
14.	**Туристичко археол.локалитет**	**1**	**Чепигово 1:** Стибера 1.
15.	**Медарници**	**4**	**Прилеп 1:** Фарма Мариово 1. **Вепрчани 1:** Богдан од Рожденови-Зоралек во Градско. **Манастир 1:** Пчелар Петкоски 1. **Прилепец 1:** Мак Мела 1.
16.	**Паркови**	**2**	**Прилеп 2:** Могила 1, Прилепско Езеро 1.
17.	**Базени**	**13**	**Прилеп 7:** Хотел Кристал Палас 1, Хотел Сонце 1, Хотел Салида Аква Парк 2, Градски базент 2, Лаки 1. **Беровци 5.** Селска црква 1, Алавантиовци 1, Марјан Беџо 1, Киро Гулабоски 1, Марјан Јанчески 1. **Лениште 1.**
18.	**Фонтани**	**3**	**Прилеп 3:** Дом на Култура М.Цепенко 1, Комерцијална Банка 1, Могила 1.
19.	**Аква парк**	**1**	**Прилеп 1:** Хотел Салида Аква Парк 2.
20.	**Спа центри**	**4**	**Прилеп 4:** Хотел Салида 2-Аква парк, Хотел Салида 1, Кристал Палас, Хотел Атлас.
21.	**Спортски обложувал.**	**13**	**Прилеп 13:** Банана Кицк, Бетсити-Балкан, Евро Тип, Златна Копачка: Бул, Златна Копачка, Марбет бул.Г.Делчев, Марбет ул. Б.Талески, Спорт Лајф ул.М.Тито, Спорт Лајф ул.Ј.Сандански, Спорт Лајф ул. Б.Талески, Спорт Лајф ул.М.Тито, Спорт Лајф ул.Д.Нарединкот, Спорт Лајф ул.Самоилова.
22.	**Културни домови**	**2**	**Прилеп 1. Тополчани 1.**
23.	**Музеи и спомен куќи**	**6**	**Прилеп 6:** Кузман Јосифовски Питу, Музеј на тутун, Национална установа завод за заштита на спомениците на култура и музеј, Спомен дом Блаже Конески, Участак, Музеј на Икони.
24.	**Продавници**	**20**	Прилеп ?, Беровци 1, Големо Коњари 1, Дуње 1, Ерековци 4, Загорани 1, Кадино Село 1, Канатларци 2, Мажучиште 1, Мало Коњари 2, Ново Лагово 1, Подмол 1, Тополчани 1, Тројкрсти 1, Чаниште 1, Чепигово 1,
25.	**Цвеќари**	**20**	**Прилеп 20:** Ансија Декор, Арт, Бела, Гардениа Флавер Шоп, Далија, Дани, Дива, Јасмина Флауерс, Лана, Лизијан, Лилија, Магнолија, Мартина БСВ, Мими,

			Мирјана Тренди, Најдоски Компани, Нива Лана нова, Протеа, Спешел Евент, тиара Флавер.
26.	**Бербери**	**20**	**Прилеп 20:** Бербер, Бербер Игор, Бис, Валентина, Влатко, Во Стил, Горан, Зоран, Ив-Ви, Ице, Кисми, Крис, Либерта, Лукароски, Милано, Миле, Нов Имиџ, Пеце, Пицикато, Победа.
27.	**Фризерски салони**	**20**	**Прилеп 20:** Ани, Арт Бјути, Арт Лени, Ателје Сашо, Ахе, Барбер Шоп, Бети, Биба, Бјути, Бленд, Блондина, Бојан Стил, Бонтон, Бошкоски, Бошкоски 2, Брицо, Ваал, Вај Нот, Валентина, Гала Бјути.
28.	**Библиотеки**	**14**	**Прилеп 14:** Градска Библиотека Борка Талески 1, Средни училишта 5, Основни Училишта 7. **ОУ.Тополчани 1.**
29.	**Пошти и Поштенски броеви**	**8**	**Прилеп 4: 7500:** Прилеп-Центар, 7503: Прилеп-Точила, 7510: Прилеп- Болница, 7513: Прилеп-Хотел Липа. **7509:Големо Коњари 1.** **7512: Тополчани 1.** **7514:Канатларци 1.** **7515:Ново Лагово 1.**
30.	**Банки**	**12**	**Прилеп 12:** Капитал Банка-Прилеп, Комерцијална Банка-Прилеп, НЛБ Банка-Прилеп, НЛБ Банка 2-Прилеп, Силк Роуд Банка-Прилеп, Стопанска Банка АД -скопје-Прилеп, Стопанска Банка Битола АД-прилеп, ТТК-Банка-Експозитура-Прилеп, Уни банка, Халкбанк-Прилеп, Централна Кооперативна Банка-Прилеп, Шпар касе Банка-Прилеп.
31.	**Банкомати**	**15**	**Прилеп 12:** Капитал Банка-Прилеп, Комерцијална Банка-Прилеп, НЛБ Банка-Прилеп, НЛБ Банка 2-Прилеп, Силк Роуд Банка-Прилеп, Стопанска Банка АД -скопје-Прилеп, Стопанска Банка Битола АД-прилеп, ТТК-Банка-Експозитура-Прилеп, Уни банка, Халкбанк-Прилеп, Централна Кооперативна Банка-Прилеп, Шпар касе Банка-Прилеп. **Центар 1.** **Точила 1.** **Микрон 1.**
32.	**Менувачници**	**10**	**Прилеп 10:** Билмарк, Дем Дем, Денар, Долар, Зотра Компани, Магнет, Менде, Туфо-Компани, Хасановиќ, Цемак.
33.	**Болници**	**1**	**Прилеп 1:** ГБ.Борка Талески.
34.	**Амбуланти**	**5**	**Прилеп 2:** Уред 1, Тутунски 1. **Витолиште 1.** **Канатларци 1.** **Тополчани 1.**
35.	**Стоматолошки Амбуланти**	**20**	**Прилеп 20:** Алтеа, Андоноски Дентал Студио, Анима 2007, Афродита Про Дентал, Бела, Бисер, Бо-Би Дент, Вивадент, Виола Дент, Вита Дент, Грифон, Делталмед, Делфи Дент, Денталукс, Дентал Студио Марија, Дентал Медика Плус, Дента Лек, Дентика, Дентиција, Дуодент.
36.	**Брза помош**	**1**	**Прилеп 1.**
37.	**Противпожарни**	**1**	**Прилеп 1.**
38.	**Полициски станици**	**3**	**Прилеп 1,** **Витолиште 1,** **Тополчани 1.**

Вкупно	308

Извор: Одделение за аналитичка спецификација на фирмите во општина Прилеп во 2023 г., Студија Мапирање на туристичките потенцијали на општина Прилеп.

- Забелешка: Објектите со црвена боја во 2024 г., се затворени или се продадени.

- Забелешка: Кај продавници во табелата се дадени само од селата.

Според добиените податоци од Табела 2 за приказот на други објекти во функција за развој на туризмот во општина Прилеп постојат вкупно 308 облекти од кои: 8 се хотели и сите се наоѓаат во градот Прилеп. Денес во 2025 година хотелите Липа и Сонце не работат и се нудат на продажба од страна на нивниот сопственик Џорџ Атанасовски кој живее во САД. Еден е Хостел-Антика кој се наоѓа во градот Прилеп. Има 33 објекти за приватно сместување, етно киќи, вили и викендици од кои 16 се наоѓаат во градот Прилеп додека 17 се наоѓаат во селата Витолиште 5 вили, Галичани 1вили, Големо Коњари 2 вили, Дуње 1: Етно Куќа Благибог, Лениште 1 вила: Делатропе 1, Марул 1 вила: Милка 1, Ново Лагово 2 вили, Ореовец 3 вили и Плетвар 1 вила. Има 21 туристичка агенција и сите се наоѓаат во градот Прилеп. Има 1 планинарски дом во Дервен, 1 е ловечка куќа во село Витолиште, 7 се ловишта и сите се наоѓаат во селата на општина Прилеп: ЛСО 4, ЛСО 5, ЛСО 6, ЛСО 7, ЛСО 8, ЛСО 16 и ЛСО 18. Има 1 ботаничка патека во с. Плетвар за ендемичната пеперутка, 2 се природни резервати во селата Плетвар и Големо Коњари, 8 се пешачки патеки од кои 2 се околу градот Прилеп, 1 е во с. Крстец и 5 се во с. Селце. Има 4 велосипедски патеки за трки од кои по една се во с. Бонче и с. Селце и 2 се во с. Манастир. Една патека е за параглајдинг и таа се наоѓа во близина на манастирот Трескавец. Еден е спортски аеродром кој се наоѓа во с. Мало Коњари, 1 е туристички археолошки локалитет кој може да се посети Стибера во с. Чепигово, 4 се медарници за производство на мед и тие се наоѓаат 1 во околината на градот и во селата Вепрчани, Манастир и Прилепец. Постојат 2 паркови за прошетка 1 на Могилата на непобедените и 1 кај Прилепското Езеро. Постојат 12 базени со различна големина за рекреација од кои 7 се во градот 5 се во с. Беровци и 1 е во с. Лениште. Постојат 3 фонтани и се наоѓаат во градот Прилеп. Има 1 аква парк во Хотел Салида 2, 4 се спа центри кои постојат во хотелите во градот, постојат 13 обложувалници во градот, има 6 музеи и спомен куќи во градот, во селата постојат 20 продавници. Во градот постојат 20 цвеќари, 20 бербери, 20 фризерски салони, 14 библиотеки од кои една е во с. Тополчани, 8 се пошти и поштенски броеви од кои 4 се во градот и 4 се во селата Големо Коњари, Тополчани, Канатларци и Ново Лагово. Во градот Прилеп постојат 12 банки, 15 банкомати, 10 менувачници, 1 болница, 5 амбуланти од кои 2 се во градот и 3 се во селата Витолиште, Канатларци и Тополчани, постојат 20 стоматолошки амбуланти и сите се наоѓаат во градот, има 1 брза помош во градот, 1 противпожарна станица и 3 полициски станици кои се наоѓаат 1 во градот, с. Витолиште и с. Тополчани.

Заклучок

- Според податоците од табела 1 за анализираните дејноси за прехрамбени и угостителски објекти општина Прилеп располага со вкупно 186 објекти.

- Според податоците од табела 2 за други објекти во функција за развој на туризмот во општина Прилеп постојат 308 објекти.

- Неопходни мерки кои треба да се превземат во наредниот период за поуспешен развој на туризмот во општина Прилеп се:

- Поголеми инвестции во прехрамбените, угостителските и другите објекти во функција за развој на туризмот како во градот така и во селските населби;

- Поголем маркетинг на прехрамбените, угостителските и другите објекти во функција за развој на туризмот во општината преку реклами, флаери, интернет и веп страни;

- Изработка на календар за одржување на разни манифестации и нивно внесување во туристичките програми на постоечките туристички агенции од градот, државата и странство.

- Поврзување со меѓународните туристички организации и туроператори;

- Мапирање и изработка на нова туристичка карта за општина Прилеп на повеќе странски јазици со сите постоечки објекти кои се фклучени од прехраната, угостителството и другите објекти во функција за развој на туризмот;

- Потребно е зголемување на сите постоечки објекти од прехраната и угостителството како: Етно ресторани, угостителски објекти ресторани, гостилници, кафичи кафе ресторани, барови и кафе клубови, лаунџ барови, пицерии, слаткарници, бурекџилници, леб и бели пецива, пекарници-фурни, пивара и винарии;

- Зголемување на бројот и изградба на нови сместувачки објекти како: Хотели, хостели, етно куќи, вили, викендици, спа центри, аква паркови и базени;

- Поголем маркетинг и презентација на ловиштата, ловечките куќи, ботаничките патеки, природните резервати и планинарските домови;

- Поголем маркетинг и презентација на Пешачките патеки, велосипедските патеки и параглајдингот;

- Поголем маркетинг и презентација на спортскиот аеродром со разни меѓународни спортови како: Летање со едрилици, скокање со падобран, ракетарство и др.

- Поврзување на со сите објекти од прехраната, угостителството и другите објекти во функција за развој на туризмот во општина Прилеп со сите институции од туризмот како: Локалната Самоуправа, Министерството за Култура и Туризам, туристички бироа, туристички агенции и др.

Референци:

Андоновски, Т. (1995). *Карактеристики на релјефот во Република Македонија кн. 30*, Скопје.

Bresa, N., Koteski, C., Dimitrov, N., & Jakovlev, Z. (2018). *Руралниот туризам и неговиот развој во областа Призрен*. SocioBrains, меѓународно научно реферирано онлајн списание со импакт фактор (41), 145-150. ISSN 2367-5721.

Cingovski, V., & Petrevska, B. (2021). *Geothermal resources: New insights for spa tourism in North Macedonia*.

Dimitrov, N., & Koteski, C. (2022). *Туристичка географија*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-877-0.

Dimitrov, N., & Koteski, C. (2014). *Географски основи на просторно планирање*. Самостоен издавач, Штип. ISBN 978-608-65616-1-1.

Димитров, В., Н. (2013). *Просторно – популациски карактеристики на населбите од ридско – планинските области во Република Македонија*, Македонско географско друштво, Географски разгледи (47), 45-58, Скопје.

Dimitrov, N., & Koteski, C. (2015). *Tourism Geography,* Shtip: University Goce Delcev – Stip.

Државен завод за статистика на РСМ. (2022). Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021.

Jakovlev, Z., Dimitrov, N., & Koteski, C. (2017). *Animation and Tourism*. Lap Lambert Academic Publishing, 4, Industriala street, 3100 Balti, Republic of Moldova. ISBN 978-3-330-31917-2.

Koteski, C., & Dimitrov, N. (2019). *National tourism geography,* Shtip: University Goce Delcev – Stip.

Koteski, C., Jakovlev, Z., Mitreva, E., Angelkova, T., Bardarova, S., & Kitanov, V. (2014). *Zastita i prezentacija na kulturnoto nasledstvo na op. Prilep za turisticki celi.* In: 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2014, Ohrid, Macedonia.

Koteski, C. (2013*). Thematic atlas of Mariovo and Raechka valley in Macedonia.* Geografija - Tematska kartografija . LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany, pp. 1-222. ISBN 978-3-659-38483-7.

Koteski, C. (2011). *Сливот на Црна Река.* 2-ри Август - Штип. ISBN 978-608-4662-03-7.

Koteski, C. (2009). *Населби во Мариово и Раечка котлина и нивно тематско картографско претставување.* Bulletin of Papers ASA - 2008-2009. ISSN 0352-3497.

Koteski, C. (2006). *Negative impact repealed municipalities: Vitoliste Staravina on rural development Mariovo*. In: Institute for Geography- Skopje, 30-03-01-April 2006, Scientific Symposium with International Participation Rural Areas in the Modern Development ConditionsTom 2.

Korunovski, S., & Kocevski, J. (2013). *Food and Culture,* Ohrid: University "St. Kliment Ohridski" -Bitola, Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid.

Metodijeski, D., Filiposki, O., Cuculeski, N., Tashkov., N., Michev, G., Chedomir, D., & Todorovikj, E. (2018). *Gastronomic Tourism: Modern global development trends and perspectives in Macedonia*, Shtip:University Goce Delcev – Stip.

Ortakovski V.T. (2001). Interethnic Relations and Minorities in the Republic of Macedonia. South European Politics. Vol. 2 (No. 1). pp. 24-454.

Одделение за аналитичка спецификација на фирмите во општина Прилеп 2023 г.

Петревска, Б., & Блажеска, Д. (2020). *Промотивни активности*, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип.

Reckoska, G. & Vasileska, A. (2017). Nutritionism, Ohrid: University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Faculty of Tourism and Hospitality - Ohrid.

Речкоска, Г. (2012). Пекарство и слаткарство Ohrid: University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Facultyof Tourism and Hospitality – Ohrid.

Стојановиќ, М. (1984). *Геолошка градба и тектоника на областа Мариово (Мариово комплексни географски проучувања)*, Скопје.

Terzić, A., Dimitrov, N., & Petrevska, B. (2019). *Туристичка валоризација традиционалних руралних кућа/целина: ризици и могућности у Србији и Македонији.* In: X Naucno strucna konferencija "Kulturno nasleđe-rizici i perspektive", 27 May 2019, Beograd, Serbia.

ВГИ. (1976). *Топографски карти со размер 1: 200 000 (Гаус-Кригерова проекција) за територијата на Република Македонија, листови 4121- Битола, 4122-Прилеп, 4123-Солун*, Белград.

УДК: 338.486.2:658.14]:005.53(497.7)

ПРИМЕНА НА АНАЛИТИЧКИ ПРИСТАП НА МЕНАЏМЕНТОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Златко Јаковлев[1], Цане Котески[2]

Апстракт

Со менаџерските активности потребно е да се решаваат проблемите кои настануваат во текот на функционирањето на туристичкото претпријатие. На таков начин се осигурува реализирањето на саканата состојба, односно реализирање на целите на претпријатието од областа на туризмот. Суштината на менаџерските активности е донесување на одлуки. Менаџерските одлуки се донесуваат во ситуации кои се карактеризираат со потреби за акција и постоење на повеке правци на акции. Едновремено поврзување на наведените активности во функција на донесување на правилни одлуки претставува основен услов и задача на финасискиот менаџер. Се разбира, сето тоа во насока на постигнување на крајната цел, зголемување на богатството на акционерите. Во таа смисла, финасискиот менаџмент, а посебно во туризмот треба да даде одговор на оптималната употреба, односно користење на средствата, обезбедување на извори на финасирање, обезбедување на оптимален трошок на ангажираниот капитал, одлучувањето за распределба на добивката, политиката на дивиденда, со цел остварување на наведената крајна цел.

Примената на аналитичкиот пристап во донесувањето на финасиските одлуки во претпријатијата од областа на туризмот во Р. Македонија е мошне значајно за поефикасно и поефективно реализирањето на целите.

Клучни зборови: туризам, финасии, планирање, одлучување, претпријатија

Вовед

Треба да се има во предвид дека менаџерите во туризмот имаат можност да донесуваат оптимални финансиски одлуки само доколку се креативни, мотивирани и ако вработените (акционерите) на погоден начин ги контролираат. Мотивацијата се подразбира, односно вклучува висина на заработката, можност за добивање акции и други привилегии (на пример стручно усовршување, користење на автомобил од туристичкото претпријатие и слично.). Надзорот се спроведува со ревизија на финансиските извештаи, ограничување на менаџерските одлуки, систематска контрола на привилегиите на туристичкиот менаџмент во Р. Македонија и слично. Треба да се истакне дека во современи услови на разавој на туризмот, менаџерот не е доволно само да биде креативен, бидејќи успешен менаџер во туризмот, во процесот на донесување на одлуки, неопходно е да го користи и аналитичкиот пристап.

1. Специфичности во финансиското одлучување на претпријатијата од областа на туризмот во Република Македонија

Финансискиот менаџмент опфаќа широко подрачје на економски активности посветени на капиталот како вредност која создава вишок на вредност. Финансискиот менаџмент нуди одговори на многу прашања кои се поврзани со вкупното делување и фукционирање на

[1] проф. д-р Златко Јаковлев, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

[2] проф. д-р Цане Котески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

претпријатијата од доменот на туризмот. Овде секако тежиште се дава на работењето и финасирањето на туристичките претпријатија во Р. Македонија, претставено преку оперативни, инвестициони и финасиски активности, како и утврдувањето на неопходните средства и извори за нивно извршување.

Со менаџерските активности потребно е да се решаваат проблемите кои настануваат во текот на функционирањето на туристичкото претпријатие. На таков начин се осигурува реализирањето на саканата состојба, односно реализирање на целите на претпријатието од областа на туризмот. Суштината на менаџерските активности е донесување на одлуки. Менаџерските одлуки се донесуваат во ситуации кои се карактеризираат со потреби за акција и постоење на повеке правци на акции.[3] Едновремено поврзување на наведените активности во функција на донесување на правилни одлуки претставува основен услов и задача на финасискиот менаџер. Се разбира, сето тоа во насока на постигнување на крајната цел, зголемување на богатството на акционерите. Во таа смисла, финасискиот менаџмент, а посебно во туризмот треба да даде одговор на оптималната употреба, односно користење на средствата, обезбедување на извори на финасирање, обезбедување на оптимален трошок на ангажираниот капитал, одлучувањето за распределба на добивката, политиката на дивиденда, со цел остварување на наведената крајна цел.

Во претпријатијата од областа на туризмот таа цел (максимизација на профитот) се остварува преку создавање на вредност на вработените. Таа вредност се искажува со пазарната вредност на туристичкото претпријатие, што е резултат на три главни одлуки:

1. одлука за инвестирање (вложување),
2. одлука за финасирање и
3. одлука за диведенда и задржана добивка.

Успехот на овие одлуки може да се измери преку ефектот што тие одлуки го имаат на акциите, т.е. нивната пазарна вредност.

1. Одлуката за инвестирање (вложување) во материјален, финансиски или друг имот влијае на структурата на имотот во активата, ризикот и сигурноста на вложувањата. Кога вложувањата се сигурни, ниско ризични и рентабилни, пазарната вреднсот на акцијата, а со тоа и вредноста на овие одлуки започнува со одредување на вкупниот износ на имотот кој е потребен за работење на претпријатието од областа на туризмот.
2. Во тесна врска со одлуката за инвестирање е и одлуката за финансирање, со која се дефинира структурата на финансирање на туристичкото претпријатие. Со оваа одлука се одредува начинот на набавување на средствата за покривање на сите обврски на претпријатието од доменот на туризмот. Тие средства можат да се обезбедат од сопствени или туѓи извори. Кога може да се придонесува за поголема рентабилност на вложувањето и зголемувањето на вредноста на акцијата, под услов изворите на финансирање да се евтини и да е обезбедена оптимална комбинација на финансирање.
3. Одлуката за дивиденди и задржана добивка придонесува за зголемување или намалување на пазарната вредност на акцијата и вредноста на туристичкото претпријатие. Исплатата на поголеми дивиденди ја зголемува побарувачката на акциите, што делува на зголемување на пазарната вредност на акциите. Одлуката за задржување на добивката претставува вид на одлука за финансирање, бидејќи добивката го зголемува трајниот капитал на акционерското друштво, кој може да се користи за финансирање на ивестиции, односно за реализација на одлуката за инвестирање.

[3] Larry, R., (2002), Disentangling the Incentive and Entrenchment Effects of Large Shareholders, Journal of Finance 57, December, 41 – 71.

Бидејќи сите три одлуки се меѓусебно зависни, треба да тежнеат кон оптимална комбинација на тие одлуки во однос на главната финансиска цел на претпријатието од областа на туризмот - зголемување на профитот.

Меѓу одделните учесници во туристичкото претпријатие постојат заеднички, но и спротивни интереси. Интересот на вработените (акционери) е да го зголемат својот имот. Вработените се заинтересирани за подобри плати и за подобри услови за работа. Во врска со работата, претпријатието од областа на туризмот и нашата држава имаат соодветен интерес – да наплатат што повеќе даноци и други давачки. Овие цели и интереси се често меѓусебно спротивставени и исклучувачки. Со поголемото задржување на добивка се врши исплата на помали дивиденди. Поголеми плати на вработените влијае на намалување на добивката и заработката по акција.

Одвоеноста на сопственишвото од контролата може да доведе до судир (спротвставеност) помеѓу сопствениците и менаџерите во туризмот, бидејќи целите на менаџерите можат да се разликуваат од тие што ги имаат вработените (акционерите) во туристичкото претпријатие. Во таква ситуација менаџментот во туризмот може да делува во сопствен интерес, а не во интрес на вработените (акционерите).

Треба да се има во предвид дека менаџерите во туризмот имаат можност да донесуваат оптимални одлуки само доколку се креативни, мотивирани и ако вработените (акционерите) на погоден начин ги контролираат. Мотивацијата се подразбира, односно вклучува висина на заработката, можност за добивање акции и други привилегии (на пример стручно усовршување, користење на автомобил од туристичкото претпријатие и слично.). Надзорот се спроведува со ревизија на финансиските извештаи, ограничување на менаџерските одлуки, систематска контрола на привилегиите на туристичкиот менаџмент во Р. Македонија и слично. Треба да се истакне дека во современи услови на разавој на туризмот, менаџерот не е доволно само да биде креативен, бидејќи успешен менаџер во туризмот, во процесот на донесување на финансиски одлуки, неопходно е да го користи и аналитичкиот пристап.

2. Теоретско - методолошки пристап во истражувањето

За ефикасно реализирање на секое емпириско истражување, неопходно е најнапред да се изработи проект на истражување. Проектот на истражувањето опфаќа неколку основни фази:

- Одредување целта и предметот на истражувањето;
- Поставување хипотези;
- Изработка на примерокот (избор на примерокот);
- Изработка на методолошките инструменти за собирање податоци на теренот;
- Собирање податоци на теренот;
- Обработка на податоците;
- Интерпретација на податоците, т.е. изработка на студијата.[4]

2.1. Цели на истражувањето

Ова истражување има научна и практична цел. Научната цел се однесува на одредени теоретски сознанија за примената на аналитички пристап на менаџментот во процесот на донесување на финансиски одлуки во туристичките претпријатија, а практичната цел е поврзана со одредена имплементација на теоретските сознанија во практиката.

[4] Todorović, A., (1978), Metodologija istrazivanja slobodnog vremena, Savremena Administracija – Beograd, Beograd, 51, изнесено според Бунташески, Б., (1994), Социо - психолошки проучувања на активностите на посетителите во туристичкото место, Просветно дело - Скопје, Скопје, 52.

2.1.1. Научна цел

Научната цел се однесува на откривање на одредени теоретски сознанија примената на аналитички пристап на менаџментот во процесот на донесување на финансиски одлуки во туристичките претпријатија. Научната цел на ова истражување е да се откријат нови сознанија за тоа доколку се користи аналитички пристап во процесот на донесување на финансиски одлуки во туристичките претпријатија, ќе се обезбеди брз туристички развој. Имено, преку методот на анализа, по пат на анкета со менаџерите, утврдивме примената на аналитичкиот пристап во процесот на донесување на финансиски одлуки претпријатија во претпријатијата од областа на туризмот.

2.1.2. Практична цел

Ова истражување има и практична цел, која е тесно поврзана со научната цел. Таа е поврзана со одредена имплементација на теоретските сознанија во практиката. Практичната цел на истражувањето е во имплементирање на откриените теоретски сознанија за застапеноста на аналитичкиот пристап на менаџментот во процесот на донесување на финансиски одлуки, кои ќе допринесат за динамичен развој на туристичките претпријатија, а со тоа и на туризмот. Според тоа, практичната цел на ова истражување има широки димензии, бидејќи треба да ги мобилизира сите фактори кои непосредно и посредно се инволвирани во туризмот, т.е. се заинтересирани за оваа проблематика.

2.2. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето на овој труд е користењето на аналитичкиот пристап на менаџментот во процесот на донесување на финасиските одлуки на претпријатијата од доменот на туризмот. Во предметот на ова истражување се анализираат пет поими што треба да се операционализираат:

- **аналитички пристап,**
- **менаџмент во туризмот**
- **финасиски одлуки и**
- **туристички претпријатија.**

2.2.1. Аналитички пристап

Од етимолошки аспект, терминот „анализа“ доаѓа од грчкиот збор >>analysis<< кој значи расчленување на една целина на нејзините составни делови. Според тоа, расчленувањето е основна карактеристика на аналитичкиот пристап на менаџментот при носење на финансиски одлуки на претпријатијата од областа на туризмот. Всушност, расчленувањето, значи разделување на еден сложен објект на делови од кои тој се состои за да се согледаат нивните квалитети, го детерминираат квалитетот на сложениот објект и укажуваат на нивното дејство врз него.

2.2.2.Менаџмент во туризмот

Круцијалната улога или значењето на менаџментот во Р. Македонија, а со тоа и на менаџерите се состои во тоа што го водат претпријатието од областа на туризмот кон остварување на целите на најефикасен и најефективен начин. Секоја компанија има одредена цел поради која што постои, а менаџментот ја има таа одговорност да ги експлоатира и да ги комбинира организационите ресурси на најоптимален начин, со што ќе се постигне целта на фирмата. Менаџментот ја

придвижува корпорацијата во правец на остварување на целите преку посочување на активностите кои што членовите на претпријатието имаат обврска да ги извршуваат. Доколку таквите активности се во голема мера творечки и креативно детерминирани, дотолку продуктивноста на секој вработен ќе претставува придонес кон остварување на целите на туристичката компанија. Менаџментот настојува да ги мотивира индивидуалните активности кои ќе водат кон остварување на организационите цели, а да ги обесхрабри и оневозможи оние активности кои евентуално ќе попречат во постигнување на целите. Поврзаноста помеѓу менаџментот и целите најдобро може да се изрази преку следнава констатација: „Нема ништо поважно за процесот на менаџмент отколку остварување на целите. Менаџментот нема никакво значење одвоен од целите кои треба да се постигнат“.

2.2.3. Финансиски одлуки

Во финасиските одлуки спаѓаат: инвестиционите, потоа стратешките финансиски одлуки и на крај тактичките финансиски одлуки. Со цел да се припреми една инвестициона одлука за успешно работење на претпријатијата од областа на туризмот, потребно е да се направи инвестиционен проект кој во себе содржи многубројни меѓузависни и поврзани активности. Инвестирањето претставува размена на расположливите средства за очекуваните приноси во иднина. Една од клучните причини зошто бизнисите пропаѓаат, е недостигот на пари за подмирување на обврските. Со други зборови бизнисите не успеваат да одржат стабилен готовински тек. Исто така, финансиските институции како што се банките прво што ќе прашаат и прво што ќе бараат од туристичкото претпријатие е каков е неговиот готовинскиот тек. Готовинскиот тек претставува преглед на приливите и одливите на пари во бизнисот. Тоа е значи двонасочен процес – прилив и одлив на пари. Она што треба да се направи е ефикасно да се управува како со добавувачите (одлив на парите) така и со купувачите (прилив на пари).

Прогнозата на готовинскиот тек, капиталното буџетирање, трошокот на капитал и ризикот битни се во инвестиционото одлочување поради тоа што даваат информации за тоа колку пари треба да се обезбедат за туристичкиот бизнис. Обично овие прогнози/проекции се прават на месечно ниво. Исто така, до колку туристичкото претпријатие има со години позитивен готовински тек, има голем плус кај банките за реализација на некоја кредитна линија.

Одлуката за вложување е најмудрата одлука на секој поединец, секое семејство, секое претпријатие, а посебно од областа на туризмот. Едноставно речено, ако не се вложи сè што сме заработиле во правилна инвестиција, т.е. парите што туристичкото претпријатие ќе ги вложи денес, ќе донесат дополнителни приходи утре. Сè што е потребно е заштедените парични средства, без оглед на нивниот износ, да се вложат со јасно дефинирана цел која на крај на претпријатието од областа на туризмот ќе донесе профит.

Сите вложувања на средства чиј рок на имобилизација (врзување) е подолг од една година се викаат за долгорочни вложувања. Донесувањето на долгорочни финансиски одлуки е доста сложен и макотрпен процес кој е детерминиран од следниве фактори: штедењето, каматната стапка и очекувањата.

Поимот капитал има неколку меѓусебно поврзани значења во економијата, финансиите и сметководството. Во финансиите и сметководството, капиталот генерално

се однесува на финансиско богатство, особено на она што се користи за почнување и одржување на бизнис.

Политиката на дивидендата претставува дел од одлуката за финасирање на туристичкото претпријатие. Односот на исплата на дивидендата покажува кој дел од добивката може да се задржи во претпријатието како извор на финансирање.

Постоењето на едно претпријатие од областа на туризмот но и воопшто и во била која област неможе да се замисли без добра менаџерска структура. Зад успехот на секое претпријатие, а во тој контекст и во туризмот стои успешен менаџерски тим. Менаџерските тимови се клучните субјекти за донесување тактички финансиски одлуки во едно претпријате од областа на туризмот. Менаџерите во туризмот се однесуваат во склад со менаџерските улоги за да ги реализираат функциите ма менаџментот. Секој менаџер во туризмот треба да знае да ги изврши своите задачи да знае да ги организира останатите вработени и на крај успешно да ги согледа резултатите од изработеното.[5] За разлика од стратегијата, финансиската тактика значи конкретизација на стратегијата и таа се разликува по тоа што е прилагодлива, брзо ги користи резултатите, ги исправа грешките и ги менува сопствените цели, но така што сепак да останат во рамките на стратегиските цели.

2.2.4. Туристички претпријатија

Менаџментот е многу значаен бидејќи од него зависи егзистирањето на туристичкото претпријатие и неговата активност која е многу важна, како за една национална економија како што е Република Македонија, така и пошироко. Во современото општеството кое е индустриски развиено, доминираат комплексни технологии и организацијата е таа која што ги поврзува луѓето, знаењето и суровините за да се извршат задачи кои што ниту еден поединец сам не може да ги изврши.[6] Може да се истакне дека менаџментот е многу значаен, а често пати и пресуден фактор за успешен бизнис во современи турбулентни услови на работење. Во таа конотација, посебно се истакнува значењето на професионалниот менаџмент. Тоа поконкретно значи дека професионалниот менаџмент не го врши претприемачот (сопственикот на капиталот), туку ангажирани професионални менаџери. Питер Дракер смета дека во современи турбулентни услови на стопанисување менаџментот е база и фактор за успешен бизнис на секое претпријатие, а посебно во туризмот. Тој е неизбежен тогаш кога фирмата ќе достигне одреден обем на активност. Кога од системот на управување од страна на претприемачот треба да се премине на професионален менаџмент, критичната точка е 300 - 1000 вработени, во зависност од степенот на комплексност и диферентност на неговото работење, како и од способноста на претприемачот. Главната преокупација на менаџерите е да обезбедат раст и развој на претпријатието, а тоа значи да се остварат неговите деловни и развојни цели.

Значењето на менаџментот во туризмот лежи и во потребата од ефикасно функционирање на туристичкото претпријатие во Р. Македонија. Тоа поконкретно значи да се постигнат целите на ефективен и ефикасен начин. Ефективноста е степен на кој туристичкото претпријатие ги остварува поставените цели. Всушност, тоа значи дали

[5] Spitler, R., (2005), The New Survival Skils, ABA Banking Journal 97, February, 58 -62.

[6] На пример: функционирање на енергетски комплекси, производни капацитети, меѓународни хотелски и/или ресторантски синџири, сообраќајни компании, туроператори, трговски куќи, комунални претпријатија и слично.

фирмата успева во остварувањето на целите кои се однапред поставени, или значи обезбедување туристички производи и услуги кои потрошувачите ќе ги валоризираат. Од досега изнесеното може да се истакне дека ефективноста е остварување на задачите на претпријатието квалитативно и квантитативно, вклучувајќи ги и карактеристиките на аутпутот т.е. крајните резултати.

2.3. Хипотези

Едно од најважните прашања во емпириските истражувања е поставување и верификација на хипотезите. „Таа е тврдење кое може да се стави на испит за да се докаже нејзината вредност. Хипотезата може да изгледа како спротивна на обичното сваќање или во согласност со него. Може да се докаже дали таа е точна или неточна. Во секој случај, таа води кон емпириско испитување. Каков и да е резултатот, хипотезата претставува прашање, поставено на таков начин за да може се добие некаков одговор. Таа претставува пример на организиран скептицизам на науката, одбивање да се усвои какво и да е тврдење без емпириско проверување“.[7] Секоја хипотеза го покажува односот меѓу независните и зависните варијабли.[8]

2.3.1. Општа хипотеза

Аналитичкиот пристап има големо значење при донесување на квалитетни финасиски одлуки независно од големината на претпријатието, неговата организациона структура и видот на дејноста.

2.3.1.1. Посебна хипотеза

Посебната хипотеза гласи: се претпоставува дека во туристичкото претпријатие делумно се применува аналитичкиот пристап во донесување на финансиските одлуки од страна на менаџментот.

2.4. Методи и организација на истражувањето

2.4.1. Методи на истражувањето

При истражувањето на општествените појави се користат општи и посебни методи. „Сите општествени науки, покрај општите методи, применуваат и користат посебни и специфични методи кои се соодветни за собирање податоци во соодветната област“.[9] Оттаму, и ова истражување се базира на одредена методологија. При обработката на добиените податоци од истражувањето го применивме методот на анализа и методот на синтеза.

[7] Gud, V., Het, P, (1966), Metodi socijalnog istraživanja, Beograd, 56 - 57, изнесено според Бунташески, Б., (1994), Социо - психолошки проучувања на активностите на посетителите во туристичкото место, Просветно дело - Скопје, Скопје, 55.

[8] Бунташески, Б., (1994), Социо - психолошки проучувања на активностите на посетителите во туристичкото место, Просветно дело - Скопје, Скопје, 55.

[9] Todorović, A., (1978), Ibid, 58.

2.4.1.1. Метод на анализа

Изразот „анализа“ доаѓа од грчкиот збор >>analysis<< кој значи расчленување на една целина на нејзините составни делови.[10] Според тоа, расчленувањето е основна карактеристика на методот на анализа. Всушност, расчленувањето, значи разделување на еден сложен објект на делови од кои тој се состои за да се согледаат нивните квалитети, го детерминираат квалитетот на сложениот објект и укажуваат на нивното дејство врз него.[11] Имено, на табеларно изнесените податоци, применавме расчленување на нивната содржина и дадовме експлицитно објаснување.

2.4.1.2. Метод на синтеза

Методот синтеза е постапка на научно истражување и објаснување на стварноста и по пат на синтеза на едноставните судови во посложени. Синтезата е процес на воопштување во кој настануваат сите поапстрактни поими во споредба со претходните поими. Синтеза е начин на систематизирање на знаењето по законитоста на формалната логика, како процес на креирање теоретско знаење во правец од посебното спрема општото, односно од видот спрема родот. Сите констатации добиени преку методот на анализа, со примена на методот синтеза ги преточивме во заклучоци од кои понатаму дадовме препораки за подобрување на аналитичкиот пристап на менаџментот во донесување на финасиските одлуки во туристичките претпријатија.

2.4.2. Методолошки техники на истражувањето

Во дефинираниот предмет на истражување како методолошки техники ги користевме:

- анкета
- метод на скалирање и
- статистички метод.

2.4.2.1. Анкета

Анкетата ја применивме на менаџерите во повеќе претпријатија од областа на туризмот. Таа имаше за цел да се добие јасна претстава за нивните ставови, во поглед на тоа дали се зема во предвид аналитичкиот пристап на менаџментот во финансиското одлучување на туристичките претпријатија.

2.4.2.2. Метод на скалирање

Овој метод се користи за добивање податоци од повеќе прашања во анкетата. Скалирањето го применивме за активирање на можностите за земање во предвид аутпутите на планирањето во финансиското одлучување . При формулацијата на степените се водеше сметка за статистичката обработка на податоците што беше следен чекор.

2.4.2.3. Статистички метод

Во ова истражување е применет овој метод затоа што со него се постигнува поголема егзактност во проучувањето на појавите. Притоа ја користевме следнава статистичка техника: пресметување проценти. Статистичката обработка на податоците е вршена компјутерски.

[10] Стојановиќ, Т., (1990), Анализа на работењето на претпријатијата, Сојуз на сметководствените и финансиските работници на Македонија - Скопје, Скопје, 21.
[11] Стојановиќ, Т., (1990), Ибид, 156.

УДК: 338.486.2:658.14]:005.53(497.7)

2.4.2.4. Изработка и избор на примерок

При изработката и изборот на примерокот, се водеше сметка за неговата репрезентативност. Репрезентативноста зависи од големината и начинот на неговото добивање. Големината на примерокот зависи од бројот на испитаниците што се земени за испитување. Притоа, примерокот треба да содржи најмалку 100 членови од популацијата за да можат да се донесуваат сигурни статистички заклучоци.[12] Во тој контекст, со ова истражување по пат на анкета се опфатени 200 менаџери во туризмот.

2.4.2.5. Реализација на истражувањето

Оваа фаза од истражувањето имаше оперативен карактер. Истражувањето беше реализирано во временскиот период од јуни 2018 до септември 2018 година во поголем број претпријатија од областа на туризмот. Од страна на менаџерскиот тим на туристичките претпријатија наидовме на целосно разбирање и помош.

3. Анализа на добиените податоци од истражувањето

Овој дел е најважниот дел од трудов и е всушност завршната фаза на истражувањето.[13] Како што истакнавме, користејќи го методот анализа, ги анализиравме и добиените емпириски податоци од анкетата на менаџерите во повеќе туристички претпријатија, откако истите ги систематизиравме, табелиравме, го одредивме бројот на испитаници, пресметавме процент според бројот на испитаници.

3.1. Ставовите на испитаниците за примена на аналитичкиот пристап на менаџментот за донесување на квалитетни финасиски одлуки во туристичките претпријатија

Како што истакнавме претходно, фундаментот на ова истражување е анализа на добиените емпириски податоци од анкетата на менаџерите во повеќе туристички претпријатија, откако истите ги систематизиравме, табелиравме, го одредивме бројот на испитаници и пресметавме процент според бројот на испитаници Во таа конотација, на табеларно изнесените податоци, а на база на одговорите на респодентите применивме расчленување на нивната содржина и дадовме прецизно објаснување.

Според тоа, посебната хипотеза гласи: **„се претпоставува дека во туристичкото претпријатие делумно се применува аналитичкиот пристап во донесување на финансиските одлуки од страна на менаџментот.“**.

Во табелата 1, се презентирани ставовите на респодентите за примена на аналитичкиот пристап во донесување на финансиските одлуки од страна на менаџментот во претпријатијата каде што го имаат засновано својот работен однос, а кои што беа реализирани преку анкета. Во претпријатијата од областа на туризмот во Република Македонија постојат разлики во однос на примената на аналитичкиот пристап на менаџментот во донесувањето на финансиските одлуки. Кај голем дел од големите туристички претпријатија, при управувањето со финансиите, можат да се истакнат значајни недостатоци во поглед на примената на аналитичкиот пристап на менаџмент во донесување на адекватни финансиски одлуки. Тоа е тесно поврзано со степенот на образование на вработените, нивното работно искуство, како и функцијата што ја вршат. Определени разлики во мислењата може да се забележат и во зависност од полот на испитаниците, иако

[12] Бунташески, Б., (1994), Ибид, 60.

[13] Бунташески, Б., (1995), Психологија на туризмот и угостителството, Универзитет „СВ. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за туризам и угостителсво - Охрид, Охрид, 238.

половата припадност не е одлучувачки фактор во носењето на квалитетни финансиски одлуки.

Постојат разлики во однос на значењето на функцијата на планирање во донесувањето на финансиските одлуки во претпријатијата од областа на туризмот. Функцијата планирање има големо значење при донесување на квалитетни финасиски одлуки независно од големината на претпријатието, неговата организациона структура и видот на дејноста.

Ставовите на испитаниците во однос на прашањето дали имате аналитички пристап во донесувањето на финансиските одлуки во претпријатијата каде што го имаат засновано својот работен однос се дадени во табелата 1.

	Има	Делумно	Нема	Вкупно
Број на испитаници	13	171	16	200
Учество во %	6,50%	85,50%	8,00%	100%

Табела 1. Дали имате аналитички пристап во донесувањето на финансиските одлуки во Вашето претпријатие?

Од податоците во табелата 1, каде се презентирани ставовите на испитаниците за примена на аналитички пристап во донесувањето на финансиските одлуки во туристичките претпријатија, може да се констатира дека во најголем дел кај анализираните туристички претпријатија, аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет, додека речиси е незначителен бројот на испитаници кои се произнеле дека воопшто немаат целосно аналитички пристап во донесување на финасиски одлуки, односно имаат аналитички пристап во донесување на финасиски одлуки. Ваквата состојба укажува на фактот дека донесувањето на финансиските одлуки во претпријатијата од туристичкиот сектор, во најголем дел не е засновано на соодветна анализа, планирање и контрола на финансиите во претпријатијата. Оттука произлегува, дека одлуките поврзани со финансиите, без соодветна примена на аналитички пристап во туристичките претпријатија, а на база на искуства од минатиот период, не се сосема валидни и можат да предизвикаат негативни последици во нивното работење. Со целосна примена на аналитичкиот пристап во претпријатијата од областа на туризмот, со голема сигурност би придонело кон ефективност и ефикасност во нивното работење.

Во тој контекст, може да се согледаат и ставовите на испитаниците според функцијата што ја вршат во претпријатието, степенот на образование, работното искуство и полот за примена на аналитичкиот пристап во работењето на претпријатијата од областа на туризмот.

Според функцијата која ја извршуваат, најголемиот дел од испитаниците се изјасниле дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет. Имајќи ја предвид хиерахиската структура, менаџерите кои се на повисоки раководни функции сметаат дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е целосно применет (претседател на одбор на директори со 25%, генерален менаџер само со 5,88%). Според податоците може да се истакне дека дури 10% од испитаниците кои се на функција претседател

на одбор на директори и 20,59% од испитаниците кои се на функцијата генерален менаџер сметаат дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки не е воопшто применет.

Слично се резултатите, односно одговорите на испитаниците согласно нивната образовна структура. Имено, најголем дел од нив сметаат дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет. Ова констатација е особено карактеристична за менаџерите со повисок степен на образование (околу 90%), додека кај голем дел од вработените со понизок степен на образование застапено е мислењето дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки не е воопшто применет (кај испитаниците со основно образование со 40%). Ваквата анализа е очекувана, бидејќи голем дел од менаџерите со понизок степен на образование не поседуваат квалитетно образование од доменот на финансиското одлучување.

Доколку се земе предвид работното искуство на менаџерите, може да се истакне дека испитаниците кои имаат поголемо работно искуство, во најголем дел (94,50% од испитаниците со стаж од 16-30 години и 80,90% од испитаниците со стаж од 31-40 години) сметаат дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет. Различна е состојбата кај испитаниците со релативно помало работно искуство, каде што сметаат дека со 55% е исто така аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет, но и со 40% дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки не е воопшто применет. Од ова може да се истакне дека работното искуство сепак има значително влијание во препознавањето на примената на аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки.

Согласно половата структура на испитаниците, нема значителни отстапувања во нивните размислувања по однос на ова прашање. Имено, најголемиот дел од испитаниците и од двата пола се изјасниле дека аналитички пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет.

Општа е констатацијата дека аналитичкиот пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет во работењето на претпријатијата од областа на туризмот. Односно, аналитичкиот пристап ја нема потребната улога и значење во во донесување на ефективни и ефикасни финансиски одлуки, што во основа може негативно да се одрази на деловната активност на туристичките претпријатија. Како што е претходно истакнато, ова се должи и на констатацијата што дел од менаџерите не се доволна мера образовани и од теоретски и од практичен аспект од доменот на финансискиот менаџмент и финасиското одлучување.

За надминување на овие состојби кои се присутни во нашето туристичко стопанство потребно кај туристичкиот менаџмент да постои спремност, особено од страна на врвниот менаџмент за ангажирање на млади менаџерски тимови кои имаат посовремени сваќања, одредени креативни идеи и способност да се прилагодат на современите трендови во работењето и да имплементираат современи аналитички научни методи на работење, посебно во делот на финансискиот менаџмент и финасиското одлучување.

Заклучок

Од етимолошки аспект, терминот „анализа“ доаѓа од грчкиот збор >>analysis<< кој значи расчленување на една целина на нејзините составни делови. Според тоа, расчленувањето е основна карактеристика на аналитичкиот пристап на менаџментот при носење на финансиски одлуки на претпријатијата од областа на туризмот. Всушност, расчленувањето, значи разделување на еден сложен објект на делови од кои тој се состои за да се согледаат нивните квалитети, го детерминираат квалитетот на сложениот објект и укажуваат на нивното дејство врз него.

Општа е констатацијата дека аналитичкиот пристап во донесувањето на финасиските одлуки е делумно применет во работењето на претпријатијата од областа на туризмот. Односно, аналитичкиот пристап ја нема потребната улога и значење во во донесување на ефективни и ефикасни финансиски одлуки, што во основа може негативно да се одрази на деловната активност на туристичките претпријатија. Како што е претходно истакнато, ова се должи и на констатацијата што дел од менаџерите не се доволна мера образовани и од теоретски и од практичен аспект од доменот на финансискиот менаџмент и финасиското одлучување.

За надминување на овие состојби кои се присутни во нашето туристичко стопанство потребно кај туристичкиот менаџмент да постои спремност, особено од страна на врвниот менаџмент за ангажирање на млади менаџерски тимови кои имаат посовремени сваќања, одредени креативни идеи и способност да се прилагодат на современите трендови во работењето и да имплементираат современи аналитички научни методи на работење, посебно во делот на финансискиот менаџмент и финансиското одлучување.

Литература

Бунташески, Б., (1994), Социо - психолошки проучувања на активностите на посетителите во туристичкото место, Просветно дело - Скопје, Скопје;

Бунташески, Б., (1995), Психологија на туризмот и угостителството, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за туризам и угостителсво - Охрид, Охрид;

Gud, V., Het, P, (1966), Metodi socijalnog istraživanja, Beograd, изнесено Според Бунташески, Б., (1994), Социо - психолошки проучувања на активностите на посетителите во туристичкото место, Просветно дело - Скопје, Скопје;

Larry, R., (2002), Disentangling the Incentive and Entrenchment Effects of Large Shareholders, Journal of Finance 57, December;

Spitler, R., (2005), The New Survival Skils, ABA Banking Journal 97, February, 58 -62;

Стојановиќ, Т., (1990), Анализа на работењето на претпријатијата, Сојуз на сметководствените и финансиските работници на Македонија - Скопје, Скопје;

Todorović, A., (1978), Metodologija istrazivanja slobodnog vremena, Savremena Administracija – Beograd, Beograd, 51, изнесено според Бунташески, Б., (1994), Социо - психолошки проучувања на активностите на посетителите во туристичкото место, Просветно дело - Скопје, Скопје

.

УДК: 338.486.21:351.755.61]:303.4(497.7)

ADMINISTRATIVE BARRIERS AND TOURISM: THE CASE OF THE MANDATORY REPLACEMENT OF TRAVEL DOCUMENTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Katerina Rangelova[1], Milena Taleska[2], Dejan Iliev[3]

[1]Reservation and sales agent, Travel agency 'Aurora Tours', Skopje; Postgraduate student at the Institute of Geography, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, rangelova.kate@gmail.com

[2]Full time professor, Institute of Geography, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, milena.taleska@pmf.ukim.mk

[3]Full time professor, Institute of Geography, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, diliev@pmf.ukim.mk

Abstract

